РАСТ

КНИЖЕВНОСТ

●

УМЕТНОСТ

●

КУЛТУРА

●

Број
12-13

Битола
2015

Р А С Т

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Издавач:
Битолски книжевен круг – Битола

За издавачот
м-р Зоран Пејковски

Редакција:
м-р Зоран Пејковски, главен и одговорен уредник
Кире Неделковски, заменик на главниот уредник
Весна Мундишевска-Велјановска, уредник

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008

Битола, мај 2015 г.

E-mail:
spisrast@yahoo.com

Списанието „РАСТ“ излегува со финансиска поддршка на
Министерството за култура на Република Македонија

ПРОЗА

ВЛАДИМИР КОСТОВ

АНАЌЕ

Во темниот агол од Богородичната црква во Париз, со рака врежан во ѕид, Виктор Иго наишол на грчкиот збор АПАГКН што значи судбина. Тој збор му дал поттик да го напише романот „Богородичната црква во Париз“. Истиот тој збор, со истите грчки букви јас го најдов на еден исчаден ѕид во Спиталјето (хоспитал) во Битола. При играње на „криеница“ со другарите во разурнатата и изгорена француска војничка болница за време на бомбардирањето на Битола од страна на артилеријата на „централните“ сили вкопана на Пелистер за време на Првата светска војна, во играта бев се потрел на еден ѕид и со плеќите ги избришав нафатените саѓи на него. Кога од страна на другарите ми беше свртено внимание на тоа, јас се обѕрнав кон ѕидот и го забележав тој збор кој, бидејќи врежан со грчки букви, не можев да го прочитам. Важна за мене играта, истиот момент заборавив на него. Избришан од мојата меморија, кога, неколку години подоцна, го сретнав на првата страница од „Богородичната црква“ на Иго, кога зедов да ја читам, го обновив во сеќавањето случајот поврзан со него. Тој збор преведен во фуснотата како „судбина“,толку ме заинтригира што решив, иако веќе момче незаинтересирано за детската игра „криеница“,пак да се вовлечам во Спиталјето. Дење тоа вриеше од деца, а ноќе од љубовни парови и лилјаци. Сега, иако дење, на местото, кон кое бев упатен, затекнав љубовен пар. Се повлеков. Но не го напуштив кругот на Спиталјето. Чекав љубовниот пар да се повлече па јас да настапам. Додека чекав, се загледав во тоа огромно здание на кое ѝ стрчеа само ѕидиштата. Иако безброј пати во игрите сум се завлекувал во него, сега за првпат го гледав однадвор со што се потврдуваше вистината дека не очите, а умот гледа. Ми се виде како страшилиште, како огромен раскрилен лилјак. А кога со умот го видов тоа што се случувало во него како болница и кога тоа го поврзав со зборот судбина, се најдов потресен. Пред мене излегоа слики со ранети војници на болнички кревети, и чув болни извици, лелеци и бладања, повици по Бога: „Мон Дје! Мон Дје!“ Поврзувајќи ги тие повици по Бога со зборот

судбина, значењето на тој збор, кој апстрактно го сфаќав, почна да си добива во мојата свест конкретно значење – застрашувачко, фатално. Но пак со своето тајновито значење се појави кога одново застанав сроти ѕидот на кој беше испишан, – од триењето на плеќите во игрите на детството и младоста речиси избришан, но сепак читлив – и кога го поврзав со судбината на тоа што го испишал. Само што истовремено се најави и шанса да се разоткрие неговата загадочност која ја даваше податокот што дополнително го открив: Името и презимето на авторот на таа загадочна графема како и неговата адреса, испишани со поситни букви на француски јазик: Victor Huqo, rue: „Jeanne d`Arc", nombre 16, Saint Germain, Paris. *Дали името Виктор Иго беше наведено како име на цитираниот збор од романот на истоименио автор или тоа беше име на херојот од мојот роман кое се совпаѓаше со името на славниот француски писател? Зашто јас од тој момент во врска со потпишаниот на ѕидот во Спиталјето, по примерот на Виктор Иго почнав да измислувам за него роман, да ја разгатнувам тајната поврзана со неговата судбина. Но колку тој роман кој, со текот на времето, во мојата имагинација зеде широки размери, се совпаѓаше со неговиот реален животен роман? Колку неговата судбина на француски војник во Првата светска војна се совпаѓаше со неговата судбина на човек? Сите романи се тоа – описи на судбини. Некои носат и такви наслови: „Судбината на човекот“ од Михаил Шолохов, „Човечка судбина“ од Андре Малро. И „Човечката комедија“ на Балзак, со сите сто романи во неа, тоа значи – човечки судбини. Дури и „Божествената комедија“ на Данте е тоа, во толку побргу што во неа повеќе отколку во кое било друго дело одекнува лелекот на луѓето: „О мон Дје!“ О мон Дје, дали некогаш ќе допатувам во предградието на Париз Сен Жермен, дали ќе зачекорам по улицата „Жана Д'Арк“, дали ќе застанам пред куќата со број 16?*

Почнав да се подготвувам за тој потфат. Не да подготвувам куфери и сл. За да се дојде до таа фаза, треба сигурно да поминат многу години. За тоа време требаше да созрее мојата младешка идеја, а и да го напишам претоставениот роман на францускиот ВОЈНИК според сопствената имагинација за да можам да го споредам со она што како животен материјал ќе го сретнам во Сен Жермен. За тоа време требаше исто така да пронајдам и свој сопатник – на патот до Сен Жермен и назад, и кој ќе ме следи низ животниот пат до крај-

ната станица од која враќање назад нема. Почнав систематски да го изучувам...

Веројатно францускиот јазик. Тие три листови, пагинирани од број 1 до број 3, истргнати од училишна тетратка и рачно испишани, беа сè што од анонимен испраќач ги добив во препорачана пратка по пошта. И уште еден, четврт лист само со неколку испишани реда и со недовршена реченица, пресечена насреде збор. Хартијата на тие листови беше чалдисана, по краиштата подгорена од оган, освен четвртиот лист кој беше чист, но ете во поголемиот свој дел празен. Тој одеше со бројот 76. Текстот во него гласеше:

Белокосата старица преку отворениот прозорец ни се обрати на македонски јазик:

– Кој го барате?

Упатив прашален поглед кон жена ми: „Добро ли чув?“ Изненадена што неочекувано старицата ни се обрати на македонски јазик, со истото прашање беше загледана во мене и жена ми. Откога нè мина првиот бран на изненадата, ѝ одговорив на старата жена на македонски:

– Да, се интересираме за Виктор Иго, ако тоа му е вистинското име и презиме на господинот што го бараме: француски водник или офицер кој ранет лежел во битолската војничка болница за време на Првата светска војна и кој на еден sud оставил податоци за себе под зборот „судбина“, испишан на грчки како во романот „Богородичната црква во Париз“ од Виктор Иго. Не знаеме дали на вистинско место се интересираме за него.

– На вистинско место сте – беше одговорот на старицата. – Само што тој чоек…

Веројатно умрел. А можеби и не, можеби уште беше жив, можеби во моментот бил излезен на прошетка или на пазар. Кој знае? Реченицата беше прекината кај зборот „чоек“, предаден како што старицата го изговорила: на македонски јазик, но во дијалектна форма, така како што се изговара во битолскиот говор.

Што друго да кажам или да направам кон ова што го направив со текстот кој го добив од анонимен испраќач веројатно со цел изгорените листови од 3-та до 76-та страница да ги реконструирам и да ги потполнам празните страници од четвртиот лист, веројатно и страниците од листовите што по него би следеле. Не можев тоа да го сторам. Најмногу што можев да сторам беше да ги ставам оние три точки по зборот со кој завршуваше прекинатата реченица на 76-та страница, по зборот *чоек*.

НИКОЛА КОЧОВСКИ

ОЧИТЕ ГЛЕДААТ, УСТАТА ИСПАЗАРУВА

Тој ден главниот надгледник и одржувач на редот и мирот во еден од повидните делови на престолнината, Лигариј, до пред самата вечер се задржа во царската палата кај својот пријател Флавиј, советник на владетелот и домаќин на неговиот двор, и само штом потчу за забавата што ќе се одржи, иако никој не спомна за некакви поканувања, се осмели и постави прашање преку одговорниот на послугата, дали би му било дозволено да му попречи на царското величество со една мала молба. А е од пошироко значење, додаде тој. Имаше желба да дојде во допир со царот, по можност што побрзо. Нерон, кој се одмораше, не беше расположен да зборува со никого, за ништо значајно, но му се виде нешто интересно во дрскоста на лицето што се сметаше за којзнае колку висок службеник на Рим.

– Што е тоа толку значајно, оди речи му, ќе го слушнам таму кај песните – одговори.

Стигна градскиот големец додека уште траеше приредбата да избрза додома и да се врати сосе жената, преубаво дотерана, а една вистинска убавина, така негувана, небаре со роса поросена, на грев што повикува, тешко одолива за многу машки погледи кога искушението ќе се поиграло да ја задржи малку подолго пред очите. Меѓутоа како префинет граѓанин, не се помнеше некогаш да стапил во конфликт овој сопруг, Лигариј, поради предизвик во врска со својата убава жена.

Пречекани беа од пријателот Флавиј и внимателно воведени до зачуваните определени столови на убаво место во специјалниот салон кај што се одвиваше приредбата.

Флавиј, пријателот, незабележливо му шепна дека царот е отспроти, ги гледа.

Лигариј, брзоок, кому веќе не му требаше таа помош, ги остави сопругата и пријателот, сега во улога и на нивен домаќин, да ја гледаат и слушаат програмата, кратко кажувајќи му дека тој оди, на што речиси ништо не се разбра од негодувачкото исшепотување на пријателот. Но единствено што стори Лигариј беше да погледне уште еднаш во лицето на сопругата, неба-

ре да се посоветува со него... и толку беше. Зашто тоа беше миг на потврдување на некој вид богато свое чувство...

Местото каде што седна Лигариевата жена, зазрачи со убавина. Нерон, царот, навреме сето тоа го виде, и таа убавина беше нешто под чие што дејство веднаш потпанда, не успеваше да си ги оттргне очите. А ете, таа чудесна привлечност што му ја посети палатата, сосем добро му зафати место во погледот, само малку искосен: како да мирува! Желно задиша... По лицето, и неприкривано, му се развлече убав, благ насмев... Тоа го забележа граѓанинот што веќе стигнуваше, па му требаше да совладува еден нагол импулс на забрзување на одот, толку посилно пливнат од возбуда, дека покрај царот немаше царица, сам беше дошол. Но токму тогаш една грубо испружена рака го сопре, пред сосем да му се доближи.

– Викнат сум од неговото величество – го даде објасненето.

– Ако. Во ред е. Пушти го, – се вмеша самиот Нерон, кој веќе престана да ја слуша песната што се пееше.

Навистина беше добро обезбедено: покрај двајца стражари однадвор кај вратата, имаше уште четворица однатре, а и плус, по некој меѓу седнатите, позабележлив.

– Добар наш царе, сум задоцнил, простете. Побрзав додома да ја доведам и сопругата... ќе жалеше после што не била на велелепниов концерт во ваша чест, а случајно се погодив попладнето кај вашиот домаќин Флавиј кој ми е добар пријател...

Нерон пак го потскршна погледот во доскорешната насока, да го види божем Флавиј, а всушност да се галне уште еднаш од таа пресвежа убавина! Па поднишна мошне кусо со раката, здржувајќи се сепак позабележливо да посочи:

– Таа ли до празниот стол? – праша, иако непотребно, а очите му беа веќе убаво потсветнати.

– Да, ваше величество, таа... Можеби и да сум згрешил, – се извинуваше понатаму.

Нерон сакаше кога некој му помагаше во тоа што му беше потребно.

– Напротив, многу убаво си направил! – И пак осети подгон, барем колку за едно трепнување да ги сврти очите во онаа насока, но си нареди на себе овојпат да издржи. – Седни де? – и тој се поднишна со некој дел од телото, како да сакаше да му обезбеди место, свртувајќи ги очите кон жената, небаре да беше можно токму со тоа да потврди дека вистината ја кажува.

Но не требаше толку да се мачи, се најдоа одеднаш две места ослободени од лица седнати во непосредна близина, со љубезни, речиси прошепотени нудења:

– О, само повелете, повелете седнете. Извинете...

– И пеењето што го слушаме е прекрасно, но зборовиве што ги слушнав од вас, величество, ме исполнуваат со уште поубав блесок во душата, кој ќе го помнам...

Нерон, затечен во момент на веќе угодна предрасположеност, го сеќаваше воздржувачкото заобиколување на човеков.

– Да... да... – рече самиот. – Ваква атмосфера и за мене е слабост. Особено пријатна. Сметај допуштено: знам дека имаш нешто да прашаш, – му помагаше да се ослободи, со едното око незабележливо побарувајќи го повеќе пати она место.

– Можеби и да не е нешто толку посебно... но сепак, сметам, многу почитувано величество, – фати да одговара граѓанинот службеник со некако чудно ангажиран ум. – Таков сум ете: не ми излегува од глава случајот со прокураторот на Дакија, сиромав, умрел, чув... Жално, велик наш царе...

– Е што сега! Ако ние жалиме за нивниот живот, во сите провинции... – во истиот миг изнегодува Нерон.

– Сосем точно, величество. Ама сепак... за тој народ таму... жално. Останува без свој прокуратор.

Нерон го изгледа троа време неподвижно, но таму отспроти имаше нешто што го натера да си препорача стрпливост, па не дозволи оваа средба така брзо да прекине.

– Не ги оставам јас без прокуратор – тој малку се поистегна, исправајќи се поназад во седиштето, како во поле кое не беше во досегот на службеникот.

– Чудна ми е душата. Не ми дава... Избрзувам... избрзувам секогаш кога е во прашање некакво жртвување... За општото добро... – Лигариј мислеше дека успева да се искаже донекаде.

– Продолжи, – го чекаше понатаму царот.

– Па тоа, ваше царско величество. Не би жалел да се лишам... да се оддалечам од удопствата на славниот Рим, кога би можел да му помогнам на тој народ таму...

Дали сочувствениот човек, или најверојатно, престорно сочувствениот, и покрај незадржливото шеткање на неговиот, царевиот поглед, уште не го забележал што му е нему најинтересно? И го поттикна својот службеник:

– Да? Кажи?

– Па, прокураторско место, ама... далеку... За кое жртвата би била Рим, домот... – Лигариј како да се тепаше во своите мисли, а гласот, во амбиентот на пеењето што продолжуваше, не му беше ни наполку толку слушлив како на Нерон, кој сосредоточен го слушаше.

– И? Велиш...

– Па да: – како да одмеруваше или се согласуваше човекот,–одвоен живот од жената, нема друго...Таа не може без Рим.

– И велиш, ништо помалку туку прокураторско место?... – веќе живнато му одговори Нерон.

Лигариј го исчекуваше. Не му беа доволни само недоскриените негови погледи по жена му.

– Да ти дадам прокураторско мосто... А ти од своја страна, како вратка?

– Па ја спомнав жртвата, величество. Тоа од кое би морал да се лишам... Се знае што значи одвоен живот од семејството... само ретки доаѓања дома, видувања, и колку можат тие да значат...

И го влечеше тоа Нерон, и му се домачи од недоискажаности.

– А да ме помоли за тоа место жена ти? – кај зборовите „тоа место“, тој со гест и на двете раце покажа кон човекот Лигериј.

– Молам?

– Велам, да потврди дека е согласна со барањето: не би сакал со моето решение една таква жена, нели, припадничка на водечкиот општествен слој, да страда после. – Тој намерно и доволно ласкаво се искажа, спротивно на својот обичај.

– О величество, царе наш толку добар, таа би била пресреќна, – искажа промислено, но со стишен глас. – Вие би ја израдувале многу!

– Јас не го погазувам зборот. Приредбата ќе заврши... нека повели...?

– Добро, добро, величество! Сосем... ќе ја доведам... И така сакав малку да ја оставам на сопствена грижа, колку за промена, што се вели... Па нека види...

Повеќето зборови ги додаде за да нема двоумење: нема да ја поведе со себе.

Ова беше посакувано да биде резултатно, и од едниот и од другиот, со таа разлика што царот како да сеќаваше напати во себе извесен остаток... нешто блиско на рамнодушие, но кое, се-

пак, немаше влијание на сериозно заникнатото интересирање за случката што ете тргна да се одвива, а која што, во истото време, со непосенчена силина подејствува на смело претприемчивиот, не толку возрасен колку искусен Лигариј.

При извесни договарања зборовите, обично со јасна своја содржина, облечени во специјални кошулки изнајдени од човечката итрост, веќе како да почнуваат да ја губат својата јасност, но затоа добиваат едно сосем друго, ново значење, и тоа со најјасна разбирливост, цврсто прифатена.

Утрешниот ден, значи, високиот римски службеник ќе се појави тука, да добие решение. Веќе станат од отстапеното седиште, замина, вистина со доста големо уважување отпратен од царот Нерон, оти му се допадна и оти очекуваше сега сепак задоволство. Забавата уште траеше па на Лигариј му требаше да се совлада во својата нестрпливост, да почека, успевајќи со мошне стивнат глас да ја запознае жена си во најглавни црти. Останува-ше допрва „да се видат“, се разбира, според желбата на оној, чии погледи таа веќе возбудена ги беше доловила. Убаво Лигариј го знаеше гладот на жена си по промени. И затоа не остана воопшто излаган во своето очекување од неа. Уште истата вечер, откако заврши мешаницата со приредбата, тој и сопруга му беа пропуштени од чуварите во палатата, сè до приватниот царски влез. Но тука беа спречени од последниот стражар:

– Граѓанине, внатре е можно да влезе само едно лице.

– Да, госпоѓата... Јас само ја доведов.

Стражарот ја отвори вратата и со најголема почест и внимание ја воведе жена му па затвори однатре.

По кратко чекање на Лигариј, стражарот пак ја отвори вратата и видувајќи го уште тука, му кажа дека пред оваа врата не смее да се чека. Салонот треба да е празен.

– А каде смеам? – го праша Лигариј.

– Дури надвор, пред палатата, и тоа на спротивната страна од улицата.

– Тогаш таму ќе почекам. – А подолго време му требаше да почека.

Меѓутоа, времето му мина незабележано. Живо му надојдоа куп размисли. Поволни, убави.

Му ветуваше вечерашниот почеток. А тоа беше сета негова замисла:

Колку за едно такво, на изглед слатко залаче, со кое веќе и други се потсладувале, и со кое доживува веќе не мал степен

на одбивност – зарем ќе му недостига избор на невидено богата, дури шаролика замена, нему, со неговата докажана заводничка репутација, а особено со блесокот на највисоката власт сред еден народ, и моќни секакви, па и економски контакти со најиздигнатите луѓе во сета таа средина!... Кое значење може да го има за него и за неговата иднина оваа Актеја, која досега ниту едно дете не му подарила! Да, таа, вистина уште на двапати порано му послужила со својата убава женскост во неговото брзо издигнување по скалилата на повисоката кариера – но дали за него тоа го направила, или за себе? Кој може тоа да му го потврди! И овојпат, еве ја, токму тоа го сака и го прави, небаре гладна кобила што се напасува сред широка ливада полна со пастуви!... Само да му помогне царов, овој љубител на секакво женско, како што веќе има потчуено... Навистина, сепак троа неизвесна иднина – но само троа. Ееј! толку висока власт, а ваму во прашање е тој, еден Лигариј, кој што никогаш не губел време со нерешителност и колебање... Како не се исплаќа! И овојпат се исплаќа, и тоа со многукратно поголема добивка!...

Меѓутоа, и самиот распоред на времето на царот Нерон остана изменет. Убаво тој, уште кога беше втасан од прошетката па се одмораше, се прашуваше дали да порача по Требониј да му набави однекаде вино, за да може добро да го смири своето разнишано расположение, ама ете, едноподруго наближија да се случуваат работите, та на крајот и големото чудење во кое како да пропаѓаше... ама беше тоа убаво пропаѓање.

Вистина: како што дојде до него најавениот сопруг Лигариј, колку поразјаснет му стануваше неговиот предлог, толку му бидуваше и позачудлив, ама го спречуваше да ја слуша музиката, во која се менуваа песни и свирби.

И сега, кога очекувањето го фрли заедно сосе неа на креветот, истрчано израснуваше во воздухот наоколу драгоценоста, во целата широка соба, немаше кога ни да се мисли на признание дека жената навистина заслужува да се даде за неа провинција, ова нешто беше толку неочекувано! „Мене навистина ме служи среќа“, си рече, среќата со уште незнаено нити помислено име се покажа многу повредна од некакви си невешти девојки плашливки, позаслужена од својата женска страна: знаеше да ја испива силата на страста од него. Имаше некоја грациозност, чудна раскошност во начинот како го поземаше и наклаваше на себеси, повлекувајќи со рацете, не толку кревко, одоздола нагоре дел по дел од неговата снага, и потоа оставајќи си

ги и понатаму така, добро обвиени и притиснати, да потрае тој галеж на дланки и цели соголени раце по младото мускулесто тело, кое небаре опиено го дочекуваше сето тоа. И му доаѓаше една мисла, таа како да не дишеше воздух, како да ѝ се заситуваа градите со прекрасна арома од цветна градина сред која се нашла... И навистина прекрасно ѝ мирисаше телото, тој тоа успеа конечно да го открие. „Да не е и таа божествена?“ му потсветна мисла.

– Сакам да те видам!.. – воскликна одеднаш, одлепувајќи ги усните од нејзината снага. – Почекај малку.

Така им се случи: во недоисчекувањето кога влегуваа во спалната, ни свеќата на посебниот висок свеќник одложен покрај прозорците, не стигна да ја запали. Зашто светлоста од малото претсобје неодвоено со врата, која секоја вечер редовно се палеше, допираше само како слаб полумрак до нив, до раскошно обградениот кревет со ретко убави завеси одгоре до подот.

Извлекувајќи се за кратко, Нерон ја запали недалечната свеќа и ја придоближа уште малку светлоста што убаво блесна, за да ужива.

Забрзано довршувајќи ја таа работа, искористувајќи во тие мигови и да ја праша како се вика, зачекори кон толку среќно откриениот извор на свое задоволство: Актеја! чудесното име Актеја!

И тогаш, – о, му се испречи спротивноста пред очите, или многу поточно, сличноста, блисковидноста. Првата кошула на белото тело на женава беше црна, каква што носеше и мајка му, и тоа не само тогаш во бањата, му беше паднало тоа в очи и други пати...

„Да?“ се прашуваше, непоколебливо уверен дека женава сигурно, кога требаше да излеае од дома знаела к а д е ја носи мажот.

„Да?? Тоа им е некое такво облекување со кое веруваат дека подопадливи ќе бидат примени во прегратката на маж...“

О, мори жено, што не си облекла светло, како што прават девојките, мори жено сè си расипала!

Се силеше, се принудуваше – и дури успеа, кога почна да мисли со голема омраза за женава. Ја штипеше, ја кинеше, ја бацуваше, доживуваше некоја чудна состојба на страст која што свива, прекршува, казнува, се одмаздува, без оглед што кревкото тело повикуваше на нежно втопување во него...

Ја бакнуваше, устата ѝ ја испиваше – камо и крвта да ѝ ја смукнеше... без живот да ја оставеше...

Задишан, издржа, постигна, не го осуети првобитно намисленото, уште таму во салонот кај музиката и разговорот, поправо договорот со маж ѝ.

Час беше со неа, – го притискаше телото на росната жена (како и што си ја викаше додека не ѝ го дозна името), час беше соочен со слично похотната жена која сметаше дека е многу заслужна за него зашто го родила...

– Не можев да помислам дека толку жестоко. Царски. – Сепак проговори таа. И тоа како срамежливо.

– Царски ли? – само толку одговори.

„Колку ли вакви како мене си превидела!“ – продолжуваше неговиот внатрешен глас, додека во него веќе поболно тиштеше повторно надојдената вистина за мајка му, која тој, кога не ќе ја заменеше со зборот „таа“, започна да си ја доименува со зборот таканаречената: „таканаречената моја мајка!“ Тој бегаше, а вистината трчаше по него.

Беше тоа како лош подбив. Како злонамерно поттурнувано пред неговите очи нешто многу недобро, повторливо, до згорчена здодеаност разбудувано во него. И покрај сета наситка со која се беше нафрлил во новото љубовно доживување, поправо, токму сред треперењето на телото во таквиот овозможен чин, доживеа наметнат потсет на најнесаканото за кое знаеше неговиот ум: изгледот на својата, таканаречена мајка, и тоа не таа што ја гледаше во сегашното време и која го лажеше дека мисли и работи за негово добро – туку онаа некогашна мајка, која што, сигурно веќе многупати, како и вечерашнава Актеја, што се потруди со својата раскошност за него, – ја притискале, ја пригмечувале кон своите стомаци и гради, којзнае колкумина, како тој сега... И не дека оваа вечер не сакаше докрај да го изведе започнатото, туку со еден постуден, омразувачки ум, со згадливи прекинувања во телесната задишаност, се прашуваше, со така пошироко опфатлив поглед, колку е добро о в а и колку е вистинито такво какво што си го замислуваше додека му бегаа желните погледи кон неа во текот на приредбата!

Вистина беше дека тие занесливи внатрешни вжештувања убаво му помагаа во почетокот сепак да не се осврнува, нити да се предава на размисли, да ги презре сите лицемерија и сите преправања што уште од детските години талкајќи по околината на куќата ги беше одмолчил, сите зачудености и бессилија – меѓутоа каква корист, кога, без ни да предивне човек добро, одеднаш ете пак!... Тоа што му се покажа одеднаш кога повторно ѝ се

доближи при светлоста, беше толку слично на она з н а е н о што го правела една божем мајка, темно соголена и високо наднесена над коритцето со бањска вода каде што и него го беше донесла да се искапе... наднесена, не кон тоа дете, тој мал Луциј, кој можеби беше и заборавен таму во водата пред неа... Една туѓинка, ама многу туѓа туѓинка закинисана по ништо друго туку самазасебе со желбите во тоа тело што ете такво изгледало голо, незапирливо обдадена кон посебно исполнуваните ноќи уште мачно сфатливи за децата, ноќи многу збунливи и многу вознемирливи, осамливи, осиромашливи за душата и умот... така што веќе престануваат да бидат тоа, ни душа ни ум, зашто тоа... та душа та ум, им прилега само на тие што се ситни мравки и што се согласни да бидат пред очи лажени!

И не доиздржа, тоа толку се мешаше едно со друго, така што во еден не многу доцен миг го прекина должењето на играта на жестокостите, со кои сепак не можеше да се избега од надојденото најново разоткривање, потврдување, му остана само тажникавата, увилена задишаност кога ѝ рече на жената: – Доста, Актеја! Да порачам да те однесат дома.

– Лигариј, мажот ми, рече дека ќе ме чека негде тука блиску.

Тогаш тој го испрати стражарот од пред влезот на големиот, исклучиво приватен дел на палатата: нека оди накај излезот, и низ дворот, сè до улицата, добро да погледа, „да не се задржал некој човек тука“.

Брзо се врати истрчаниот стражар, тропна и влезе, сепак не пречекорувајќи во самата спална, веднејќи ја скоро сосе рамена главата, како ништо друго да нема за гледање: – Да, величество, има еден господски дотеран граѓанин, на самиот раб на улицата, седнал со поткренати колена.

– Оди доведи го! Немој јас стопати да те праќам тебе...

Дојде господски дотераниот човек, тој беше, си ја прибра рака под рака жена си, и си замина одведувајќи ја. Добро, но само едно му паѓаше криво: „Зошто така се случи. Ќе беше добро стражарите ова да не го видеа.“ Но сепак, во изглед беше голема добивка... Ништо гласно не изрече.

(Извадок од романот „Чекори накај боговите“)

ПЕТРЕ ДИМОВСКИ

ЗБУНЕТИ ПЧЕЛИ

Се чувствуваше тежина во воздухот. Доаѓаше од некое нарушување на атмосферскиот состав и притисокот. И замајуваше. Создаваше чувство на лебдење над сон. Ленка во текот на ноќта спиеше малку, преземена од мисли што натежнуваа над животот и посакуваше сега да дофати сон, да завлезе во него и да се опушти за да ја одмори душата. Сонот се чини веќе паѓаше над клепките. Влегуваше во свеста и ја подземаше. Но доаѓаше со некоја бучава. Како целиот воздух да е исполнет со натежната бучава од која одгласува просторот. И како да не се случува тоа надвор од неа туку е збрано во неа и надоаѓа како надојдена река. Низ сето протекување на реката бучавата останува присутна. Ленка не можеше да открие од каде во сонот таква бучава. И, ако е влезена во сонот, како вистински го чувствува ветерот што надоаѓа од сите страни и ја развева? Дури како да ѝ паѓаат на лицето одронати цветови од дрвја. А се сепнува. Од каде река и бучава, ветар и цветови кога таа е легната на својот кревет?

Се исплаши да не не е во креветот.

Беше на креветот. Но мислата ни миг не остана во креветот. Не остана ни миг повеќе ни Ленка. Искока и, се најде среде зовриен вител. Завлезе во страшна виулица. Таа дува, црнее и јачи. Во ужас, каков не почувствувала во животот, Ленка се откри во средиштето на… препозна веднаш: жив рој од пчели. Пчелите опкружуваат, летаат, брмчат, а таа е во својата одаја, во својата куќа каде не се случувало тоа. Во осумдесетте години од животот тоа не го видела, ниту го слушнала некаде. Од никого не беше кажано дека било кога се случило.

И пчелите беа збунети колку и Ленка. А токму стравот од нивната збунетост ја наголемуваше опасноста. Ленка се созе-маше да се присети дали почувствувала некои уботи, се стрпуваше да истрае во смиреноста да не предизвика одбрана и размавнување, што би ги вознемирило пчелите, што би ги налутило, би ги поттикнало за напад. Знаеше дека ако се случи напад, ќе остане мртва во средината од својата соба. Затоа мируваше. Сега мируваше и гледаше, будна и свесна каде се наоѓа. Беше мај, време на цвет и бујност и време на роење на пчелите. Овој

рој, кој го бара својот дом, по грешка, мора да се случила грешка, инаку зошто својот дом би го барал во нејзиниот, по грешка влегол во нејзината одаа. Но низ што? Ленка ги имаше затворено и вратата, и прозорците, и сите отвори. Не од пчелите. Тие никогаш не ѝ биле гости, но ги затвораше од досадните муви и брмчливите комарци кои често стануваа напаст. Не можеше да нагоди од каде дошле пчелите. Како се вовреле во нејзината куќа. Тие беа мали, ситни, низ најситен отвор би влегле, но тие се многу, рој. Низ мала дупка цел ден би се провирале и не би се допровнале. Знаеше Ленка дека рој не влегува во толку мал отвор. Рој не влегува ни во куќа, ни во одаја во која друг живее. Но ројот пчели влегле. Тука се. Опкружуваат, брмчат, дуваат ветар со крилјата, лазат по лицето на Ленка а таа скаменето неподвижна ја гледа својата смрт. Иако низ животот имала искуство со пчели, се случувало да ги зафаќа со грсти пак да не пејаваат осило, знаеше дека тоа се случувало таму каде што било нормално да се случува. Овде не изгледаше ништо нормално.

Пчелите ѝ лазат по очите, ѝ се затвораат клепките да не ѝ влезат под клепките, затворена ја стега и устата и, одеднаш ужас. Една се обидува да влезе во носот. Тоа ќе биде за неа крај. Колку подлабоко ќе навлезе толку ѝ е поверојатна смртта: ќе ја попречи во дишењето, ќе ја надразни да кивне, пчелата ќе убоди. Тоа ќе ја подвижи лавината која одеднаш ќе ја поклопи. Истрајува да не диши, да ги сопре сите подвижувања. А пчелата не се откажува. Чепка пред отворот од носот, пред влезот во неа, ја скокотка, ја предизвикува. Ленка дува воздух да ја оддувне, да ја истера, да ја одврати од намерата која за двете ќе биде сигурна смрт, но во тоа не успева. Пчелата го издржува ударот на струјниот ветар и повторно започнува да чепка со нозете, со пипалата. Раката трепери, се згрчува, не може да се спротивстави на наредбата да не интервенира. А ако се подвижи, ќе ја подвижи и лавината што е свисната над неа. Се стегнува, во сиот свој грч Ленка ги стегнува надолу мускулите од очите, ги накрева нагоре мускулите од усните, се обидува да ги затвори ноздрите, и додека го прави тој обид, не дише. Мускулите на ноздрите не можат да се затворат целосно. А мора целосно да се отворат, зашто го запрела воздухот, кој сега градите неиздржливо го бараат за да ги наполне повторно. Воздухот неконтролирано јурнува внатре. Со повлекувањето ја повлекува и пчелата. Таа заглавува во носницата, заглавува, збунета и распретана и во истиот миг кога Ленка го почувствува болот од убодот дојде и на-

гонот да кивне. Силниот удар на воздухот ја исфрли пчелата во просторот.

Низ ушите ѝ мина силен звук на брмчење. Но… се изрази како да излегува од ушите, како да истекува, испразнува, оставајќи ја тежината на притисокот внатрешно во неа.

Кога ги отвори очите, виде дека пчелите одлетуваат. Да! Низ единствениот отвор кој остануваше незатворен. Излегуваа од одајата низ отворот на оџакот.

Набргу во одајата немаше ни една пчела. Освен таа на подот која откако го заби осилото падна мртва.

Ленка сфати дека ќе живее уште. Опасноста беше минато. Само на влезот од носот ја печеше нанесениот убод. Но беше безопасен.

Имаше чуено дека изменетите времиња ги збунуваат живите суштества. Ете ги збуниле и пчелите и ненамерно ѝ дојдоа на гости.

Им заблагодари што сепак беа пристојни гости.

ЗОРАН ПЕЈКОВСКИ

СЕРАФИМ И ПРОФЕСОРОТ

Утро.

Се расшетував низ главната улица пред да отидам во ресторанот на Драги и да го пијам утринското кафе. Овде атмосферата ми е толку убава, а луѓето што работат со позитивна енергија и секогаш насмеани. Знаат да те дочекаат, знаат да те испратат, а јас не можев, а да не помислам да го видам Драги кој ми беше близок како брат, бидејќи кога легнав на смртната постела беше единствениот кој ја виде мојата смрт во моите очи. Само со него можев да поразговарам за сè, и на различни теми.

* * * * *

Па така, одењето во ресторанот за мене беше цел еден ритуал. Но, само што се доближив, внатре, во еден агол ги здогледав двајцата мои пријатели Серафим и професорот, како задлабочено разговараат. Па, познавајќи ги и обајцата им пријдов, ги поздравив, и тие мене, и ми понудија да седнам со нив.

– Седни, – ми рече професорот, – од тебе нема што да криеме, бидејќи ја знаеш темата на нашиот разговор.

– Седни, – ми рече и Серафим, – ќе ми треба твоја поддршка.

Седнав, а келнерот веднаш притрча да ме послужи со задолжителното утринско кафе. Овде никогаш и не ме прашуваа што сакам да пијам, бидејќи секогаш знаеја што и каков пијалок пиев во текот на денот. Седнав и ги слушав.

– Ве уверувам, професоре, дека веќе не станува збор за никакви стари спомени, само не сакам да се пишува за тоа. Јас сакам само да стигнам до неа како професионалец, – му рече Серафим на професорот, знаејќи дека тој е постојано со Ана.

– Ха, ха, ха!!! Велиш како професионалец, – се засмеа професорот. – Сега ќе го спасуваш градот и од неа, а сè уште не си сигурен дека сам си се спасил од нејзината опсесија, – му додаде професорот.

– Знам дека сте во право, професоре, но овој пат сосема сум сериозен и ја барам вашата помош и поддршка, – му рече

Серафим на професорот, кој додека ја гаснеше цигарата во пепелникот си играше со него.

– Не може човек да го истерува ѓаволот, ако не е сигурен во силата на сопствената вера и во својот бог, – му се обрати на Серафим професорот, кој ја подигна раката и го повика келнерот да нарача пијалок и појадок.

– Професоре, друг пат ќе зборуваме за филозофијата, сега не е време за тоа, – му се обрати молбено Серафим на професорот.

Наеднаш дотрча момчето кое што нѐ послужуваше, нарачавме и за појадок, а во меѓувреме ни донесе утрински пијалок за да го разбркаме мамурлакот од себе, и продолжија дебатите. Одвреме-навреме ќе се вклучев и јас со поддршка и за едниот, и за другиот, кога ќе оценев дека некој не е во право.

– Јас со моиве години, веќе не сум за борба, мене ми преостанува само едно од почесните места во гледалиштето на еден несреќен натпревар, – ни рече професорот, од кој се гледаше дека му натежнале годините, па ревносно го следи остатокот од животот.

– Вие сте сепак опседнат од песимизот, – му реков јас на професорот, – што никогаш не ви бил својствен на вашите досегашни ангажмани.

– Реков „несреќен натпревар“, токму затоа што јас не можам да учествувам во него, ниту пак да го следам до оној круг, во кој поените ќе го сочинат позитивниот резултат, – ни објасни професорот, малку со груб глас.

– Да ве прашам директно, професоре, – му се обрати Серафим, – зошто упорно го заобиколувате она што јас го барам од вас?!

– Моето „заобиколување“ би требало да биде најдиректен одговор. Тоа што ти, момче мое, не го прифаќаш, значи само дека не си подготвен за тоа што треба да го сториш, – почна да објаснува професорот со желба да нѐ прекори и убеди дека не сме во право.

– За прв пат во животот подготвен сум да соработувам со сите мои блиски и пријатели, и затоа, сметам дека нема потреба да се чепка нечепнатото, но, затоа треба да се расветли една вистина за смртта на двајцата, – рече Серафим, дополнувајќи. – За прв пат почувствував дека патот што бев сум го избрал многу одамна, си останува моја судбина, – заврши тој.

Ги испивме кафињата, го изедовме појадокот и пијалокот го испивме, па келнерот веднаш ја расчистуваше масата која навистина од преспецифичниот разговор стана претесна за сè.

– Во тој случај не ти преостанува ништо друго туку да се соочиш со потребите и проблемите, – му реков на Серафим.

– Ако некогаш можев да жртвувам сè за една цел што немаше перспектива, сега ќе го сторам тоа што е неопходно за еден нов почеток, – на обајцата ни рече тој, лут, не само затоа што не можеше да го разубеди професорот, туку и затоа што воопшто не му помогна.

– Значи, планот е готов? – го прашав јас.

Серафим ништо не рече што би можеле да го слушнеме, само промрморе онака за себе. Мирно го извади мобилниот телефон од надворешниот џеб на сакото и најпрвин му се јави на јавниот обвинител, а потоа и на претседателот на судот, чие што „досие“ сè уште не беше јавно, но едно копие Серафим чувал и за себе. Па и на двајцата им закажа средба и разговор во „Висок рај“ на Ана.

– Одам јас, – стана, се поздрави со нас, на келнерот му остави пари за тоа што го нарачувавме и замина. Пред заминување уште еднаш ни се обрати.

– Одам во Централните градски гробишта на „разговор“ со оние двајца што гнијат под земја, – и замина.

Во ресторанот останавме само јас и професорот.

– Изгледа не знае колку ризикува, ама се чувствува подготвен за тоа, – констатира професорот, па потоа и ние излеговме од ресторанот.

*** * * * ***

Наеднаш ми се причини дека небото беше бистро зад распарчената мрежа од облаци.

(Извадок од романот „Градот на јужното море“)

ПОЕЗИЈА

РАДОВАН П. ЦВЕТКОВСКИ

ИСПОВЕД

Откако ги отворив
сите врати на твоите храмови –
добрината и опачината
посакав да заминам
далеку некаде од тебе.
И не помислував
колку многу тагуваше по мене.

А сега, кога сум далеку од тебе,
посакувам назад да ти се вратам,
фреска на повторна љубов да насликам.
Сега ти не помислуваш
колку многу јас тагувам по тебе.

ДОЈДЕН ДА СТАРЕАМ

Се искачувам над лозјето
за оттаму да гледам
во ветрот што дува
и врбите срамно ги подзасукува.

Како пред оаза да се наоѓам
дојден да стареам
без да можам нешто да сторам
нешто да изменам.

Сега ме осудува погледот
за она што не го сторив тогаш,
во зборот сопствен
што не те заклучив
да останеш само моја.

ПОД МОЈАТА СТРЕА

На четири столба те извишив,
оставајќи се себеси
за да стареам заедно со тебе.

А сега кога си готова
на кого да те оставам?

Никој не ќе може
да ми ја препознае душата
што ќе бдее над влезната врата
и ноќе што ќе ја чува стреата.

А сакам и тогаш таму да сум
под онаа моја стреа
под која многупати
се сонувам седнат со дедо ми.

Нели некогаш желбата е штура,
мене друг пат ми бара.

ОД ОБЕТЕ СТРАНИ НА ПРАГОТ

Загромоти како дожд пороен.
Јас се изусрамив...
Нареков некој збор
повеќе од тоа
и цела ноќ не спав
како во гргор од камења да бев.

Така ти било тоа...
Што да чинам
кога сум имал уште ридови
и преслапи за искачување
и кога не бев штрк
та да видам што пилило се извело.

СУШАТА, ЈАС И СОСЕДОТ

Сите дни ветрот што дуваше
ја испи влагата од земјата.
Лозите ги клапнаа ушите надолу.
Нешто ме запече во грлото
како земјата од сушата –
и за земјата
и за лозите
оти помалку ќе пееме.

Та се лутев и на соседот преку пат
кој случајно не ми рече добар ден
или некој друг збор за поздрав
ко шурка од вода да протече
да го крене провевот на смеата –
и зборот
и добрината
за повеќе да се смееме.

ШУПЛИВО ПРИЈАТЕЛСТВО

Си се вовлеков во душата
најдлабоко што можев.
Зад мене една по една
се затвораа сите нејзини врати.

Зад секоја врата
остануваше по еден од пријателите
навидум преполни со добри зборови.
Тие да ти бидат
потпалувачи на шуплива досадност
со која цело време ме опкружуваа.

Ми покажуваа реки и премини,
а зад мене ги менуваа насоките
и ги креваа мостовите
за да можат да си навратат
повеќе од тоа што им припаѓа.

На нивните навраќав и
зрно по зрно ја собирав вистината
и зрно по зрно се уриваше
душата на нивното шупливо пријателство.

ДИЈАЛОГ СО СТРАВОТ СО ОНОЈ ОТАДЕ СТЕРНАТА

Зошто понекојпат
толку блиску ми доаѓаш
и ми се кикотиш
со твојата озабеност.
Јас уште не сум застанал пред тебе.
Ако застанам
нема да го делиме патот наполу.
Ти нагоре од кај што дојде,
а јас тука
кај што ми е местото
од крајов на веков.
Или, можеби сакаш
да ги извадиме мечевите
за да нема делење на катот.
Зошто толку блиску ми доаѓаш
и кој камен сакаш
од мене да го изместам,
да го пренесам
та да ми биде под глава
со иста тежина
со оној под нозете.
Не се обидувај,
стерната е под каменот
обајцата ќе нѐ потопи.

ЉЕРКА ТОТ НАУМОВА

УЗРЕА ЗБОРОТ

Гласови измолкнуваат долги чекори
Капат како зборови на хартија
изгорувајќи ја бесмртноста

Зграпчи ја сенката
низ мрачниот копнеж!

Исцеди го узреаниот збор
низ вистинската капка!

БЕЗЗВУЧНО ОНЕМУВАЊЕ

Облик отаде, облик подалеку
живее.

Мостовите приоѓаат
Дождовното бегство запира

Низ премореното време
паѓа небото.

Бакнежот пренесува мудрост
на плочникот на страдањето

БЕГА МИГНОВЕН МОЛСКОТ

Бега мигновен молскот
Призрак опожарува насмевки
исенчени со врели усни

Отвореното око на
Афродита бдее
Молскот ја погодува
вистината на окото

ЕДНО ИМЕ БЕЗ ОДГОВОР

Набљудуван гласник
на внатрешното сетило

Проникнување
на раздиплена безименост

Тивко умирање на временската бездна
затворена во големата школка

Часкум, одвреме навреме,
отворање на школката –
бисерот – животна огрлица

Згуснува вечното засолниште
пукнатините одмотуваат
првата светлина и блесок

Среде измаглица
од растреперени созвучја
едно име без одговор

НЕСОВРШЕНСТВОТО НА КАМЕНОТ

Жеден болскот
на каменот

Сѐ е тивко
освен,
дождолецот
втиснат врз
напукната карпа.

Спроти,
дождливото небо
се шири
престорената прегратка од
несовршеството на каменот.

КОПНЕЖ

Пронајди, допри, совладај
најубавото нешто на светот –
копнежот.

Обвистинуваш врвици
низ прегратки на детските игри.

Олеснуваш придушен
заборав вкочанет
во дијалогот
на боровите иглички

Опустена грмушка
го прелистува
наназад детството

РАСВЕТЛЕН УМ

Жар осама се нурна
овенча предодредени патеки

Претсказание кружи
со земјино кружење
со пепеласт чад
таму,
каде што смртта испарува

ПРОБИЕН ЦВЕТНИОТ МОЛК

Со здивот одsвонува мирисот
Времиња преорува
Заробен плач – мислата блада
Не утре!
Денес! Чекањето застана – однеме

Пламноса предизвик
Жарчиња истури – една љубов
Раскрили сенки – листови – распев
Не утре!
Денес! Украден шум – одљуби

Сите цветови чекорат
во румениот ветер
Секавичен ѕвекот – вража
Не утре!
Денес! Ѕвони залудно – одвеа

Мислата се враќа – крикот
Обросени цветови – небо насадиле
Низ зениците – пробиен цветниот молк
Не утре!
Денес! Испиши си го животот.

ТОДОР ЧАЛОВСКИ

БАРАЊЕ СОГОВОРНИК

На Јане

Ме поттикна твојата мудра решителност
да го истражуваш и разбереш одговорно
пренесувањето на мислите и чувствата
од еден простор во друг, со јасна намера
тие да собеседат и да се надополнуваат
непоткупливо со значења и можности

Само така тие наизуст ќе ги научат
восхитот и вербата во вистината
дека ништо не се изгубило од силата
на поривот и средствата на кажувањето
со кое така ги изнедрува преобразбите
до своето замислено и конечно изречување

И како никогаш да не биле вака сетени
надежта и стрепетот на оние довици
што уверливо тревожат и успокојуваат
за неделивата поврзаност со земјата
на која ѝ ги даруваме сите одѕвонувања
сите познанства при помислата за своето

Ненадејно, небаре, со рака нѐ докоснува
вистинскиот допир со цртежот и металот
кои скришно ги осознаваме под прстите
под тежината на натрупаните спомени
во пресрет на големото патување кон морето
во пресрет на нашето длабоко причестие

Потем среде времето и срмата на годините
ги ловиме сликите на одминатото детство
патиштата што никогаш не ни се враќаат
и присно, докрај, помислуваме на целоста
чиј дијалог за животот ни создава чуда
од кои заеднички сме се збогатиле

SИДАЊЕ МОСТ ВРЗ ПЛАТНОТО

Помеѓу сега и тогаш
минува зборот
во облик на крик
во облик на миг
што ги поткрева
сетилата во нас

Влегуваш во себе
довикувајќи се
од еден до друг брег
за да не те избрише
туѓата рака
на доцното сеќавање

А светот го извива
нестрпливо твоето тело
меѓу свијоците
и уплашените ридови
под чии сенки
одново блеснува болот

Лакот што поврзува
главно две стрмнини
две непознати далечини
продолжува да нѐ памти
во мугрите и мислите
на својата бесконечност

Затоа не би се обидувал
никогаш да зборувам
без причини за водата
која ме наткрилува
штом ќе заноќам наведнат
во нејзините соништа

Оти пред окото твое
сѐ тече и сѐ се менува
дури останувaш заробен

како вечен Ахасфер
и мост речен
врз платното на денот

МУЗЕЈ

Пронижани од безброј погледи
одненадеж ја будиме причината
за оној насет што доаѓа одвнатре
и го бара нестрпливо и точно
гласот што ја премостува празнината
и одново ни внедрува потреба
за одгатка на животот и убавината

Вљубен безрасудно во нив
ја барам нестрпливо мерата нивна
стисокот пречеклив и размножен
за да ни ја дошепне судбината
на вечното барање смисла
во невидливите воздишки на сеќавањето
со кое го обликуваме и нашето постоење

Тие се тука уверливо страсни
и одвеќе непорекливо јасни
во неопходноста мигот да го обрабат
со нови допири и тајни чуденки
од кои се возобновува откривањето
на далечните раскопки на стварноста
врз кои таа никогаш докрај не се изречува

ИЗЛОЖБА

Стојам возбудливо загледан
во изложените експонати
од кои светот поинаку
и побогато ни ги соопштува
своите знаци и тревоги

Овде како отсекогаш
низ преграб со самотноста

ме чека непознатиот
а мошне драг пријател
кому не му е сеедно
дали сме биле тука
и колку нѐ имало
непознати меѓу присутните

Навидум иста приказна
но со сосема друг продолжеток
зашто тоа што доаѓа по нас
има привкус на нов концепт
и сосема поинаква поетика
во која исполнето
се чувствуваме како свои

ИСТО НЕ Е

На својот јазик лебот го јадеме
го правиме нужниот залак
меѓу светот на играта што расте
и ништожноста како последица
од презирот на болот и студенилото

Тешко е човек да ги изрече сосема
нештата што треба да ги набљудува
како предизвик на непознатото
со кое полесно се споделуваат
јазикот и сигурноста во певот

Затоа кога и да сум успеал
да засеам семиња со нов порив
секогаш стокатно ми се враќал
одгласот под капата небеска
„треба да се оди секогаш понатаму“

Така ни зборот ни солзата своја
не ќе паднат на неплодна почва
и потаму од срцето не ќе старееме
зашто отаде него и сонот ист не е
ни споменот иста радост ќе има

ПАНДЕ МАНОЈЛОВ

БОГАТСТВО

Мој народе,
народе мој,
знаеш ли
колку сум богат?
Многу,
многу сум богат!
Имам
пет гробни места:
едно,
во Арменско, Леринско,
кај коските на прадедо ми,
друго,
во Породин, Битолско,
кај коските на дедо ми,
трето,
во Мелбурн, Австралија,
кај коските на мајка ми,
четврто,
во Малме, Шведска,
кај некои идни коски
на мојот род,
и петтото,
во Битола...
Пет гробни места
за едно тело,
за еден битис,
а за душата,
за мојата душа,
само
едно
гробно место:
Македонија!
Богат сум,
мој народе,
многу сме богати!

ОСТАВЕТЕ МЕ САМ

Кога сонцето ќе се скрие,
мојата мајка
воскресната од мртвите,
срамежливо
дворот го мете...

Кога сонцето ќе се скрие,
татко ми
од мртвите вратен,
како и кандилцето,
во мојот сон талка...

Кога нема повторен живот,
најди починка во височините,
најди починка од умората,
од светлината лажна, –
ми шепнат тивко...

Оставете ме сам!
Кога сонцето ќе се скрие,
а гости од мртвите стигнат,
ве молам,
оставете ме сам…

Оставете ме сам,
како ненапишана песна – сам,
како брчките на годините – сам,
како и Македонија
што ја оставивте сама!

08. 02. 2015 г.

КИРЕ НЕДЕЛКОВСКИ

СОЗНАНИЕ

Господ ми Дава
Дел од своето време
Да бидам за кратко
Негово омилено Чедо
Да ја почувствувам
Насладата
На моќта
На говорот
Собран
Од сите живи и починати
Автори и мислители
Од сите кои значеле Нешто
Го славеле Него
И исчезнале низ новото време.
Господ ми дава Дар
Да си Изградам свој
Манастир од мисли
Со свои Светци
Со свои Маченици
Кои ќе Издржат
Барем илјада години
Да бидат славени
И
Спомнувани
Со мене
И со Него.

НЕЖНОСТИ ВО КРЕАТИВНАТА ЕНЕРГИЈА…

За целиов свет
Имам свои Резерви –
Вода и доволно Храна
Од зборови…
Постојано како да имам

Благородна
Хумана работа
Да го
Разнежувам
Суровиов свет
Да го Навикнувам
Да ја Препознава
Реката
На својата креативна енергија
Која невидливо се Влева
Во
Насладиве…
Имам
Прекрасна
Работа –
Своја
Гостилница
Со вкусна Храна

Од книги.

МОЛЧИМЕ СО ИВАН ЧАПОВСКИ

Ние сме Брановите
од Нашето Море
кое длабоко Навлегло
на Север… по Вардар…
Молчиме и слушаме –
повторно сме Опколени
од густата Војска на историјата
која сака да нѐ Зароби и Изложи
како претставници на Отпорот.
Цела ноќ не спиеме
се подготвуваме
за Главниот удар
кој ќе ни Навлезе
во соништа и песните.
Молчиме и се обидуваме
да се Извлечеме

и од овој Обрач
без последици
и да Тргнеме кон запад
кон Воден и Костур
каде сме секогаш
безбедни како Дома.
Молчиме и Пешачиме
по своите соништа
за да стигнеме Навреме
пред
поделбата на Македонија.

ИСПОСНИЦА

Доброволно сум Влегол
во својата темна Просторија
во својата изолирана Испосница
за да го прашам Господ за Нешто
за Нешто до кое се Доаѓа
само преку еден Пат од мисли
само преку еден Живот…
Ние си мислиме и молчиме
можеби Вака треба да биде
еден до друг
а не се гледаме
само се чувствуваме
дека сме Присутни
во темната Испосница
со своите Невидливи Наслади
со своите предвидени Постапки.
Доброволно сум Овде
и не се жалам
дека сум Тргнал
по Патот кој можеби нема Крај
по Патот кој Води
од мојава душа
до некој недокажан Рај
во размислите
мои и Негови.

СЛОЕШТИЦА… ПЕТРОВДЕН…

Овде е Тој
се Шета со нас
говори преку нас
гледа како Гледаме сега
како го Пиеме времето
од чардакот Гледа
колку пријатели го посетиле
колку добрини му спомнале
колку легенди заживеале…
Тој е Овде со нас
се Шета по некое Идно време
кое само Тој го гледа
меѓу буквите и мислите
меѓу Насладите го Внесува
својот измачен народ
за да ја Доживее целосно
слободата каква што ја сакал
големината која ја чекал
овде…
Тој со нас го Пие идното време
го Сонува истиот Сон
за Македонија
тој – Петре од Слоештица

БРАТИСЛАВ ТАШКОВСКИ

КАДЕ?

Каде да се вратам
кога сѐ е урнато?
Повеќе немам мирна душа
и мудроста отфрлена е веќе.
Сенката се расцепи
и живеам во половини живот.
Во едната
личам на зборовна вегетација,
во втората
на глупава строгост
и смешна длабочина.
Сега сум чучнат во стаклена одаја
и гребам песни по лошите стакла.
Насекаде прскаат зборови
а јас бројам
и правам бројници од верувањата.
Си велам:
Постојат невозможни нешта
само многу ретко се случуваат.

ПАТОТ

Како сите што ме сакале
сега и ти си ангел.
Во тоа не постои
никаква возвишеност
и сосем е неважно
дали ќе продолжам право
или ќе полудам веднаш.
Знам
нема многу вистини
но во ангелите секогаш верував.
Сега си ангел
те гледам без да се појавиш.

Еден ден
кога од многу чекорење
ќе ме скине бројницата
ќе ме фрлат на небесниот пат.
Таму ќе ме обвинат
дека сум живеел како чудак,
сум зборувал со sверовите
и сум имал лоша навика
да се вљубувам во духови.
Во тоа сум сигурен
бидејќи сите земски патишта
сам ги поминав,
ми остана само подземјето,
но не можам да одам
со главата надолу!

ЧУДЕНКА

Знам дека никој
не може да ја забрани љубовта.
Таа е голема чуденка
и по нас ќе зборува бучно
и секогаш ќе биде иста,
бидејќи нема разлика меѓу
сонцето денешно и тоа од вчера.
И натаму ќе освојува
ќе гледа со очи на добар змеј
како луѓето се навлекуваат на неа.
Љубовта е секогаш таква
треба само да сакаш
за да не заборавиш
колку си сакал пред тоа.

ПОРАКА 2

Се губам во просторот
нацртан како мапа на душата
пропаѓам и таму каде што ме нема.

Го прашувам ѕидот дали можевме
заедно да го доодиме патот?
Не се повлекувам од кажаното
ќе направам празник од самотијата.
Се вратив на бојното поле и
како татко на нашата песна
повторно посакувам сила,
прати ми армија стихови
да ја продолжиме приказната,
за да не немеам напразно
пред брзите емоции
на неродените песни.

НА НЕБОТО САКАМ ДА ЧИТАМ

Можеш со утринско писмо
да напишеш ангелски стихови
со небесен камен да ѕидаш зборови,
јас ќе читам како благовести,
а птиците ќе пеат како утрена.
Јави се на росопиецот
кој живее како утрински пленик
и фрлен во сенката на спомените
пишува полугласни приказни
за љубовта и смртта.
Напиши ми на небото
(таму сакам да го читам тоа писмо)
за оддолу да викам дека љубовта е жива,
како змеј ме чува од злото
ги брка уроците заборавени
и ме потсетува на сè:
Каде бевме
што не сторивме
за да побегнеме пред крајот.

ПОДГОТОВКИ

Сега сум ништо
бидејќи не верувам во многу нешта.

Камен сум
а ти си солзата што тркала по него.
Во оваа тага го предумав животот,
библиското *се сврши*
како воденичко тркало
постојано врти во мојата глава.
Нека врти додека преврти
нема да се сомневам
во старите верувања и емоции.
Тие се тврдината што останува,
од смртта не сум се плашел
болеста е чудо работа
а самотијата нека биде казна.
Зошто да треперам од крајот
времето е беспредметно,
останувам да се борам
да го оправдам нашиот живот.
Ти си ангел и те чува убавината
и јас се подготвувам за натаму.
Подготовките се едноставни:
да го напишам тоа што морам,
да го спојам разделеното
и да ѝ кажам на смртта
дека ја повикувам на беседење.
Таа го има светот против мене
а јас те имам тебе.

БОРЧЕ ПАНОВ

КАКО НА НЕБОТО – ТАКА И НА ЗЕМЈАТА

Го потегнав најтенкото, вжарено гранче
што шири топлина и во најтемното одајче
од оваа зима со бели распупени снегулки –
како на небото – така и на земјата.

Гранчето ја потегна гранката со плодовите
во времето во кое постоиме недозреани
ни за смртта, ни за уште едно раѓање –
како на небото – така и на земјата.

Гранката со сето време го потегна коренот,
коренот ја повлече земјата, а јас ја замолив
да ми ги прости и врати сите непостојани јас
во само еден миг од еден прекрасен ден –
како на небото – така и на земјата.

Најтенкото гранче со нераспупено сонце
го потегнав леко за да не ми застане умот
од небиднината и посакав да има иднина –
како на небото – така и на земјата...

ФОСИЛИЗИРАНА НЕДОУМИЦА

утрото ме допре со показалецот од еден ден
денот со еден миг
мигот со сето време

и трчав
туркан од показалецот пред сето време
и само телото мое
простор и време беше

како голем брод полн со зборови
сепак

ниту потопот на премолченото
не ги објаснува фосилите на деновите
во кои не успеав да ја изговарам сета неправда

и знам – на еден квадратен сантиметар
од земјата до работ на вселената нѐ притискаат 10 Њутни
или еден килограм воздух

и утрото ме притисна со показалецот од еден ден
денот со еден миг
мигот со сето време
сето време со прашањето
колку тежи еден неизговорен збор
што се колеба помеѓу животот и хаосот?

МИКЕЛАНЏЕЛО

Кога Микелаџело,
таванот на Сикстинската капела го живописувал,
четири години главата нагоре ја држел,
па кога по улица одел, продолжувал да ја слика на небото.
Она што на небото го сликал – на таванот го гледал,
затоа, кога влегувате во Сикстинската капела,
светлината и темнината, одделени се
од громот што удира –
истовремено и некаде далеку и сосема близу
ко корен што се зажилува во пукнатинките на фреските
и секогаш,
кога најпрвин ја гледаме светлината на нашата мимолетност,
громот долго потоа одекнува
се до коренот на темнината од каде што поникнувавме.
Татко често велеше дека лисјата паѓаат
и повторно се враќаат само заради коренот,
кому што единствено можеме да му веруваме,

како што и Микеланџело верувал
дека, како што коренот расте во правец на земјината тежа,
така и ние нагоре ќе се враќаме секогаш
со сето она што што и пред Бога светлина беше,
па со истата смиреност
со која пред показалецот на Господ го создавал Адам,
по четврт век, ни ја насликал и својата одрана кожа
како автопортрет на едно време
што и денес нѐ облекува со својата бездушна разголеност..

КУЌНА ПАЈАЖИНА

Сте помислиле ли некогаш
дека куќната пајажина
е најнежниот орган на вашата куќа,
дека сѐ што бладате со усните на кошмарот,
таа го впива во мекоста на аглите од собата
што само поради неа
не се повеќе геометрија на една конечност,
дека и молчењето ваше таа го ткае,
а пајачето што во неа живее
од пусија секогаш, дишењето ќе ви го лови
со издишките распнати помеѓу ѕидовите.
Сте се запрашале ли во миговите,
кога сите камења од неа се разѕидуваат
и како соништа околу вас лебдат,
зошто ластовичка таа станува
и постојано секој миг од куќата го облетува
за да ги запамети сите воздушни влезови
до гнездото од плунка и кал под тремот.
Сте се запрашале ли некогаш,
зошто кога со есента се скусува денот,
еден чуден ветар, како топол воздушен пат,
бестелесно ви ги поткрева рацете
пред една долга селидба
со која денот повторно почнува да расте
како белодробни крилја од една окована ноќ...

ПРОЗОРЕЦ

се сеќавам на две гугучки,
и на рацете
што секое утро, пченица посипуваа
во мусандрата на прозорецот;
се сеќавам на едни убави мигови
како зрна гушнати во гушите на гугучките;
се сеќавам на една газијена ламба,
од каде што, трепетни, градовите
како сенки еден од друг излегуваа
и со сите деца, пак, околу софрата седнуваа –
насреде – бакрдан и многу раце кон тепсијата –
околу – златен круг на светлината од ламбата
протриена од раката на старамајка;
се сеќавам на еден старец
за кој животот беше поглед низ прозорецот
и на старицата како го отвора прозорецот...

ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

ДОСТА БЕШЕ

Не сечи го мракот со збор
Остави го сонот уште малку да спие

Уште талкаме некогашните ние
таму каде што луњее нашата младост
Којзнае дали навистина бевме поинакви
или денес сме само портрети фатени од друг агол?

Некогаш беше потомок на боговите
и умееше да ги слушнеш земјотресите на срцето
и да ги насетиш и стивнеш ерупциите во мојата глава
Денес си заталкан човеков син
Еден од многуте што се плаши
да не се изгори од млакото сонце
Сѐ почесто се обидуваш да се скриеш
зад спомените од пролетта
и во безлични зборови без значење

Ако е за аир
доста беше
Воздухот е презаситен од букви
а простор-времето од болка

Денес
гавраните гракаат
со ниска фреквенција

SEMHEЖHA

Во квечерината мижуркава –
откако ќе престане поплавата од небото
и ќе окопни снегот –
ќе дојдам да ти раскажам
за калливите патишта на судбината

за старите чизми и студените нозе
за мокрежот во коските и во душата

Премало е пламенчето на љубовта
што колебливо тлее во нас
за да нѐ спаси од невремето што беснее наоколу
и да ги избрка сенките на Темните
зад најдалечната суетна планина

Згрчени
чекаме да ни се смилува пролетта
и да нѐ стопли мартовското сонце
А кога ластовиците ќе донесат југовина во клунчињата
за да ги загреат со црцорот нашите остинати сништа
и кога ќе напукне мразот во срцето
– ќе дојдам да ти раскажам за стравовите
што го стегаат како менгеме моето племе
и за грижите што им го крадат сонот на ноќите

Само нека помине
оваа семнежна зима
и наместо снег нека се истури поројот
застоени зборови
од небото на душата

ОНА ШТО ОСТАНУВА

Останува она што требало да остане
според тефтерот на судбината

Залудно магли и ветришта го одвеваат
и студот залудно се мачи да го замрзне
и да го откорне како самоникнат вечно млад остров
Тоа останува како старо заборавено парче копно
што чека одново да биде откриено
Еве го повторно бабиното пословично
Што е ваше ќе си дојде
Нѐ чека некаде смалено
потулено

но со незгаснат жар
што копнее да ни го дувне во очите
По сите неостварени успеси
(што песимистите би ги нарекле неуспеси)
навистина гледаш дека останало она што требало да биде тука
– да седне со тебе наутро на мирисливо кафе или топол чај
и со уште неизмиени заби
да ти го раскаже својот и да го слушне твојот недосонет сон

И добро е
Токму така требало да биде

ДОВОЛНО ЗА ПОЧЕТОК

Не можеме да имаме сѐ на овој век
Мачно е тоа и непотребно
И подобро што е така
Зашто тогаш сигурно ќе ја немавме
дарбата за мечтаење
ниту пак оваа зелена љубов
што може да го надомести
отсуството –

доволно за да ни се намножат
инаетливо
силите
Колку да можеме за почеток
да простиме –
И себеси
И на другите

ЛУКАВА

Пролетно пиле сум
но пеам и сред зима
зашто има јansи кои едноставно
не можат да се премолчат
Исто како што секој

мора да го отсонува својот дел
од големиот океан на соништата

Си признавам, и кога сонувам имам лоша ориентација
и знам да забегам по некоја крива улица
Но немојте да мислите дека ќе се откажам од сонувањето!
Десно или лево – што е важно каде ќе свртам
кога насекаде е сино и зелено
во ова лето распупено
со едната нога во туѓиот двор
на синорот
Горе или долу –
сеедно е дали ќе чекорам
или ќе летам
На крајот
пак во твоите прегратки ќе втонам
лето мое забегано
како во мекиот кадифен прав
по патиштата меѓу бориевските ниви

Ноќва
ќе ја надитрам ориентацијата

ЗНАКОТ

Од другата страна на расудувањето си
Желба
Неможност за избор
Нужда секојдневна
Нема начин да не те мислам
и посакувам

Единствен знак
за да го најдам патот
по кој можам да излезам
од кругот на зимата

МИРЈАНА СТОЈАНОВСКА

ЏЕЗ ВО ДВОКРЕВЕТНА СОБА

Се слуша џез во мојата двокреветна соба,
во хотелот спроти мајка Тереза.
Сите настани завршија
и ноќта сега во мојата двокреветна соба
како Оксиморон ми носи
пост наспроти мојата мисла
дека џез во двокреветна хотелска соба
е тешко сам да се слуша.
Каде ли отидоа сите басови во ноќта?
Не слушам ни чекор пред мојата врата
Слушам само џез
во мојата раскошна
двокреветна
соба.

ЏЕЗ ВО ДРУГАТА СОБА

Дали џез слушаа
и во другите соби
од двокрилниот хотел
на главната улица од влажната ноќ
од каде длабоки воздишки
го запираа здивот на случајните минувачи
покрај соба 305?!
Зошто беше важно
таа вечер да се слуша џез
без оглед дали сама,
или во двојка,
или тројка со мед?
Важно беше да се слуша џез
дур мојот пријател
по мојот грб
го исцртуваше листот
на неговата награда во стих,
а јас слушав џез без здив...

ДВОДНЕВЕН ДЕН

Денес многу ми недостигаш,
можеби се навикнав на тебе,
стопати помислив на нашиот
дводневен ден:
седиш крај мене,
јадеш со мене,
ме пиеш со очи,
пушиш како зависен
од овој ден
кој сакаш да остане и да трае
колку еден век,
дур не се заситиме
од силните страсти
на телото од овој дупли кревет
на овој дводневен ден.
Може ли денот да се засити од Сонцето,
а сонцето да престане да грее –
ми одговараш со безвремен пев,
а јас го сакам твојот
постмодерен бревт
што удира по моите дамари
и го прави невозможно течен
овој дводневен ден.

БЕЛО

Сите пукања на ѕвездите
ги прескокнувам со еден гест,
времето ме повикува да му се поклонам,
сонувам дека има враќање
на изворот каде сѐ е така чисто,
сакам да ја исчистам својата
кожа, дух и тело,
да растам во младоста
на најблиското сосвездие,
да ги потопувам сите
предвидувања за дождови

стамено да простумам
пред предизвикот да го искушам
твоето небеско тело
што ќе се провре како бел мек облак
во мојата галаксија
и тука ќе остане и ќе свети
како најголемо сонце
од сите страни на светот.
Сите трепкања на ѕвездите
Ги прескокнувам со еден гест,
времето ме повикува да му се поклонам,
сонувам дека има враќање
на изворот каде сѐ е така бело.

ПТИЦИ

Ниско летаат птиците
јас сум сон во нивната мисла,
јас сакам да сум птица,
а тие човек.
Се преплетуваме во нашите исчекувања
да се вивнеме високо
каде само љубовта царува
во рамнотежа со сите атоми
на оваа планета.
Денес ниско летаат птиците една зад друга
прелетуваат над мене.
Нивниот лет ме потсеќа на тебе
како сѐ што има здив,
дишеш ти во мене,
овие птици се сведок на твоето постоење,
моето тело трепери
со секој нов прелет над мојата глава,
чувствувам како ја галиш мојата коса
и ти си тука во овој прелет,
продолжена медитација
во изгревот на моето сонце
кое го држиш со двете раце,
од него потекуваат многу песни и метафори

за сите птици кои ги хранам со зрна светлина
и ги убедувам дека
ќе те сретнам
и ќе бидам среќна птица
во мојот дом!

БУКОВСКИ

Тој ден го читавме Буковски
во сите негови верзии
на перверзно небонабљудување
со форма на женски орган
(една од насловите на неговата поезија)
кои Буковски од Холивуд
го катапултираа во скутот на десетици жени
со боја на алкохол и крв...
Чашата се прелеа врз нашиот кревет
со вкус на вотка, рум и сок
и вкус на влажни усни
кои се топат на јазикот од најдолгиот
чамец од заливот на Охрид,
кај дрвениот мост под карпите,
под најголемата Месечина
на чиј агол, блиску до Сонцето,
седевме ние во малиот ресторан
на вода
и митови
кои продираа со секој здив на карпите
под Канео...
Сегашноста дишеше со сета сила
и беше причина тој ден
да биде означен со поинаков број
преку 31 улица
на најдолгиот месец
кој ме допираше од другата
страна на масата
со вино, салата и плашици...

Не, никој не се исплаши.
Во ноќта беа само тивки странски туристи.

ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА

ДРВО НА ОСАМАТА

Кога патиштата лелекаат
склопчени сред крстопат,
кога ураганот на заблудите
пустоши до неповрат,
кога надоаѓаат прокобите
на сите поколенија,
кога надежта
фаќа вид-виделија

– ќе те најдам под Дрвото...

Кога просторот
ги збришува заградите,
кога распукува
од грамадите во градите,
кога од окната на очите
чади само липтежот,
а под кожата длаби
глодалката на кострежот,
кога множителот на сѐ-то
се едначи со ништо

– под дрвото на коешто
не венее осамата
ќе се гушнеме
во нашата бесмислена пустелија,
во нашата Невеселија.

Кога возљубената убост
испарува во грубост,
а оваа во лудост,
кога инаетот баботи
во поган оган

– двајцата ќе здивнеме
или ќе стивнеме
во модрилото на подочниците
сон што присенува.

Збег ќе ни биде
залезот на солзите
во овој заспан живот
што ни се обденува.

JAHSA

Во прагот
ни ја всадиле несреќата
вплетена во конци.

Ние – што правиме!?
Во немоќ се давиме,
панично се тетеравиме,
а во ушите
ни штракаат
споулавени ѕвонци.

Голтка аналгетик
и се адаптираме,
скок во костим
и ќе дефилираме
по беспатја и сенки
сред невиди и дремки.

Викаме ко Бабарите
да ги спотераме кошмарите,
па до бесвест лумпуваме
и ветроштини мудруваме.

Во смрзнатата арена
на апсурдот
парадоксално триумфираме,
по здрвените ѕидини

од јатките на неумот
неуко оксидираме,
а јаnsата
во глужд ни расне,
нѐ набива,
дразне.

По рабовите на
кратерот на неизбежноста
еден до друг
се збираме,
во набрекнатата лава
на ненаситката
еден со друг
се препираме,
ко стрвни волци
беспредметно виеме,
под јорганот на предизвикот
неодлучно се криеме...

Дури и ако заспиеме,
ќе можеме ли
мирно да спиеме!?

ЕЛИЗАБЕТА ЈОНЧИЌ

ЗА ДРУГ

Танка силуета
поместува сенка
сновејќи.
Воздишка и чекање.
Чекори со тап одек
го намалија агловиот степен.
Сомнежот си ја искина основата.
Поздрав од молк и очи.
Нема ракување.
Допирот е сведен
преку мало подадено нешто
две шепи и создаден звук.
Отпадок летна во воздухот
и брзо го пронајде тлото.
Седржителе
донесов блажина, ќе ја имам ли?
Или тежбата иста
со листот што паѓа ја делам?
Одеднаш
прегратка силуетата ја сви
олеснета издишка,
миловидно лице
озари мрак.

ВОДАТА

Се спуштија облаци
целивајќи ја земјата
во страст и нежност.

Ги покрија мајките
децата свои
со љубов и грижа.

Вода и плот.

Сред бел ден се распаѓа ѕвезда.
Водени ламји.

Тешка е ноќта.
Мајкин е труд.

Вода и плот.

Безмилосно покрива сè.

РАСКОС

И ливади едни зеленееја
со сочни треви стежнати
и песна се раѓаше во нив.

Ма стравотно ги чуваше корените
кој се осмели да стапнува и гази?

И сонце едно светеше
па билки и цветја имаше
трње и ајдучица за навек.

И зора стрвна навјаса
зелени витези
раскос донесоа.

Куќа без покрив
небо без земја
сонце без месечина
трае.

ИГОР КРАЈЧЕВ

МОИТЕ КРУГОВИ

Ги цртам моите кругови
во замислата
на моето време...

Сѐ е така топло
и безгрижно во нив...

Моите кругови
се моите гнезда
во кои се раскрилувам

Дали времето
ќе ги скрши
моите кругови,

како што птиците
ги кршат јајцата
на своите млади...

Дали тогаш ќе знам
да полетам...

ЧОВЕК СО ПРЕДРАСУДИ

Бев дете со предрасуди
боев сѐ во црно и бело,
знаев –
операта е долга
а џезот досаден
ние сме добри, а другите лоши
и сите реки течат само на југ.
Потем, заврти неколкупати околу сонцето
многу научив и многу гледав,
и гледав опера и не ми беше долга

и слушав џез и сѐ уште го слушам
и видов наши лоши и други кои се добри
и многу реки кои не течат на југ.
Се прашувам колку кругови се потребни
за да се ослободам од предрасудите
на мојата сегашност...
Сега сум човек со предрасуди,
не сум веќе дете...

ЛЕТАЧИТЕ СО ЕДНО КРИЛО

Моето крило ми пречи
додека паѓам удолу
во амбисот
кон огромната темнина
на иднината...
Научив вешто
да ги избегнувам
сите кои ги одминувам
при мојот пад,
за да не ме повреди
силниот удар...
Како да е тоа важно
и онака никој не го
преживеал
ова исцрпувачко
паѓање...
Кога само би се сетиле
дека прегрнати
ние можеме
и да летаме...

ЧЕКАЧОТ

Ќе те чекам пред
дрвото за бесење,
во рана есен
кога сѐ се подготвува за смрт,

и кога воздухот трепери
од душите кои исплашено
бегаат до своите тела...
Ќе ме познаеш
по свечениот костум
со два бели цвета во реверот,
ќе ме познаеш
по дамките на мојата аура
што само ти ја гледаш
и по песната
што гласно ти ја пеам
во мислите...
Ќе ме видиш
и неизбежно ќе ме познаеш...
Јас сум единствениот
кој те чека
пред дрвото за бесење...
Јас ќе те однесам
понатаму...

КРИК ВО B-DUR

Кога мечот паѓа
врз тенкиот врат
чувствува ли жал
или студенилото
на острината
го спречува да види
да слушне
дека крикови
доаѓаат од долу
како трепет кој
вибрира
и преку ветрот
се шири низ
целиот свет...
Кога мечот паѓа
кон солзите
господар е тој

или роб,
или само гласник
со пресуда црна
со збор-закон
кој е и прв
и последен...
Кога мечот паѓа
тој плаче,
и пее,
во B-dur...

БИЉАНА Т. ДИМКО

НАДЕЖНА

Раскрилени песни и ора по патот на бојот.
На чело ругулица намакана во крвави младешки дни.
Од неа се капи секоја буква од кириличното писмо.
Стројна пелагониска чупа, променета во руба од траење
со очите го чува татковото небо
рацете ја приграбуваат мајчината челад.
Од секоја педа прогледува гроб на незнаен јунак
и јужниот ветер, пак носи пикотници и клетви,
а молитва една: „Дај Господе мили, нека дојде
утрешнината бргу, та темницава од денов да ја снема.“
Та избришани, изгорени и преболени и пак останавме најчујна
вселенска песна. На заборавот му заривме нож....
Надежта засветли од тунелите тмурни,
запупоти слободата на плеќите македонски,
бессони ноќи ткаат црвени булки,
поројни дождови кројат полиња ширни.
Та Македонија не е мала,
таа е две раце цели еден заграб голем
та таа не е рака, туку извор на ѕвезди.

СЕНО

Да создадеш кафез за себе
таму да ја пронајдеш убавината во себе
да го уништиш денот на раѓањето
бесрамно да ја уловиш мечтата на вечност
во дамарите коишто умираат
и да ги откриеш одговорите во тишината
е првата и последна задача на твоите стапала.

НИКОЛА ИЛИЈОВСКИ

КОГА НЕ МОРА НИШТО ДА СЕ ПРАВИ

Понеделник е
и ништо не мора да се прави
Во чашата имам уште малку вино
и решавам да завршам со него
Не сакам да ме гледаат кога пишувам
Затоа се повлекувам во мојата соба
и ги запишувам зборовите што ми доаѓаат на памет.
Целиот свет е изграден на невистини
Нивното пребројување доведува до лудило.
Ме прави среќен сета таа паганштина
за време на јануарските празници
иако не учествувам во тоа
Постојат денови кога е бесмислено било што
Тој што знае да ужива ќе молчи
и ќе го прави тоа што го знае најдобро
Безвредни се сите приказни
ако се преповторува нивната суштина
Мојот стомак се радува на изминатиот ден
Ги прелистувам страниците на моите необјавени ракописи
и посакувам оваа ноќ да биде бавна...

НАЕДНАШ

Наеднаш ми се превртија мислите
а не помислив на тебе
музо недосонувана

Скриени лежат пламењата
зад голотијата што ја криеш

Солзата е дожд копнежот е меч
остани на почетокот од песната
остави ми ја сегашноста

НЕ ТЕ ПРАШАВ

Не те прашав
а ти ми одговори
Зар сонцето ја прашува Земјата
за да изгрее

Илузијата ја оставив далеку
за други иднини

Не те викнав
а ти ме побара
Зар сонот го кани изморениот
А јас сум вљубеник во ноќта!

Зар времето го прашува некого
Нека бега
од просторот не може да ми побегне

Илузијата ја оставив за понатака
нека ме чека како јас тебе
нека таи нека се бара во просторот
одново назад повторно напред

НЕМАМЕ ДРУГА АЛТЕРНАТИВА

Немаме друга алтернатива
Пловиме во ноќта како залутани духови
А
Деновите се соединуваат
како далечни хоризонти
Немаме друга алтернатива
Освен да ги сонуваме
нашите музи безброј пати
И
одново да ги запишуваме копнежите
во моментот на нивното раѓање.
Нека оди времето по ѓаволите
Ние немаме друга алтернатива

освен одново да талкаме во просторот
како деца што проодуваат.

НИШТО ПОВЕЌЕ

Само еден поглед кон езерото
Твоите усни со боја на црвено вино
И мислите што патуваат низ ветерот

И ништо повеќе
И ништо повеќе

ДОДЕКА СЕ ОБИДУВАМ ДА НЕ МИСЛАМ НИШТО

Можеби најтешко е
да не се размислува.
Листовите на дрвјата се одамна жолти
и одбиваат да паѓаат

Бесмислено е трагањето по смислата.
Над испразнетите тврдини
летаат феникси што копнеат по пламенот.

Некаде се создаваат нови светови
и ние не знаеме ништо за тоа.
Имаме чудна навика да ги пребројуваме нештата.

Твоите гради се цврсти
како полузрело овошје
и студени како ноемвриска ноќ.
Се бранувaат по моето лице
додека се обидувам да не мислам ништо.

ЈАС И ВЕКОТ

Каде одиш о каде вјасаш
поету замислен
за каменот време за љубовта плаен.
Каде сум тргнал до каде сум стигнал
по овој пат прашен
утро дожд сомнеж
во очите глад
копнежлив и вџашен.
Каде се пресоблекуваш квечерино
Јас и векот
ноќ жед копнеж
Таму над ридот
под земјата оган
над фалусот жена
во пладнето чемер
Каде сум тргнал
по крстопат земен!

БИТИЕ

Што и да биде како и да биде
битието на поетите исто ќе остане
Ќе талкаат тие во просторот
(ќе талкам и јас со нив)
расфрлени во времето
одново и одново ќе се раѓаат
за да ја носат радоста во светот
во вековите низ плачот
одново незадоволни
со истата жед за вистина

ВИКТОР ЈАКИМОВСКИ

ПРЕД СОНОТ

Во тие вечерни часови
кога низ крвта ни течат
спомени, слики, емоции

Во тие вечерни часови
кога го губиме денот
во надеж за подобро утре

Кога го вадиме часовникот
и во непотполно спокојство
се радуваме на следното
изгрејсонце

Тогаш не ни е важно
ниту кои сме биле
ниту кои ќе бидеме

Во тие вечерни часови
живееме само за мигот
живееме заедно со ѕвездите
и со месечината

На секунда оддалечени
со мислите до бесконечноста
го доживуваме сонот
пред да го сониме.

ТАКА СЕ РАЃА ПЕСНАТА

Влези во комплетна тишина.
Исполни го тоа во мене
кое со денови седело глуво.
Биди доброволец и дари светлина
дари парче жар од твојот пламен

да се осветли темнината
да се растопи ледината.
Навреди ме со твојата
немилосрдна убавина
и посеј го полето
со твоите божји дарови.
Биди ми тајна муза
во ноќните звучни часови.
Едноставно, биди ми причина
и да пеам и да живеам.

ЛЕТ СО ПАДОБРАН

Не се плаши од височината
во себе ја имаш сигурноста
а околу себе отворен простор

далечни погледи
и несекојдневни видици.
Сега си само точка
во универзумот
и сосема обичен дел
на планетата.
Но сепак си над сите
иако самиот
не се чувствуваш така.
Во себе си исполнет
победувајќи го
сопствениот страв
– уплав од височина.
Но кога подобро ќе подразмислиш
сфаќаш дека одамна требало
да го преземеш тој чекор.
Бидејќи понекогаш
сигурноста во себе
ги надминува сите универзуми.
Иако си само еден обичен
човек со падобран,
животот добива друга димензија.

(НЕ)ПИШАНИ ПРАВИЛА

Сакам да започнам
ново животно писмо.
Деновите да ми бидат
испишана лирика која
би можеле сите да ја разберат.
Утрата да ми започнуваат
со Голема буква,
а кога ќе надојде квечерина
и темнина ќе завладее
со просторот
да ја вклучам ѕидната ламба
и да продолжам да везам
нови љубовни пораки
под мојата среќна ѕвезда.
А ако случајно забележите
некоја печатна грешка
слободно свртете го писмото
од обратната страна.
Таму пишува –
единствен лектор е животот.

Љубица Мешкова Солак – „Полиња“, дрворез

СТУДИЈА

ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ

ДУБРОВНИЧКИОТ ПЕРИОД НА КОНСТАНТИН Д. ПЕТКОВИЧ

Во животот како по некое непишано правило има време кое судбински ги одредува животните и творечки врвици. Така се збиднува и со македонскиот просветител Константин Д. Петкович (28 август 1826, Башино Село, Велешко – 22 октомври 1897, Одеса). Неговиот престој во Дубровник (1857-1869) променил многу нешта во неговиот живот, но тоа се години и на активно творештво. Ја дополнил и со нови резултати ја збогатил својата автобиографија овој бележит и оригинален поет, преведувач, патописец, книжевен критичар, лингвист, полемичар, научен истражувач. Сето тоа го работел со голема страст и преданост како дипломат од висок ранг и углед на Царска Русија. Елена Борисовна Гончарова во својот труд *Мой прадед К. Д. Петкович: просветителъ, дипломат, исследователъ славянских стран и Ближнего Востока* дава интересни податоци и за семејната лоза на Петковичи. Нивниот корен имал старо благородничко потекло за што постоеле три верзии. Некои сметале оти нивниот род има српско, други бугарско, а одредени извори го истакнувале нивното хрватско потекло. Првите пишани податоци за родот се датираат со 1570 г. и се врзуваат за Башино Село. *Тоа е расположено во централниот дел на земјата (општина) Велес, денеска Република Македонија. Тоа ритчесто место, е на 175 метра надморска височина, до реката Вардар, три километри од град Велес*. И за неговото име постоеле повеќе варијанти. На тоа место се водела жестока битка со Турците и реката била преплавена од убиени човечки тела. Трагедијата била директно покажувана: ете баш тоа е селото, односно тоа било селото на убиените. Едно друго предание пак раскажува оти во тоа село живеел турски паша. По него местото било именувано како Пашино село, а со време буквата п од првиот збор се променила и тој станал башино.1)

Гончарова потоа забележува оти тој дел од Македонија, општината Велес на реката Вардар, граничел со Егејска Македонија чие што неселение од искона било православно. Природно и родот на Петковичи бил православен. Во однос на османлиски-

те власти имале отворен и јасно изразен опозициски став. А тоа безрезервно го потврдувале со сопствената стратегија за изборување на националните и социјални права и слободи на својот македонски народ. Едноставно Петковичи биле предводници на националното будење и ослободување.2) Пишувања кои ги збогатуваат и прошируваат сознајбите што системно ги проследуваше и Ванчо Тушевски.3) Убедувањата, уште повеќе очекувањата и секако религиозниот мироглед биле целосно свртени кон Русија. Таа била живот и верба, од неа се очекувале поддршка и помош. Ваквата би рекле, семејна/домашна филозофија ги одредува и животните патишта на тројцата браќа Константин, Димитрија и Андреја. Тоа не е само земја на нивното образование и воспитување, туку и втора татковина во која ќе ја вградат својата професионална дејност и во која ги оставаат коските. Нивниот дедо тоа го решил на најдобар можен начин. А денот 28 август 1826 г., не носи само голема семејна радост, туку и ги одредува идните сонцељубиви патишта и македонствување на родот. Во крштеничето стои: *Аз ниже подписавшийся священник освященной церкви Святителя Николая, крестил законнога съіна Димитрия Петковича рождена от законной его женъі Сусани лето 1826 месяца августа 28. Восприемник его естъ Кучиіели (крестник) и имя нова его Константина. Также даётся ему от манчи настоящее свидетелъство, подписанное Старейшинами Башина Села: / поп Михаил (и др. Всего 5 подписей).* Таткото Димитрија и мајката Сусана можеле да бидат среќни со својата прворожба како почетокот на светото тројство, трите сина, кои ќе ги прослават имињата на својот род и на својата татковина Македонија.

Уште како дете Константин покажал необична способност и голема дарба во изучување на странските јазици. Иако сите биле за тоа да се посвети и да специјализира финансии и трговија, неговата определба за студии по словенска филологија била непоколеблива. Ни малку случајно бил најомилениот студент на раководителот на Катедрата по словенска филологија знамениот професор Измаил Иванович Срезневски. Во студентските години тој бил негова инспирација и поткрепа. Му помогнал во составување на современиот бугарско-руски и руско-бугарски речник, во Руската академија на науките го претставил неговиот превод на *Краледворскиот ракопис* (24 декември 1849), по негова инцијатива биле составени *Малиот бугарско-руски речник* и *Чешко-бугарскиот речник*, а тогаш меѓу другото, свои-

те знаења од областа на фолклорот ги посведочил во студијата *Свадбени обичаи на македонските бугари.*4) Константин Д. Петкович во 1851 г., дипломирал на Универзитетот и ја добил дипломата:

Совет ИМПЕРАТОРСКОГА С.-Петербургского Университета сим объявляет, что Константин Дмитриев сын, Дмитриев (Петкович), из Болгар, 24 лет от роду, Православного исповедания, поступив в число студентов сего Университета 21 августа 1847 года выслушал, при отлично-хорошем поведении, полный курс наук по разряду Общей Словесности, Историко-Филологического Факультета, и оказал на испытаниях следующия познания: в Богословии и Церковной Истории, Логике и Психологии, Греческой и Римской Словесности и Древностях, Русской Словесности, Всеобщей и Русской Истории и Литературе Славянских Нартий, Истории Российского Законодательства, Италъянском, Английском, Французском и Волахо-Молдавском языках – отличныя, за которые Советом Университета признан достойным учёной степени Кандидата и утверждён в ней Г. Попечителем С.-Петербурского Учебного Округа 3 Июня 1851 года. По сему предоставляются Дмитриеву (Петковичу), по гражданской службе чин десятого класса и право считаться в первом разряде чиновников (Свода Законов изд. 1842 г. Т. III. Уст. О служб. Прав. Ст. 81 171), а при поступлении в военную службу, право на производство в Офицеры по выслуге трёх месяцев в унтер-офицерском звании, хотя бы и не имелось вакансии в том полку, а катором будет находиться, если только знанием фронта будет того достоин, и все прочие права и преимущества. Высочайше дарованные степени Кандидата. В засвидетельствование чего и дан сей Диплом от Совета ИМПЕРАТОРСКОГА С.-Петербурского Университета, приложением большой Университетской печати. С. Петербург 9 Июня 1851 года.

Ректор Университета, Доктор Философии,
ИМПЕРАТОРСКОЙ Академии Наук Ординарный Академик,
Действительный Статский советник и разных Орденов
Кавалер Пётр Плетнёв
Декан Факультета Доктор Философии (подпись)
Секретарь Совета (подпись)
N 665

Набргу потоа во 1852 г., Константин Д. Петкович наоружан со сопствените знаења и умеења го остварил патувањето по

словенските земји. Што сè сработил е проследено, коментирано и вреднувано од научната мисла.5) Дипломатската работа на Петкович непосредно е поврзана со почетокот на Кримската војна. Со решение од 20 октомври 1853 г., бил распределен на работа во Азијатскиот оддел на Министерството за надворешни работи. Службувал во Дипломатската канцеларија на командата на руската војска на Дунав и крабрежието на Црното Море како преведувач од влашки, бугарски, српски, молдавски, румунски, турски и арапски јазик. Бил непосреден сведок и учесник во многубројни историски настани. На 23 март 1855 г., дошол во руското министерство. Од крајот на 1855 до април 1856 г., бил испратен на работа во Дипломатската канцеларија на Јужната армија во Одеса. Потоа следувала прекоманда во Бесарабија како член на меѓународната комисија за рагграничување меѓу Русија и Турција. Она што потоа ќе уследи, е само резултат на неговата работа и успеси. Бил награден со светлобронзен медал во спомен на војната 1853-1856 со *Андреевска лента*, на 26 август 1856 г. бил именуван за советник и на 27 август 1857 г. бил закитен со орденот *Свети Станислав* од трет степен.6)

По завршување на Кримската војна руската дипломатија била исправена пред нови обврски. Прва од нив била секако таа да го востанови и да го зајакнува влијанието на Русија меѓу православните народи на Балканот. Покрај сите детали, властите знаеле *за извонредното знаење на јазици со различни дијалекти што му овозможувало на К. Д. Петкович да создава пријателски односи со месното население*. Дипломатското дејствување за Дубровник и Црна Гора немало подобро решение од тоа со Петкович. Наскоро П. Н. Стремоухов бил именуван за началник на Азијатското Одделение на Министерството за надворешни работи на Русија и заминал во Петербург. Од 24 јули 1858 г. Петкович ја извршувал должноста конзул. На 15 ноември истата година, за неговата работа и успеси бил унапреден во *колежски ассесор* и на 8 јануари 1859 г., официјално станал конзул. И уште три вредни податоци. Истата година на 14 февруари императорот Наполеон Трети му го доделил ореденот *Легија на честа*, во март 1860 г., за успешно извршување на обврските бил унапреден во надворешен советник и во февруари 1863 г., бил одликуван со орденот *Св. Станислав* од втор ред.

Животот е тој што ни ги дава човекот и делото. Оттука и се задржуваме на некои значајни детали од биографијата. Константин Д. Петкович во честите доаѓање во Санкт-Петербург ре-

довно во нејзиниот дом ја посетувал грофицата Антонина Дмитриевна Блудова. Тука се запознал со многу членки на Комитетот на руските жени и со нивната дејност. Негова стожерна задача биле материјална помош и поддршка на православните цркви и манастири во словенските земји. Тука ќе се запознае и зближи со својата идна сопруга. На 28 мај 1865 г., со благослов на отец Михаил Раевски стапиле во брак Константин Д. Петкович и Вера Андреевна. Тогаш имал триесет и девет години. Потоа веднаш се вратиле во Дубровник. На 18 јули 1866 г., семејството било збогатено со синче што за жал набргу потоа починало. Три години потоа, во 1869 г. се раѓа првата од четирите ќерки Олга.7) Најмногу труд и време вложил во проучување на историјата на древниот Дубровник и на состојбата на православието во него. Како плод на таа работа е неговиот труд *Исторический очерк Сербской православной общтинъі в Рагузе* (1859). Според запишани преданија Дубровник бил основан во седмиот век и неговото неселение во почетокот било православно. Градот имал многу цркви и манастири, изградени од српска и босанска страна на нивна земја и отстапени на Дубровничката република. Но француското влијание се покажало подоста погубно. Постепено многу православни цркви едноставно ги преобратиле во католицизам. Во текот на 15. век кога Србија, Босна и Херцеговина се под турско ропство насилно на христијаните им било наметнато муслиманството. Така до крајот на 18. век христијанската црква не постоела. Бегајќи од поголемото кон помалото зло многу православни семејства се преселувале во Дубровничката република, во која доминирале католиците, образованието се одвивало на латински јазик, па оттука православните биле жигосувани како расколници.

Благодарејќи на напорите што ги правела Русија христијанството полека го наоаѓало своето место во Дубровник. Рускиот император Петар Први им се обратил на Црногорците и Херцеговците со ветување оти максимално ќе им помогне. Историските случувања потоа оделе во тие насоки. Во времето на Петкович бројот на православните нараснал на четиристотини членови што само по себе ја наметнало потребата за изградба на православна црква. Во тоа време Константин со уште поголем интензитет ја продолжил својата работа на старите словенски ракописи, посетувајќи ги манастирите во Македонија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Австрија, Чешка и Полска.8) Во 1856 г., излегуваат од печат неговите истражувања *Обзор афонских древнос-*

тей во издание на Руската академија на науките. Уредник бил омилениот професор Срезневски, за кого Петкович пишува со голема почит и љубов. Тоа бил благороден и несебичен човек кој постојано се дарувал на другите, секогаш спремен да помогне и да упати, и токму таков успеал трајно да остане во срцата на неговите студенти.

Дванаесетте години во Дубровник се динамично време на многу промени, најразлични движења и манифестации, политики и дипломатии кои се менувале и се преобразувале катадневно. Во тогашната австриска Далмација се појавувале бројни политички партии, во Босна возникнувале востанија, а националните движења на Балканот станале стожер на интерес за Константин Д. Петкович. Тоа е време на другарување и соработка со поетот, публицистот, издавачот, општественио работник, еден од лидерите на словенофилите Иван Сергеевич Аксаков. Еден од предводниците на општественото движење во Русија за ослободување на словените од турското ропство. Така било создадено едно цврсто и квалитетно пријателство. Честопати го посетувал кнежеството Црна Гора. Калоѓера со право ќе забележи дека Петкович *најмногу го задолжил црногорскиот народ, посебно во периодот кога бил руски конзул во Дубровник. Негова задача како руски конзул во Дубровник била да ги брани руските интереси на тој дел од Балканот од се пожестоките обиди на Турците да ги вратат своите изгубени позиции. Со оглед на тоа што Русија и Франција тогаш биле сојузници и ги имале истите интереси на Балканот, Петкович бил под постојана присмотра на тајните австроунгарски служби, кои денонокно ја следеле неговата конзулска работа во Дубровник и Црна Гора. Црногорскиот двор на кнезот Данило Петровиќ, благодарејќи на моќната и влијателна кнегиња Даринка, се повеќе се поврзувал со Французите, па Петкович морал да ја употребува севкупната своја дипломатска вештина и умешност Русија да не ги изгуби своите привилегии на црногорскиот двор. Во комплицираните дипломатски односи Петкович се снаоѓал многу добро и секогаш го пронаоѓал вистинскиот начин да ги одбрани руските интереси, но и да им помогне на малите словенски народи*.9)

Дипломатскиот углед на Константин Д. Петкович бил на највисоко ниво. Секогаш бил присутен во сите најтешки и најкомплицирани меѓународни спорови или дијалози. Пролетта 1859 г., бил член на меѓународната комисија за одбележување на границата на Црна Гора. Ни малку лесна задача во која што

се вкрстувале црногорско-албанските разграничувања од една и непријателската политика на Австрија и Италија кон Русија од друга страна. Своите разбирања и доживувања како вредносно искуство од овој настан ги завештал во трудот *Црна Гора и Црногорците* (1877). Дело што е секако круна во она негово *најголемо задолжување* кон овој народ. Меѓу нив секако треба да се одбележат етнографската изложба на носии и други експонати од Црна Гора, во 1867 г. во Москва, што конкретно ја потврдила идејата за словенското единство и била еден од најзначајните настани на годината и патописот *Црногорецот Марко Мартиновиќ* публикуван во *Морски зборник* (1863).10) На оваа тема посебно вредни прилози претставуваат пишувањата на Мирољуб М. Стојановиќ.11) и на Гане Тодоровски.12) Но, од друга страна имал и среќа зашто во периодот на неговата дипломатска дејност земјата бележи стабилизација на своите политички и економски состојби.

За време на престојот во Петербург во 1868 г., кнезот Никола Први на императорот Александар Втори наспрема забелешките за приврзаноста и понизното однесување кон Франција, посебно говорел за сопствената приврзаност кон Русија. Во подобрувањето на односите меѓу двата народа, кнезот посебно ги истакнал заслугите на конзулот Петкович. Како потврда на пријателството кнезот своите ќерки Зорка и Милица ги испратил на студии во Смољанскиот институт, каде што се образувале и ќерките на Петкович, Олга и Софија. Во писмото до о. Михаил Раевски од 16 март 1869 г., Константин Д. Петкович за својата конзулска работа во Дубровник прави ваков заклучок: *Јас овде минав 11 години на најдинамична и најнемирна работа и се успокојувам со тоа што од Црна Гора се разделувам во време кога црногорскиот кнез се врати од патувањето во Русија и што владарот император кај него ја крсти новороденатa ќерка. Ги презедов работите во тукашниот конзулат во ни малку вака пријатни околности. Во тоа време имавме целосен прекин во односите со црногорската влада; во Цетиње доминираше француското влијание, а Црногорците со страв и потајно го изговараа името на рускиот цар, нивниот благодадетел. Сега во Црна Гора гласно ја пејат руската химна, а во дворецот на кнезот не се зборува за Франција и Париз, туку за великодушноста на рускиот цар и за славата на православна Русија. Искрено, многу ми е жал, што Црна Гора ја напуштам во ваков момент, јас лично би сакал да видам и да се израдувам на триумфот на руското*

влијание во нашата родна земја, која што нема ништо заедничко ни со Французите, ни со Германците. На мојот наследник ќе му биде полесно и попријатно да е конзул во Црна Гора. За Бејрут патуваме преку Виена и Конст(ант)инопо(л), не можеме да отпатуваме пред доаѓањето на Ионин, кој, од своја страна, од Петроград го чека својот наследник Леонтиев. Се надеваме дека за Велигден ќе се сретнеме со Вас во Виена, на рускиот Велигден, а потоа ќе тргнеме на Исток кон светите места.

Писмото на конзулот Константин Д. Петкович претставува извонредна потврда за вредноста и потребата од приопштување на неговата повеќетомна коресподенција. Иворно таа е летопис за животот и делото, за меѓународниот углед на македонскиот просветител и руски дипломат, но исто така за времето и за политиката на севкупна Европа, посебно на словенскиот свет, Балканот и Блискиот Исток. Самиот точно го одбележува периодот од единаесет години поминати во Дубровник. Тешки и напорни години, ризични и за дипломатијата и уште повеќе за сопствената судбина. Стапувајќи на конзулската должност во време кога Русија немала никакви односи со црногорската влада, а тоа ќе рече уште помалку имала некакво влијание, тоа подразбира оти работите или некакви можни перспективи биле утопија. Било каква помисла за соработка и комуникација се повеќе од илузија. Француското влијание господарело на сите нивоа од општествениот живот на Цетиње, ги исполнувало и осмислувало политиката, дипломатијата, културата и образованието. Името на својот доброчинител како што пишува Петкович, името на рускиот цар Црногорците го прошепнувале со страв и ужас. Но, мудроста упатува на тоа оти нема нешто што човекот не може да го совлада и победи, да го надмине и пресоздаде. Мудрецот и зналецот Петкович тоа го демонстрирал на најдобар можен начин. Сите нешта се покренале од мртвата точка и полнокрвно опстојувале.

Минале годините и со семејството Константин Д. Петкович треба да замине на нова должност. Искуството и резултатите собрани во деценијата дипломатска дејност се соодветна утеха во мигот на разделба. Во едно ново и благопријатно време исполнето со пријателство, доверба и соработка. Црногорскиот кнез само што се вратил од посетата на Русија каде што како верност кон мајката на словенството ја крстил новородената ќерка. Ете во тие нови услови во Црна Гора сега гласно и насекаде се пеела руската химна. Во палатата на кнезот тема на раз-

говор и воодушевување не биле повеќе Франција и Париз, туку мирогледот на рускиот цар и моќта на православната Русија. Петкович во своето јавно дејствување и во пишувањето ја користел сопствената писателска дарба. Катадневните прилики, аргументите и фактите што ги наметнувале егзистенцијата, политиката и особено дипломатијата, здодевните бројки и реторика умеел да ги збогати и да им го вдахне својот човечки и творечки потенцијал. Напишаното да го пресоздаде во убава и читлива литература. Ја отвора душата и искрено признава што токму во тој миг треба да се збогува со Црна Гора. Вложените напори и плодовите од таа работа се тука и насекаде, та затоа тој сака и лично да го види, почувствува и да му се израдува на триумфот на руското влијание *во нашата родна земја*. А тоа и навистина е негова родна земја, словенска земја како дел од неговите погледи и стратегијата на словенофилството. Како што тоа е и неговата татковина Македонија. А тие разбирливо немаат ништо заедничко ни со Германците ни со Французите. Создадени се благопријатни услови за работа и за дејствување на неговиот наследник. Писмото го завршува со информацијата оти *патуваме* за Бејрут преку Виена и Константинопол. Глагот патува е употребен во множина зашто притоа мисли на сопругата и на ќерката. Тоа подразбира корекција на пишувањата оти во Дубровник му починале сопругата и новороденото син. Наскоро по раѓањето починала нивната прва рожба, но во новите животни предизвици Петкович заминува со својата животна сопатничка која што во Бејрут ќе му подари уште три ќерки. Тоа е време на големиот православен празник Велигден, па се надева оти ќе се видат со драгиот пријател и ќе подругаруваат, а потоа од Виена би заминале кон светите места на Исток.

Трудот на Елена Борисовна Гончарова за нејзиниот прадедо Контантин Д. Петкович е редок и вредносен материјал за еден од најучените Македонци од втората половина на 19. век и меѓу стратезите на македонското просветителство. Посебен интерес побудува податокот што потписник/автор е негова правнучка. Тоа има особено место и значење не само во обработката на зададената тема, туку и како првостепен извор од семејната традиција и континуитет. Со недоброј архивски документи, користење на соодветна литература, семејни/домашни кажувања и спомени во детали можеме да се запознаеме со животот и работата што се простира во повеќе области (дипломатија, тајни и специјални задачи, наука, просветителство) на овој бележит Ма-

кедонец. Во книгата се говори за различни настани од тоа време. Се раздиплуваат многу страници за Кримската војна, за национално-ослободителните движења на Балканот, дипломатските интриги, за жестоките прогони на православните од австриските балкански територии, за крвавите судири и војни, за состојбата на христијанството на Блискиот Исток. *Оваа биографија ни овозможува исто така подобро да се запознаеме со неговата родна Македонија (во тоа време дел од Турската империја), за австриското ропство во Далмација и независна Црна Гора, за Либан, Сирија и Палестина, кои биле под османлиска власт.*13) Напишан на богата документаристичка основа трудот открива многу непознати а извонредно значајни детали/фрагменти од животот и работата на Петкович. А тие добиваат уште поголема вредност зашто непосредно извираат и ги одразуваат деценииите од втората половина на севкупната опстојба на Балканот, Европа и Блискиот Исток. Нивен потписник е државен службеник од висок ранг, човек од доверба, а тоа ќе рече оти неговите страници се своевидна историја и на неговото/нашето време.

Животните и творечки врвици на Константин Д. Петкович, за разлика од неговите помлади браќа Димитрија и Андреја, научната мисла достоинствено ги проследила, разгледувала и вреднувала. Но, векот е вечна и никогаш недочитана книга. Секогаш постојат можности за нови сознајби. Тоа за нас е и творечкиот предизвик на Гончарова. Се посочуваат малку познати и уште повеќе нови податоци за семејната лоза на Петковичи, за почетокот на дипломатската кариера на Константин која што се зачнува со Кримската војна, за неговата дејност во Дубровник и Црна Гора, и секако за најмалку познатиот завршен период од неговиот живот и работа на Блискиот Исток. Архивите на кои посочува авторката се потврда повеќе за вечната книга. Како илустрација за идните истражувања и проекти точно е одредено оти постојат повеќе обемни томови кои би биле исполнети само со кресподенцијата на Петкович. Важноста на еден ваков иден зафат што е извонредно искуство и резултат на големите и развиени култури, со примерот на македонскииот просветител добива на значење во комуникацијата со највидни и истакнати личности од тоа време и со прашања кои се витални и стожерни во деценииите од историјата на словенските, европските и арапските народи во кои на своевиден начин и самиот е соучесник и нивен креатор. Не претеруваме ако кажеме оти Константин Д. Петкович ја имал ретката можност и среќа да биде неделив дел од епо-

хата на колективното меморирање како човек и творец кој со својот потпис и себеси се овековечил во епоха. Оттука и обврската на науката постојано да работи во откривање и афирмација не неговите лик и дело кои едновремено се и лична карта на нашето македонствување.

---

1. Е. Б. Гончарова, *Мой прадед К. Д. Петкович: просветитель, дипломат, исследователь славянских стран и Ближнего Востока*, Русская култура, Санкт-Петербург, 2013, стр. 4-5.
2. Исто, стр. 5.
3. Ванчо Тушевски, *Студии за браќата Константин и Андреја Петковичи*, изд. Менора, Скопје, 2000, стр. 11-14.
4. Васил Тоциновски, Низ книжевниот континуитет, изд. Македонска книга, Скопје, 1996, стр. 51-66.
5. Многубројни страници на таа тема напишале: Харалампие Поленаковиќ, Александар Спасов, Гане Тодоровски, Ванчо Тушевски, Васил Тоциновски, Горан Калоѓера, Мирољуб М. Стојановиќ, Људмил Спасов, Симон Дракул, Доне Пановски.
6. Е. Б. Гончарова, исто, стр. 10.
7. Исто, стр. 12, 17.
8. Исто, стр. 12.
9. Goran Kalogjera, *Makedonsko XIX stoljeće*, nak. Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, 2011, str. 169.
10. В. Тушевски, исто, стр. 217-226.
11. Мирољуб М. Стојановиќ, *Константин Петкович и Црна Гора*, 1, изд. Македонска книга, Скопје, 1987.
12. Гане Тодоровски, *Книга нашинска сиреч славјанска*, изд. Македонска книга, Скопје, 1990.
13. Владимир Черняаев, *Предисловие*, Е. Б. Гончарова, исто, стр. 3.

Љубица Мешкова Солак – „Предел XX“, линорез

ДРАМА

ТРАЈЧЕ КАЦАРОВ

ПОДРЕДЕНО ГОСТОПРИМСТВО

(извадок)

Лица:
Неа,
Еа,
Гласот

Има едноставни правила во гостопримството, едно од нив е: филџанот за чај, или за кафе секогаш се подава со тацна.

Непочитувањата на правилата имаат силен одраз врз општо прифатените норми на однесување...Но, не ќе е штетно ако кажеме дека животот станува уметност поготово кога изненадувањата ќе станат предност

НЕОЧЕКУВАНА ПРВА РУНДА

Во ресторантот се гледа само една маса. На истата седи Неа и брка во ташната што стои на масата. Наеднаш на истата маса седнува Еа. И таа почнува да брка во ташната што ја поставува на масата пред себе. Прво Неа ја крева главата и испитувачки гледа во Еа која и натаму брка по ташната не забележувајќи ја. Еа како да го почувствува погледот на Неа, ја крева главата и гледа право во неа.

Неа: Која си ти?
Еа: И јас би можела да ви го поставам истото прашање, ама вие сте седнале на масата пред мене и со тоа добивате предност...
Неа: И?
Еа: Би ве молела да не го сфаќате ова како натрапување, туку просто...
Неа: Просто како плескање газ на туѓа маса.
Еа: Избрав друга, ама луѓето од ресторанот...
Неа: Ти рекоа дека оваа на која седам јас е токму по ваша мерка и оп ве сместија...

Еа: Не, воопшто не беше така. Јас седнав и оп...
Неа: И оп дојде еден...
Еа: Не, не беше така, и оп слушнав глас...
Неа: Дојде глас без еден...
Еа: Авторитативен, сепак смирувачки... Глас како да излегуваше, или како да слегуваше...
Неа: Ма ајде жено, уште да ми кажете дека сте го слушнале гласот на Севишниот...
Еа: Многу построг, поавторитативен. Просто смрзнувачки...
Неа: И што ти рече, ти се молам?
Еа: И оп, ми рече да се преместам на твојата маса.
Неа: Ајде бе, и зошто токму на мојата, оп?
Еа: Поради безбедносни причини.
Неа: Подобра причина ниту на сон не би ти дошла, оп, а?
Еа: Ми рекоа дека не сум единствената дека и други преместиле. И тие си избрале маса, ама оп, ги преместиле...
Неа: Што мене некој не ме премести бе, мајката!
Еа: Само поради тоа што сте избрала безбедна маса.
Неа: Ај, слушај, престани веќе, воопшто не ми е до заебанции. Ајде бришка! Денес одлучив да бидам сама. Се токмев со денови да излезам од дома и да бидам сама во ресторан. Сфати ме, не ме интересираат никакви преместувања, не сакам никакво присуство на мојата маса особено кога е без моја дозвола. Ова нема ништо лично со вас, па би ве молила да ме извините...
Еа: Но, верувајте ми немаме друг избор.
Неа: Немаме? Тоа ти мислиш дека немаме. Всушност ти можеби и немаш, ама јас имам. Токму за тоа се залагам, да имам свој избор... Да избирам и да одлучувам самата... Долго време истражував и сфатив сè е до волјата. Ако ти е јака тогаш избор имаш и ќе имаш. Има вежби за тоа: Вдишуваш длабоко **(вдишува длабоко воздух)** и се спушташ кон решавање на проблемот... Вдишуваш длабоко и се спушташ кон... Запомни, изборот треба да биде секогаш твој. Не дозволуваш никому да ти каже каде си и што треба да работиш...

Ја грабнува ташната од масата и заминува. На масата останува само Еа. Се однесува како ништо да не се случило. Откако ќе се сврти ту на лево, ту на десно почнува повторно да пребарува во ташната дури и да вади дел од содржината во неа. Но, наместо на масата да атерира некој од персоналот на

ресторантот, седнува повторно Неа. Растревожена е, поточно изгледа уплашено. Гледа со поглед во кој има барање за прошка. На Еа не и треба многу за да сфати дека на масата од спротивната страна веќе некој седи. Ја крева главата и ја здогледува Неа. Неа ги грчи рамениците. Ја става ташната на масата. Ја отвора. Почнува да пребарува по неа. По кратко време ја крева главата и гледа во Еа.

Неа: Извинете мислев дека, ама...
Еа: Го очекував тоа од вас...
Неа: Извинувањето?
Еа: Не, да се вратите.
Неа: Знаете јас имам цврста волја, ама тие...
Еа: Да, да, немојте да ми кажувате, знам дека се тие… Токму тие...
Неа: Веќе не е дозволено и да се излегува од ресторанот.
Еа: Ви реков поради безбедносни причини.
Неа: Токму поради тоа. Оваа маса, всушност вашата маса...
Еа: Веќе е заедничка маса.
Неа: Нужно е некои работи да се заборават. Тоа е уште едно правило за јакнење на волјата. Ете треба да ја заборавам претходната желба... Штом изгледа неоствaрлива не треба да си ја абиш волјата на неа... Волјата е она што најмногу ни треба... Немам сознание колкава ѝ е употребната вредност... А сепак таа е единствениот механизам за решавање на проблемите...
Еа: Чувството е прекрасно... Како во тоалет?
Неа: Токму така, најдобро е ако одлучиш кога си во тесно да не им ебаш матер на оние околу тебе... Ама некои работи не можат да се средат.
Еа: Како во тоалет...
Неа: Никогаш не знаеш што те очекува кога ќе влезеш, а што кога ќе излезеш...
Еа: Мислев да седам да пушам, да пијам и да не размислувам, ама баш на ништо. Знаете, не треба само да се држи куферот подготвен во ходникот туку понекогаш и да се земе, да се однесе, а и ти да се одвееш со него...
Неа: Се викам Неа, работам во Институтот за сеизмологија.
Еа: Јас сум Еа, работам во државната болница за белодробни болести.

Неа: Чекам секој ден да ме дрмне земјотрес, а ме дрма само депресија, стопостотен очај. И тука помага волјата, силната, цврстата... Сурова професија, ама ти дава можност да бидеш точна и прецизна и што е најважно будна...Мразам изненадувања...За сè сакам да бидам подготвена и соодветно да реагирам... **(Вдишува и издишува)**
Еа: Многупати се трудам да мислам на нешто друго... зашто болните мислат секогаш на едно те исто... Тие се борат за воздух а јас се задушувам. Белиот мантил го чувствувам како моја кожа... Никако да го соблечам, да го истругам од себе... Велат дека само жените можат на болните да им пружат соодветна помош зашто тие имаат инстинкт за сочувство, за љубов кон другиот, за разбирање... Само жените и докторите знаат колку лага им е потребна на луѓето...

За цело време пребарува по ташната и наеднаш од истата го вади пудрото и почнува да се пудри. Дига голем прав.

Неа: (Кашла) Од таквото нешто постојано се закашлувам. Штетно е за здравјето. А некои од жените го употребуваат и дење и ноќе. Небаре е мајчино млеко...
Еа: Сакам нешто да ме покрива, поготово кога ќе останам сама на бришан простор...
Неа: Мислам дека овде сме спречени да викнеме: „Келнеер доаѓај ваму копиле едно!“
Еа: (Се плеска со пудрото по лицето) Многу можам да издржам под покривката од пудрото кога сум возбудена...
Неа: (Вади цигара и ја пали) Јас со цигарата. **(Повлекува длабоко од цигарата и се закашлува)**
Еа: Важно е да мислиш дека ти е од пудрото...

(Пауза)

Двете жени вадат ревијални весници од ташните и ги листаат. Гледаат во нив како што би гледала дама на кутија црви за риболов.

Неа: Ги понесов со себе за да ги читам...Сè ми се чини овојпат само ќе ги листам...

Еа: Мислев во ресторанот е како во тоалетот... Читаш и уживаш. Не знаеш што е поинтересно, тоа што си сама, или тоа што некој го сликал принцот на Бурунди гол.
Неа: (Гледајќи во ревијата) И листањето на ревиите си има своја предност. Еве токму во ваков случај можеш да забележиш дека жената никогаш не изгледала поинаку освен како жена. И фотографиите ѝ се исти. Секогаш имаат доволен број на гради, нацрвени усни и очи во кои постојано се гледа надуван воајер.
Еа: Во тоа е предноста на жените. Изгледаат еднакво а се толку многу различни.
Неа: Различни кога мислат... А дали мислиш дека мажите читаат женски ревии?
Еа: Не читаат. Оти не можат да прават две работи наеднаш: Ем да гледаат, ем да читаат.
Неа: Мислам дека немаат еволуција во погледот кон жената. Уште од Ева на ист начин ги гледаат жените. Во младоста гледаат во жената без да дишат, а во староста само дишат оти едвај гледаат...

Замолчуваат. Молкума ги листат ревиите што одвреме навреме си ги разменуваат. Наеднаш извикуваат во еден глас.

Неа: Келнер!
Еа: Келнер!

Од келнерите ниту трага ниту глас. Следи заклучок.

Еа: Немаат навика да служат жени... Дали мислиш дека келнерите сакаат да имаат моќ над жените?
Неа: Колку е тоа смешно, некој кој е роден за прислужник да сака да има моќ над жените... **(Скока од столицата го подига фустанот и така разголената нога ја крева на масата. Зазема сексси поза)** Затоа треба да се удри по неговата кревка волја.
Еа: (Го прави истото што и Неа) Ако треба да се удира нека осетат дупла доза.
Викаат по келнерот: Келнер! Келнеер!

(Пауза)

Еа: Навистина, на почетокот беше само гласот.

Неа: Строг, предупредувачки... Смрт за секоја волја...

Во исто време ги спуштаат нозете од масата. Седнуваат на своите места.

Еа: Беше доволно убедителен да ме спречи во изборот.
Неа: И доволно силен за да ме врати назад...

Се слуша гласот што за време целата приказна ќе ги известува жените за непријатните случувања.

Гласот: Драги гости Ве молиме да го уважите нашето извинување. Вратите од ресторанот ги затворивме во интерес на вашата безбедност. Во ресторанот не може нити пиле да влета, а камоли пак некое да излета. На улицата наспроти ресторанот е забележана поголема група на келнери, вработени во угостителските објекти во градот. Келнерите се незадоволни од третманот на оние кои ги користат нивните услуги. Ги бараат своите права преку улични демонстрации. Нивните пароли не се за слушање затоа се потрудивме целосно да ве изолираме од непристојните звуци што доаѓаат однадвор. Бидете спокојни и уживајте во нашита услуга и нашето мени. Но, сакаме да ја уважите и оваа ново настаната ситуација: Поради штрајкот на келнерите ги молиме гостите самите да се послужат со она што ќе биде нивен избор од менито.

Неа и Еа стануваат од масата излегуваат од салата. Се враќаат со парчиња торта во рацете. Седнуваат на масата. Секоја на своето место. Додека јадат од тортите во чиниите.

Еа: Да знаеш дека немаше друга освен твојата маса...
Неа: А потоа и за мене беше само твојата.
Еа: Едноставно бевме принудени да седнеме на нашите маси.
Неа: Всушност на нашата маса.
Еа: Да, да... Прво беа нашите потоа стана нашата.
Неа: Не, не, прво беше нашата потоа станаа нашите. Секогаш е така. Сè почнува од едното.
Еа: Но, не е исклучиво нашите да станат нашата, односно од двете да стане една, односно секоја да добие свое место на едната...

Неа: Да, ама тогаш и ние ќе треба да сме едно. Вака има секој свој дел. Тоа што имаш свој дел зборува дека масата не е една туку се две, или дека ние не сме едно туку сме две. Еве погледни **(Извикува)** Неа! **(Се слуша ехо)** Еа!
Еа: Но, никогаш не е исклучок на двата дела да се гледа како на еден.
Неа: Во таков случај никогаш не ќе можеш да имаш свој дел. А и не ќе можеш да бидеш сама. Еве погледни **(извикува)** Неа! **(Се слуша ехо)** Еа!
Еа: Можно е и без да се согласиш едното да се преклопи во другото...
Неа: Волјата може да го реши проблемот – Со неа можеш да седнеш секогаш на своето место дури и кога масата не е твојата.
Еа: Да бидеме двете и секоја да биде самата со себе.
Неа: Во дадениот случај само ако сакаат тие.
Еа: А тие ги нема.
Неа: Не се гледаат, ама овде се и премногу се. Не ти даваат да дишеш.
Еа: (Се фаќа за градите. Премалува) Те молам не спомнувај го глаголот дишеш. Имам фобија од него. Еве сега губам воздух... не можам да дишам. Изгледа дека ќе останеш сама, ако само уште еднаш го спомнеш...
Неа: Сама! О, па тоа е она што ми е најпотребно. Во таков случај те молам диши! Диши и тоа длабоко! Ајде дишии! Еве погледни ме мене **(Зема длабоко воздух и така издишува)** Диши! Диши!
Еа: (Некако си доаѓа на себе) Престани! Кога некој се однесува како идиот и јас го правам истото, идиотски останувам во живот.
Неа: Само во мислата.
Еа: Мислиш оти само мислам дека сум жива?
Неа: Мислам дека само мислата што ја одредува волјата може да нѐ спаси.
Еа: Еве мислам дека сум сама, а всушност не сум. Значи не сум сама. Мислата е како и сенката. Жената што има сенка никогаш не е сама... Можеш да и земеш кројка, како во народната, по сенката, или да ја фатиш за газот исто според народната, преку сенката.
Неа: Кога почнуваш да ѝ се предаваш на волјата ти си тоа, волјата и ништо друго... Еве да речеме кога мислиш, ти не си ништо друго освен мисла. Кога мислиш на твојот покоен татко и мисла-

та толку те приближува до него. Што си ти? Па ти си мисла што се приближува кон твојот татко кој исто така повеќе не е материја. Само така можеш да му се приближиш. Мислата ја транспонира материјата...
Еа: Епа мислата е најголемиот убиец на осаменсота.
Неа: Таа е само потикнувач.
Еа: Додека мислам дека имам срце, додека мислам дека имам ширно-широко, огромно срце, додека знам дека срцето цел свет ми е, зарем можам да бидам сама. Мислата + срцето + јас тоа се веќе тројца.
Неа: (Занесено) Мислата е постоење. Сите други постоења волјата ги сведува на едно. Стануваш мисла, всушност само мисла и тоа е доволно...

Почнуваат лакомо да јадат од колачите во чиниите. Наеднаш се креваат од столиците, ги пуштаат синхронизирано лаживчињата во чиниите со сè уште неизедените колачи. Заминуваат од салата. По кратко време се враќаат со по еден филџан кафе во рацете. Седнуваат на масата. Пијат од кафето во манир на дами од високо општество.

Неа: Филџаните за кафе исто така се подаваат со тацни. Ова овде излегува од општо прифатените норми на однесување. Секогаш кога ќе ми подадат филџан без тацна знам дека нешто лошо ќе се случи...
Еа: Непочитувањето на малите, просто незабележителните норми на однесување секогаш откриваат големи нешта: Оној што ги крши има проблем со себе...
Неа: Но, волјата може сè... Пред сè мораме да сфатиме дека овде правилата за гостопримство се во подредена положба... Најдобро ќе е ако се префрлиме на содржината на филџаните... **(Пие од филџанот со кафе)** Дури откако ќе каснам од тортата ми паѓа на ум дека не сум пиела кафе.
Еа: Мене боите на ролатот ме потсетуваат дека вистината е во црните фигури што кафето ги остава во филџанот.
Неа: Но, не и еспресото.
Еа: Него го измислиле мажите за да им се скрати муабетот на жените.
Неа: Но, затоа пак жените што имаат цврста, силна волја пијат само турско...

Еа: Кафе што остава талог на дното...
Неа: Во кој непогрешно го бодеш средниот прст и оп...
Еа: (Уплашено) Ај, не сакам повеќе да ја менувам масата, само што помислив дека оваа ми се погоди...

Гледаат втренчено во филџаните.

Неа: Имам многу патишта во филџанот и тоа сите црни. Не знам кој пат да го фатам, а кој да го оставам за оние што по мене ќе тргнат?
Еа: Еден од нив продолжува во мојот филџан. Да го зачувам или да го прекинам со желба.
Неа: Гледам и некаков гулаб и квачка со огромни очи и клуч што ѝ виси околу вратот.
Еа: А кај мене се собрале сите црни петли. Свртени се кон оној од средината. Тој пак гордо ја извива главата додека од газот му излегуваат шишарки.
Неа: Клучот што ѝ е обесен на вратот на квачката ѝ ја спушта главата надолу а газот ѝ го крева нагоре. Од него ѝ излегуваат локомотиви.
Еа: Вагоните се движат во мојот филџан. Низ прозорците ѝ се гледаат војници. Сите се со бајонети, само еден е со мустаци.
Неа: Кокошката ја отвора устата од неа излегуваат пилиња. Никој не ѝ верува оти кај неа поштарот ѕвони два пати. Таа е премногу зафатена за да го слушне. Па, сере вагони.
Еа: Кај мене на полјаната слетуваат ангели со авиони.
Неа: Темните облаци ги забораваат во мојот филџан.
Еа: И ги собираат пилињата на квачката.
Неа: Нееее!
Еа: Ниту едно пиле не се противи, ниту еден вагон не излегува така лесно.
Неа: Нееее!
Еа: Еден од петлите мокри врз покривот од ресторанот. Салонот се потопува.
Неа: Фала му на Господа!
Еа: Ќе се слушне глас што ќе ја најави содржината на филџанот и крајот на светот.
Неа: На нашиот свет.
Еа: Ништо не е во наши раце...

Пијат од кафето во филџаните. Молчат. Неа почнува лакомо да јаде од тортата во чинивчето. По неа истото тоа го прави и Еа.

Неа: Слатките, само тие можат да ѝ го задржат зборот на жената во устата.
Еа: А кој ќе ги замолчи фигурите во кафето...
Неа: Треба да сфатиме дека тие секогаш зборуваат за други, не за нас..

Се креваат од столиците и заминуваат од салата.

КРИТИКА

ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ

ВРЗУВАЊЕ НА ПЛАНИНСКИ ВИБРАЦИИ

(Кон книгата раскази „Нова приказна“ на Мерсиха Исмајлоска, изд. „Бран“, Струга, 2014 г.)

Со врзувањето на зборот во нитки проткаено со мотиви и препознатлив стил, Мерсиха Исмајлоска ја дава основата и го темели зборот во проблемот, перцепцијата и нарацијата прикажано во основа преку вкрстувањето на „Истокот и Западот, односот помеѓу литературата и визуелните уметности, врзувајќи го помеѓу фантастичното и визуелното“. Родена е 1980 год. во Струга. Докторант е на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Нејзина прва книга е збирката раскази „Нова приказна“, а деновиве „Бран“ ја објави и нејзината втора книга „Тангента“, што доаѓа како резултат на нејзиниот повеќегодишен интерес за критиката и есеистиката. Нејзини текстови преведени се на: српски, хрватски, бугарски и други јазици. Во 2013 год. ја доби престижната награда „Книжевна далга“ на „Струшките книжевни средби“ за 2013 година.

Денеска Мерсиха Исмајлоска е дел од тимот, поточно столбот на ревијата за книжевност „Бранувања“ која се уредува и издава во Струга. Мерсиха Исмајлоска наоѓала и наоѓа свое место на страниците на списанија со кои соработува оваа ревија. Паралелно таа во периодиката ги објавила: есејот „Балкански куфер“, расказот „Земјата под моите нозе“ и други прилози кои од читателите се добро прифатени, што, пак, кај неа ја роди идејата за објавување книга раскази.

Припаѓа на помладата генерација македонски писатели. Во нејзината нарација се издвојуваат синтагми поделени во 3 циклуси: „Детство“, „Младост“ и „Зрелост“, што упатува на констатцијата дека таа патува низ времето од раното детство и младоста, преку стекнатото образовние, па до формирањето на личноста и знајноста. Исмаилоска ја врзува приказната со нишки и кристали на пред сѐ одот и својата животна поука и градба. Притоа црпејќи ја секојдневната случка, дојавка и човекова приказна.

И неслучајно, Мерсиха Исмалјлоска првиот циклус го започнува со блескавата приказна „Девојката со кристална sвез-

да на челото“, а за девојката што е родена во градот и белото езеро и во приказната, вкрстувајќи го истокот и северот слично на Милчо Манчевски во „Прашина“, овој пат доближувајќи го овде и сега во својата родна земја, во својот роден град, летајќи на грбот од Змејот и ликовите греани од Сонцето, а на полна месечина – прегратка и бакнеж. И во останатите приказни од циклусот „Детство“ Исмајлоска прави прошетки по урбаното и завршува со „малиот принц“ кој најавува дека и овде „Сонцето угреа на исток, а зајде на запад“.

Мерсиха Исмајлоска во вториот циклус „Младост“ ја продожува нитката на љубопитство и детска наивност, а како аспект на гледање на нештата, но ја отвора и онаа врата која ја најавува Зрелоста и тоа преку страста, копнежот, честите љубовни мотиви, како и приказните за Љубовникот и Љубената, вели литературнот критичар Александра Јруковска.

И дека е тоа така, говори низалката раскази на игри и ритми, распослани стихови и строфи, та чиниш нивниот пев се танци, песни во проза, во кои Мерсиха Исмајлоска прави верификација на самопостоењето, верификација на стаменото Јас и на Јасноста.

„Ти на чија музика вибрираат планините,
а есенските лисја глумат пеперутки, ти што
го верифицираш моето постоење со вкус на
лимон и зелен чај, ти снег налик небо, а кафе
налик снег, ти драгоцен самрак на денов, ти
љубов на прво огледало, ти само едноставен
анаграм од моето име.“ („Ти“)

Токму песната „Ти“ е примерок на циклусот „Младост“ каде што ја потврдува констатацијата за „песни во проза“ во кои се разлеваат дози на љубов, радост, студен бран, страв, но и искри блескот, гласови и желби, на далечни патувања, на здив и мириси... И пак, Исмајлоска не бега од белото езеро и езерскиот кариес, таа како со брилијантин ги разлева, а со срма ги ѕида палатите на ем имагинарната ем божемната појава.

Слично на телепатија, или фантазирана имагинарна љубов, и во третиот циклус „Зрелост“, Исмајлоска исповедта ја продолжува во стил, мотив, манир на балкански – светски патник со заглавена љубов во „лондонското такси“, љубов спакувана во куфери и средби со безимениот низ магичните патокази на јунаците, врзано во својата лична карта:

„Име: Мерсиха
Псевдоним: Мери
Тајно име: Амалтеа
Омилен супер херој: Супермен
Најголема детска симпатија: Игор Џамбазов
Омилена детска приказна: Алиса
Омилена чоколада: со марципан
Омилен соговорник: еден од современиците на
св. Климент
Омилена песна: По (д)рум одам
Боја на очи: не знам, никој не ми ја кажал,
ни огледалото.“ („Лична карта“)

Ете тоа е Мерсиха Исмајлоска која и во своите раскошни есеи за другиот знае да напише: „На мигови со исповеден тон, низ сите тие гласови се чувствува имплицитниот автор кој зборувајќи за онаа војна надвор, всушност, зборува и за онаа интимна војна внатре, во себе. Војната – надвор во која суровото заложништво е искуство на самиот живот во кој се менуваат позициите на жртва и угнетувач во зависност од „точката на гледање“; војната – внатре во која самиот живот се обраќа на „живиот“ (од напишаното за Сибила Петлеска во есејот за романот **„**Мојот Антонио Диаволо“). Во напишаното, пак, за Ели Шафак и нејзиниот роман „Копилето од Истамбул“, покрај другото, Исмајлоска ќе констатира дека се извлекува како заклучок онаа кревка вистина дека *животот е коинциденција*, а со што книжевната вистина непосредно ја допира онаа животната.

МИЛИЦА ДИМИТРИЈОВСКА-РАДЕВСКА

ПОЕТСКАТА АУРА НА ВЕТРОТ И ВРЕМЕТО ВО ПОЕЗИЈАТА НА ПАНДЕ МАНОЈЛОВ

Светот нѐ набљудува, ние го набљудуваме светот. Во таа интеракција создаваме прашања и бараме одговори. Секој на свој начин, според своја промисла, некој со зборот, некој со сликата, но сите со она што подеднакво нѐ лимитира – душата – тоа море од бранови, тој вулкан од страсти. Затоа што само кога се тие вистински и чисти може да се роди уметноста, да се допре молкот и тишината, да се проникне во темнината, од белото и безобличното да се поттикне божилак на добродетелта и човечноста. Следејќи ја таа трага на вриежи, на внатрешни бури и огнобојни протести допрев до најновата поетска креација на Панде Манојлов „Ветровито време“.

Панде Манојлов е поет, раскажувач, театарски критичар и публицист, автор на поезија за деца. Од првата негова стихозбирка „Црвен немир во црвено пламти“ објавена во 1971 г., преку стиховите во „Соѕвездие на болот“, „Огнена земја“, „Блаженина“, „За Битола, вековите и љубовта“, „Срца булки и снегулки“, „Македонски поетски молк“, „Лет во сонот на Ајфеловата кула“, „Љубов и чемер“, „Тевекелиски песни“, „Битола љубов моја“, поетот е доследен не само на тематското јадро туку и на едноставната вистина дека големината на секој запис е во промисленоста на зборот, во тајнописот, во излеаната горчина како збор алтан што се изделува од душата.

„Ветровито време“ е синтагма која ја определува суштината на една нова филозофски јадровито исполнета поезија. Ветерот и времето како непостојани, несигурни категории кај човекот будат страв од неизвесноста, од недореченото, од непосакуваните промени. Тој неспокој на поетот Панде Манојлов низ педесетината песни во оваа најнова стихозбирка конотира нови семиотички значења на лексичките единици татковина, судбината на поетот, родот и родниот кат, современите опстојби и состојби. Но тоа се и минатите искуства како носталгичен бран на веќе реализирани мечти, на нешто што експлицитно е трајно во еден човечки живот, а тоа е младоста и младешките пориви да се верува искрено, да се верува безрезервно во идеите и идеали-

те. И кога има делби и разделби со најблиските тогаш и тие се доведуваат во врска со откорнувањето од сопствениот корен, односно поединечните драми за поетот Манојлов стануваат колективни затоа што на тој начин според поетот се разјадува не само колективот туку цел еден етнос и бит. Бидејќи според поетот „вечниот живот е само/ со сопствената татковина („Да се замине на запад“). Во тој контекст евидентни се нишките на еден експресионистички строеж, односно вистината дека

„Колку да не сме надвор
од дијалектиката на генот,
од биографијата
која со векови
сами си ја пишуваме!“ („Дијалектиката е нешто друго“)

Но, ако генерално поезијата на Панде Манојлов ја определуваме како ода на патриотизмот, сепак таа има и повисоки дострели, зашто за поетот патриотизмот не е само љубов скришна и тајновита, љубов горкорек и љубов стамена туку во овие поетски записи тоа е љубов со универзални значења, со еден космополитски стремеж во духот на еден Рацин да се почитува и коренот и родот исто толку колку што во срцето носиме љубов за оние што нѐ почитуваат.

„Од Македонија,
во Башкортостан,
во Уфа јас ќе дојдам,
во душите на браќата мои:
Руси,
Башкирици,
Татари,
Украинци,
душа македонска
братски да слеам!“ („Ќе дојдам во Уфа“)

Композициски стихозбирката „Ветровито време“ е конципирана во четири циклуси и тоа: „Скршено огледало“, „Мојата песна“, „Птица“ и „Пред бог да ми суди“. Секој циклус одделно, но и сите циклуси заедно се поврзани со по една нишка на болка, љубов, молитва, сеќавање низ разбрануваните стихови на душевниот омај.

Во првиот циклус „Скршено огледало“ – молкот, маглата, невиделицата, неспокојот ја одразуваат таа нова стерна што бучи и јачи во душата. Но поетот има светоглед и светорек за да ги спои тие скршени парчиња на огледалото, тоа е мерката на

современиот човек кој постојано јазди меѓу сопствените јанзи, надежи, изневери и светот кој вртоглаво се менува, ни бега под нозете неповратно. И затоа во песната „Богатство“, поетот со многу цинизам со молкот Молитва ќе потенцира;

„Пет гробни места
За едно тело
За еден битис
А за мојата душа
Само
Едно
Гробно место
Македонија!
Богат сум,
Мој народе
Многу сме богати!“

Овој циклус во себе го содржи тој архетип, таа прокоба на преселбите, на стравот и проклетството-туѓината пуста да остане. Но авторот тука сопствениот страв го раздиплува во еден згуснат метафоричен наниз на емоции:

„Да можам да избришам сè
Сè би избришал...
Би ја избришал носталгијата
Сртот на печалбите
Зајдисонцето
Сите мераци,
Мерак по мерак...“

Длабоко лиричен и метафоричен поетот Панде Манојлов во овие поетски записи како копаничар на зборот врежал носталгични и меланхолични бранови, кои плискаат како огнени лави и како гејзери на душата, но тоа се записи и годови за одболувани мечти, за една мудрост стекната низ животното искуство дека:

„Сè е трајно
трајно и минливо,
трајно и недофатно,
времето
ништо не измислува
надвор од пишаното
и на портата запишаното!“ („Порти“)

Всушност, вториот циклус „Мојата песна“ има заеднички именител, а тоа е љубовта – љубовта на создавањето, љубов-

та на стихот мрежа на поетовите соништа и мечти, љубовта кон сеќавањата, љубовта кон минатото и местата кои како бисери му ја прочистуваат душата, љубовта кон саканата, љубовта како најдлабоко почитување на сите со кои ја споделил тајната на раѓањето на зборот и песната. Од напуканото срце на поетот течат стихови кога месечината ќе се скрие зад темните облаци. „Самотник и сам,/ сенка и црн човек/ пред кристалните порти/ на поезијата!“

Истовремено една нова поетска аура препознаваме во поезијата на Панде Манојлов. Да се бдее неуморно, да се биде духовен испосник, да се биде искрата залеана во кандилцето што ни свети пред иконата на нашиот животен иконостас.

„Не заспан
спијам и во сонот бдеам:
од страв
огнот да не изгасне,
портите дедови
да не се затворат!“(„Страв“)

Поетскиот простор во циклусот „Птици“ е населен со звуци и тонови на величие и пад, на ловец и лов, на трага и стапица на духот. Поетот се обидува да ја разбере таа магија на животот скриена меѓу светлината и мракот, иако животното искуство му покажало дека „чемер во душата длаби месечината“.

Со зрелоста стануваме помудри, но и пореторички настроени пред одговорот што ни длаби како сврдел, како стерна во душата. Ветерот и времето на тој начин за поетот не се само потрага по заветно место туку тие се и духовни меридијани кои треба да се зауздаат, да се припитомат, да се глаголи со скрбна душа, да се биде намузлија за родот, но и столетен даб за оние што галатат непрокопсани думи.

„Како да не мислиме ништо во ветровито време,
како да не мислиме што другите нас ни мислат,
како сѐ да е бесмислено кога педа по педа ни земат
и од родни куќи, од родна стреа, од своето нѐ бркат!“
(„Ветровито време“)

Во циклусот „Пред Бог да ми суди“ поетот Панде Манојлов ѝ дава и на душата и на поезијата една епска димензија. Секој стих е историја, секоја воздишка е Македонија, секоја починка е неумора и во сонот и на јавето поетот пее за љубовта кон татковината, кон добрината! Во она што поминало и во она што доаѓа поетот сосема рационално го апострофира прашањето за

новиот ветер, новиот виор што нѐ корне до непостоење. Во ниту еден миг од своето поетско патешествие Манојлов не се крие зад големите зборови и пароли, напротив секој збор за поетот е врело железо што се витка под ударот на срцето, совеста и достоинството.

Постојан, богат, замислен над судбината на поетите не само како индивидуи, туку како уметници кои низ сопственото вдахновение создаваат вистини и висини кои се потрајни од реалноста, кои привидот го вообличуваат во нови закономерности на универзумот, поетот споделува и прашања и верба во моќта на зборот и на уметноста воопшто . „И кои сме ние/ пред смртта и во смртта/ што градиме од стихови/ кули вавилонски,/ кои сме ние/ скитници во бесконечноста,/ отаде пеколот,/ отаде рајот –/ во вечноста славни?// Поети/ и ништо друго!/ Смрт и слава/ истовремено,/ зрно мудрост/ фрлено во вселената,/ некој што ќе нѐ помни/ како јас во потрага по височините/ Есенин што го помнам!“ („Поети“)

Така населените простори на душата несомнено не значат само ослободување на мислата туку и најискрено верување во идејата дека смислата на создавањето на поезијата не е во миговноста, во величието туку во разжилувањето на безвременоста за опстојот на родот и родината, но и најсилен отпор против неверициите и непрокопсаните лунsаања на истрајвекот. Ваквиот глас и одглас на Панде Манојлов е силна брана, изоран угар, растопено наметиште од кристализирани фрази. Затоа што „животот/ е коњ што бодина/ и мора да се јава/ ветровито да се јава, подалеку од пеколот/ до небото горе“. („Смислата на животот“).

Затоа оваа поетска стихозбирка „Ветровито време“ на Панде Манојлов како отворен медиум за поетски дијалог заслужува да биде споделена меѓу собеседниците, сонувачите, трагачите и толкувачите на овој уметнички израз.

СОГЛЕДБИ

ЈОРДАН ПЛЕВНЕШ

ЗА УМЕТНОСТА НА ЗБОРОТ ОД МАКЕДОНСКО-ЈАЗИЧНА ГЛЕДНА ТОЧКА

Бесмртниот Аргентинец, погребан во Женева, Хорхе Луис Борхес, пишуваше дека и самиот рај го замислува како „Голема Библиотека“.

Бидејќи и Македонија е земја која заедно со Израел е најспоменуваното име во Библијата, земја – книга која остварила одисеја долга повеќе илјадалетија, и ние имаме свој дел во рајските полици на незаборавот.

Почнувајќи од античките трагичари и рапсоди што пишувале и пееле во оваа древна земја, преку само 104 збора (и со букви: сто и четири збора) останати од исчезнатиот антички македонски јазик, што според светските лингвисти претставуваат лингвистички супстрат на светската меморија, преку Апостол Павле кој со своето Послание го освоил срцето на Лидија, првата христијанка на Европа, трговка на пурпур, пренесувајќи ја пораката од Ерусалим, до сите земји на стариот континент, како лулка на светската цивилизација. Таа хронологија продолжува и преку во Македонија родениот Јустинијан Први, четиринаесет векови пред нас, кој откако ја изгради „Света Софија“ веруваше дека, преку книга, целиот свет би можел да биде правна држава, А сè уште не е!

Преку рамноапостолите и најголемите ерудити на своето време, св. Кирил и Методиј кои дотогаш тријазичната Европа ја даруваа со нови азбучни молитви преведувајќи ја Библијата на старословенски јазик, кој потекнува од македонските говори од Солунско, беседеа во далечната 867 г. на плоштадот „Св. Марко“ во Венеција: „Зарем сонцето не грее и дождот не паѓа подеднакво за сите?“

А сè уште не грее и сè уште не паѓа!

Да не заборавиме, дека Папата Јован Павле II во 1980 г., 11 векови по нивната смрт, ги прогласи св. Кирил и Методиј за Заштитници на Европа, зашто никогаш не е доцна кога станува збор за цивилизацијата на љубовта и носталгијата во единството.

Да не заборавиме, кога зборуваме за книгите и Македонија, дека една книга под името „Тајна книга“ (која потекнува од X век и денес се чува во Националната библиотека во Париз), која ја напишал човек со пресечен јазик и симболички претставува метафора за македонската спиритуална егзистенција, што тргнала како оригинал од островот Голем Град во Преспанското Езеро и стигнала, како копија, во музејот на инквизицијата во Каркасон, Јужна Франција, сѐ уште ја бараат бројни научници и не можат да ја најдат.

Да не заборавиме на првиот Охридски универзитет на св. Климент и св. Наум и првата школа на хуманизмот, да не заборавиме на византиските певци и на отоманските сонувачи и суфисти кои се напојувале од бескрајот на Џелалудин Руми Мевлана и Јунус Емре минувајќи низ Македонија.

Да не ја заборавиме „пролетта на народите“ во европската историја, во XVIII-XIX во која печатените книги на македонски јазик, во Венеција во 1802 г., во Будимпешта меѓу 1815-1820 година, во Виена и во Солун, означуваат време во кое низ поголем број европски градови како Париз, Женева, Лондон, Москва, Санкт Петерсбург, излегуваат весници и списанија на македонската интелигенција која во сонот за припадноста кон европското семејство на народите сонува низ идејата за сопствениот јазик.

Да не ги заборавиме стиховите на македонскиот романтички откорнатик Рајко Жинзифов (1839-1877 г.) кој пееше и се уште пее:

„Што ви направихте книги многубројни
Ви каков донесохте плод
Усмалихте ли вие маки безбројни
На горкијот тој ми народ“

Да не го заборавиме и сонот на Константин Миладинов (1830-1860) и неговата митска песна „Т’га за југ“, пишувана во Москва и за естетската трансферзала што ги поврзува Македонија и бесмртноста, да не го заборавиме Григор Прличев кој преку грчкиот и пансловенскиот јазик сонуваше за античката максима „Совршенство или смрт“.

Движејќи се низ историската фактографија на колективното и индивидуалното, и зборувајќи за македонскиот јазик би потсетил дека Крсте Мисирков (1874–1926 г.), автор на книгата „За македонцките работи“ (1903), бардот на македонизмот наре-

чен балкански лнгвистички Моцарт, бидејќи зборувал 26 јазици од санскрит до есперанто, се нашол во прилично нелагодна ситуација на денот на неговата смрт. Имено, немало кој да ги плати свеќите за неговиот погреб, бидејќи како што вели Прличев во „Баладата на трубадурите“ за укинувањето на Охридската архиепископија (1762 г.) обраќајќи се на своите сонародници: „Ќе ми бидете сираци, така било напишано. Дојдете ми да ве гушнам за последен пат.“

Во лавиринтот на европските јазици каде што дејствува светскиот феномен наречен глотофагус (јадач на јазици), каде што голем број на јазици со писмена традиција биле жртви на гореспоменатите политички катаклизми, т.н. „пет историски минути“ понекогаш го спасувале континуитетот на еден јазик.

Петте историски минути на македонскиот јазик по Мисирков, може да бидат откриени во 3 преломни мигови на македонската историја во XX век. По крвавото задушување на првата Република на Балканот, по националната Илинденска револуција и нејзиниот краткотраен век од само 10 дена, во 1908 г. за време на Младотурската револуција турски воен оркестар по Широк Сокак во Битола, древниот македонски град – европска метропола на Балканот, во чија непосредна близина се наоѓа Хераклеа Линкестис со најзначајните мозаици во Европа, со камчиња во 27 бои, основан од Филип Македонски, каде Александар си играл како дете, пред да го освои светот, ја пее македонската песна:

„Ајде болно лежи мојто либе,
Болно лежи на постела
Ни умира ни станува,
Ни на бога душа дава.“

Тоа чувство, со забраната на македонскиот јазик во трите дела на Македонија, под Бугарија, Грција и Србија, продолжува и по првата и меѓу двете светски војни, со голем број на мистериозни политички убиства кои го воведоа во политичката историја терминот **Mazedonische Zustande** или македонски состојби, односно, што во превод значи состојба во која не се знае кој кого убива и во чие име.

Еден историчар на македонскиот јазик од тоа време пишува: „Македонија е положена во гроб. Уште само земјата што не е фрлена над неа.“

Но јазикот е жива материја и тој може да биде откриен во две спектакуларно трагични слики на поетскиот крик.

Во смртта на Ганчо Хаџи-Панзов (1907-1936, **Casa del Campo** во Мадрид 1936 г., за време на Шпанската граѓанска војна кога извикнува: Напред! на македонски, куршумот ја разбива неговата уста и неговата визија за светската иднина на човештвото.

За да се почувствува силата на македонскиот јазик во поезијата на Кочо Рацин (1909-1943), што подоцна беше објавена во поетската плејада на УНЕСКО, ќе ја цитираме неговата песна **Куќа, цел свет**

„Ако куќа не направив
со високи шимшир порти
куќа цел свет, братски ми е
братски срце што отвора
срце куќа најширока
срце порта највисока.“

Еве, тоа е еден прилог кон критиката на светската историја од македонско-јазична гледна точка во која уметноста всушност е единствен доказ дека убавината ќе го спаси светот и низ тој дух јазичкиот експерт на Европската Унија Жорж Керсоди (Georges Kersaudy) во својата книга ***Јазиците без граници*** или ***во Откривање на јазиците на Европа*** рече дека македонскиот јазик меѓу 39 јазици на Европа ќе се зборува, почнувајќи од Европскиот парламент и во сите останати институции на Европа, како јазик кој е рожба на европската и светската лингвистичка меморија. Големиот грчки поет и нобеловец Одисеас Елитис ја даде една од најубавите дефиниции за поезијата: „Поезијата е тука за да ги корегира грешките на Господ“.

Македонскиот поет Радован Павловски, наречен Принц на метафората, во својата антологиска песна ***Порака***, во духот на дефиницијата на Елитис, објавена на голем број јазици низ светот, ќе рече:

„Ако умрам носете ме на носилки од метафори
Никаде не спуштајте ме
Од брегот на едно море до брегот на друго море
одморајте ме
Растојанието нека плаче
Ако умрам мртов не носете ме во Река
Во зеницата на светот,
закопајте ме.“

Ако се заборави Александриската библиотека, за која се вели дека е „мајка на знаењето на модерниот свет“ и ако се сложиме дека денес Конгресната библиотека во Вашингтон е најголема на меѓународен план, над неа лебди еден призрак, што американските филозофи го нарекуваат: **The end of History**.

Неодамна во Македонија беше инаугурирана, од страна на библиофилот Стево Степановски, најмалата библиотека на светот во Бабино, демирхисарско село со над 15 жители, во чија околина, во археолошките локалитети сè уште можат да се најдат црни камени плочки на кои Еврипид ја пишувал својата последна трагедија „Почетокот на народите“. Нека живеат сите јазици и книги во сите големи, средни и мали библиотеки, меѓу почетокот што никогаш не започнува и крајот што никогаш не завршува.

АЛЕКСАНДАР ПРОКОПИЕВ

АНТИУПАТСТВА ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА

КАДЕ СЕ ОТСЕЛИЈА МАКЕДОНСКИТЕ ЧИТАТЕЛИ?

Неодамна, во утрински кафе муабет со скопски издавач и книжар, еден од ретките кој наспроти незгодните години го задржа ентузијазмот кон својата професија, го прашав (очекувано) како оди интересот кон книгата во неговата книжарница. Посетата и продажбата се намалува, ми кажа, а забележал и дека некои поранешни редовни купувачи ги снемало. Помлади, нагласи. Пред некој ден, една од нив, девојка која порано постојано пребарувала по новите изданија и ја „наградувала“ својата платнена торбичка со барем една нова книга, по цели две години влегла во книжарницата. Книжарот се израдувал кога ја видел, „Па каде беше цело ова време? Што правеше?“. Му одговорила дека сега живее во Берлин, и замисли, нашла работа во книжарница. Задоволна е: продава германски книги, а и натаму си ја храни страста по читање. Германската литература е толку богата, а и така го усовршува знаењето на јазикот.

И оваа навидум ситна анегдота го начнува главниот проблем на нашата држава – иселувањето на нејзините млади граѓани. Сите други суштински прашања се нераздвојно врзани со него. Во секоја категорија на животот на заедницата, младоста се врзува со она што доаѓа, што е понатаму (напред или назад?), со она што носи несомнена социолошка, економска, културолошка сила. Без оглед дали учинокот ќе биде добар, помалку добар или лош, генерацискиот проток е животворен за државата (општеството). Ирска и Норвешка, држави коишто во минатиот век ги губеа младите жители, не толку поради војни и болести, колку поради емигрирање, ги имаа сличните неволји како и нашата држава: сиромаштијата, агресивните соседи, долготрајното национално-историско оспорување и боледување. Сепак, ги дадоа Џојс и Ибзен, Јејтс и Мунк, и уште неколку уметници со европско значење и реноме. Но што е уште поважно – опстојуваа како држави наспроти сите историски и економски бури! И наспроти емигрирањето. Сега во нив емигрираат млади од некои други држави!

КОЛУМНИСТ

– Ви ја читав колумната во „Лик“ – ме пресретнува понекогаш познат или непознат сограѓанин.

– Колумната?... А, мислевте на антиупатството.

Како и на секој пишувач, мило ми е кога ќе ми кажат дека ме читаат, но тоа дека почнаа да ме сметаат за колумнист ме замислува. Не поради било какво потценување на овој сè попродуктивен и поприсутен жанр, којшто поради својата директност и брзина (повторно таа!) е сосем примерен за денешното транзициско време. Од друга страна, литературата, и кога е најартистична, е барем латентно ангажирана. Тоа им е добро познато на политичките режими кои секогаш се трудат да ги врзат за себе значајните уметници. Или, спротивно, да ги казнат ако се спротивставуваат или се субверзивни.

Делувањето на литературата е побавно и постепено, но затоа подолготрајно. Есејот, расказот или романот не можат да делуваат толку брзо како социјалните мрежи, а ни како колумните. Затоа е сосем очекувано што колумнистите се намножија. И некои добри писатели станаа колумнисти и дури во својата средина се попознати како колумнисти отколку како писатели. Дали тоа значи дека тие ја прифатија колумната поради желбата за поголема ангажираност? И при тоа се свесни дека користат некој поинаков јазик, некои поинакви стилски постапки од оние во сопствената литература, што пак се посоодветни за состојбата на духот што овде владее. Дали тогаш, на локално, но и на регионално ниво, може да се зборува за своевидна самоизневера на книжевноста, што, поради тоа што времето поддржува таков тип дејствување, ќе се посвети на создавање колумни, памфлети, полемики, а ќе ги запостави оние жанрови, како есејот или расказот, што се многу пониско на ранг-листата на читањето?

Одлуката стои пред секој автор, индивидуално, дали ќе остане верен на оние „покнижевни“ форми, задржувајќи го својот ангажман таму, или ќе влезе на теренот на колумната и со тоа, сакал тој или не сакал, во меѓупартиските препукување, со покровителство и слава кај едната страна (партија) и осуда и навреди кај другата (партија). Иако несомнено е дека и колумната, како своевиден новинарско-книжевен жанр, бара талент за пишување, па оттаму, добро е писателот, ако има желба (и храброст) да се испроба и како колумнист.

Што се однесува до мене, јас пишувам антиупатства.

СТЕФАН ВЛАХОВ МИЦОВ

МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ КНИЖЕВНИ ВРСКИ ПРЕКУ ДЕЛАТА НА СОВРЕМЕНИЦИТЕ ПРОФ. ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ И ПРОФ. ГОРАН КАЛОЃЕРА

Македонско-хрватските книжевни врски водат потекло уште од 9 век и, во зависност од историската судбина на двата народа, имале различен интензитет. Но, тие секогаш биле позитивни и пријателски. Кога отсуствувале државни институции кај Хрватите и кај Македонците тие се развивале преку контакти и соработка меѓу значајни личности од двете земји. Таа тенденција се зачувала и во поново време, кога постојат одлични контакти меѓу Македонците и Хрватите на државно ниво и на ниво на културни институции. Пример за таква професионална, пријателска и персонална соработка во текот на повеќе години се односите меѓу македонскиот професор Васил Тоциновски и хрватскиот професор Горан Калоѓера. Двајцата ги зближува интересот не само спрема родната литература и историја, ами и спрема контактите меѓу југословенските народи и спрема балканскиот свет. Љубопитни по природа и истовремено со богат фонд од информации и интелект, двајцата колеги педантно истражуваат факти во архиви и библиотеки од македонската и од хрватската историја од минатото до денес. Тие факти не го покажуваат само широкиот дијапазон на меѓусебни односи меѓу Македонци и Хрвати, туку ја потврдуваат и активната соработка меѓу балканските нации од 19 век наваму и улогата на литературата и културата за нивно зближување. За разлика од политиката, која ги разделува народите и меѓу нив крева прегради, културното општење раѓа толеранција и пријателство. Во едно интервју проф. Тоциновски вели: „По природа сум немирен и љубопитен човек па така, ни малку случајно, пишував и пишувам поезија, раскази и романи, литература за деца и млади, книжевна критика и есеистика, а најголема љубов ми е книжевната историја“.[1] Авторот е неверојатно организиран човек, како во својата научна и литературна дејност, така и во своите општествени прејави. Неговата книжевна продукција може да му конкурира на дејноста на цел

еден научен институт. Десетици се неговите книги во кои се сместени архивски материјали за „дводомните писатели“, т.е. такви кои имаат придонес за две или за повеќе национални литератури. Зашто на Балканот, државите се мултинационални уште од времето кога се создавале, во нив живеат различни етноси, кои ги развиваат своите култури и традиции. Од друга страна, балканската културна синтеза дава можност на многу творци истовремено да пишуваат на македонски, бугарски, српски, хрватски јазик и со тоа да припаѓаат на повеќе култури. Најголемата сила на проф. Тоциновски е во умеењето да открива литературни и историски факти, да ги толкува, анализира и објаснува. Во 1995 г. тој издаде зборник со документи од Македонскиот литературен кружок (1938-1941), правејќи го и изборот, и преводот, и редакцијата и белешките кон него.[2] Во Народната библиотека во Софија проф. Тоциновски ја откри книгата на Александар Цанков „Македонското прашање и Балканскиот сојуз“ издадена во 1906 г., кога нејзиниот автор е на 27-годишна возраст. Тоа е истиот Александар Цанков, кој подоцна ќе стане премиер на Бугарија (1923-1926), два пати ќе биде претседател на бугарскиот парламент, член на Бугарската академија на науките, радикален националист и фашист. Во својата книга младиот Цанков пишува: „Ќе се обидам да докажам дека единствениот благопријатен услов за натамошниот напредок на балканските државички, за нивната самостојност, се темели единствено врз нивниот сојуз заснован на: автономна Македонија“.[3] И не само тоа. Авторот тврди: „Бугарите кои сме многу блиски со Македонците“[4], признавајќи дека Македонците се посебен народ, насекаде во својот труд пишува за „македонски народ“. Притоа, Цанков ги обвинува бугарските влади за националистички аспирации спрема Македонија: „Балканските држави Бугарија и Србија (и другите балкански држави, особено Грција) не водат разумна политика спрема Македонија. Тоа е јасно како бел ден и нема потреба да докажувам дека тие се стремат целосно да ја присоединат Македонија или да ја разделат помеѓу себе“.[5] Цанков пишува за надежта на Македонците за помош од Бугарија и констатира: „Тие чувства на несреќниот Македонец умеат бескрајно да ги експлоатираат бугарските влади. Така тој совршено чист во своите чувства, но затоа пак лесноумен, неосетно станува оружје на злокобната политика, која веќе долги години бугарските државници ја водат кон Македонија и кон бугарскиот народ, што двете земји ги носи повеќе кон ропство, а не кон слобода“.[6] Книгата на

Цанков, во која тој пишува дека политиката „од македонското прашање направила едно чисто шовинистичко бугарско прашање“, е актуелна и денес. Затоа при наредното одење на проф. Тоциновски во Софија, таа веќе беше недостапна за читање, но своевремено беше објавена во Скопје. Работејќи на тоа во бугарскиот главен град, проф. Тоциновски откри и додаде кон историјата на македонската литература десетици „дводомни автори“. Во таква ситуација, природен е неговиот интерес и кон македонско-хрватските книжевни врски во текот на последните два века.

Интересот пак на проф. Горан Калоѓера за Македонија се пробуди многу рано. Тој дипломира на групата Јужнословенски јазици и книжевности (т.е. кроатистика и јужнословенски филологии) и компаративна книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб. Подоцна, на Педагошкиот факултет во Риека докторира со темата за хрватско-македонските книжевни врски од почетоците до 80-тите години на 20 век. Во таа дисертација прв пат во научните кругови ја исцрта многузначноста на врските, контактите и преплетувањето меѓу хрватското и македонското литературно наследство. Од 1983 г. проф. Калоѓера ја води македонистиката во Риека. Тој е основач на студиите по македонистика при Групата за кроатистика на Филозофскиот факултет во Риека, каде во текот на неколку години предава македонски јазик и македонска книжевност. Таа многустрана подготвеност на проф. Калоѓера му дава можност да ги истражува и анализира не само врските меѓу Хрватите и Македонците низ вековите, ами и клучни прашања од македонската историја. Така тој дава вреден придонес во македонската историографија. Меѓу големиот број трудови на проф. Калоѓера за македонско-хрватските односи, контакти и пријателства,[7] се приклучува и неговата книга „Браќата Миладиновци. Легенда и стварност“.[8] Во неа, од една страна, тој расчистува некои досега неразјаснети прашања од животот на Миладиновци, а од друга – открива непознати факти за нив. Студиите вклучени во таа книга на проф. Калоѓера го покажуваат како модерен истражувач, кој не се интересира само за голите факти, туку ја открива нивната смисла и значење, механизмите во кои се создавани и условите за тоа. Познато е дека оригиналниот наслов на зборникот со народни песни отпечатен во Загреб во 1861 г. гласи „Бугарски народни песни, собрани од браќата Миладиновци, Димитрија и Константин, и издадени од Константин, во Загреб, во книгопечатницата на А. Јакич, 1861“. Од тој факт бугарската пропаганда во текот на 150 години тврди

дека не само што песните во зборникот се бугарски, ами и дека самите браќа се чувствувале за Бугари. Во својата студија „Потрага по идентитетот“ проф. Калоѓера категорично ја докажува фалшливоста на тој „факт“ и манипулациите врз Константин Миладинов. Во своите писма, вклучително и во тоа до бугарскиот револуционер Раковски, Константин јасно се определил како Македонец. Не само тоа. Во писмото до Раковски тој јасно ги определува и другите пет свои колеги како Македонци. Уште му пишува: „И јас имам многу македонски песни кои сакам да ги издадам малку подоцна, зашто сега не ми го допуштаат тоа опстојателствата“. Притоа, „Дознавајќи за Вашата желба да се запознаете со македонското наречје, Ви испраќам еден друг превод објавен во Парус“.[9] Најблиските соработници на Константин, Рачински и Жинзифов во своите белешки исто песните во зборникот ги нарекуваат македонски. И братот на Константин, Димитар во своите писма 27 пати својата татковина ја нарекува само Македонија, два пати го користи изразот Западна Македонија и четири пати – Источна Македонија.[10] Во писмата на Димитар се среќаваат зборовите „чеда македонски“, „Македончиња“ и сл. Константин верувал дека ќе успее да го издаде зборникот во Русија, но не добил никаква материјална помош, зашто во тој период Русите играле на бугарската политичка карта и повеќе од еден век работеле за создавање на бугарска нација, која ќе им го олесни патот кон теснеците. Единствениот кој изразил готовност да даде пари за зборникот бил хрватскиот бискуп Штросмаер. Тој и неговиот најблизок соработник историчарот Фрањо Рачки поставиле услов насловот на зборникот да биде „Бугарски народни песни“. И покрај тоа што се спротивставил, на крајот Константин прифатил. Но, сепак, за да остане чист пред својата совест, го направил следново, за што пишува Бугаринот Чолаков во писмо до Фрањо Рачки: „Можеби ви е познато дека кога дојдов прекланската година во Загреб, покојниот мој другар Константин Миладинов ме замоли да му дадам сто песни од источните краишта на Бугарија за да може на својот зборник да му стави наслов „Бугарски народни песни“. Јас со благодарност ја исполнив молбата од својот другар, откако ми вети дека задолжително ќе ми даде сто (100) форинти од тукашните претплатници за мојот труд“.[11] На тој начин обемот на зборникот нараснал, зашто кон 598-те македонски песни биле додадени 76 бугарски. Се нарушила и неговата структура, зашто Константин сакал да вклучи македонско-хрватски речник со 2.000 збора, а

наместо тоа требало да се задоволи само со 461 збор.[12] Проф. Калоѓера е многу критичен не само кон Штросмаер и Рачки, ами и кон сите хрватски книжевници во тој период, кои Македонците ги сметале за Бугари.[13] Тој ги обвинува затоа што „овие надминати заблуди од 19 век, за жал, беа *историска вистина во тоа време*“.[14] Само што, доколку го ползуваме неговиот израз, за жал, историската вистина е поразлична. По 1485 г. папската конгрегација престанала Јужните Словени да ги нарекува со нивното име, ами го воведува античкото име „Илирик’ или „Илирија“. Според таа логика би требало да се афишира и името „Македонија“, зашто било познато на Балканот. Само што словенското население на Македонија е православно и папството немало интерес да го утврдува македонскиот континуитет. Во исто време Западна Европа започнува да „создава“ грчка нација кон која ја вклучува античката македонска историја. Од 17 век наваму католичката пропаганда ги заменува „Словените“ со „Илири“ и го прокламира создавањето на илирска нација. И античките Македонци, и древните Илири немаат ништо заедничко со Словените, но за католицизмот е попогодно да ги идентификува Илирите, а не Македонците, како симбол на славјанството. За разлика од Македонците, Хрватите се католици и прераснале во пропагатори на илиризмот, кој требало да ги вклучи сите словенски народи. Во тој контекст и Македонците, но под името „Бугари“, во чија насока работи панславизмот. Илиризмот и панславизмот се конкурентски концепции, но и едната и другата имаат интерес да ги негираат Македонците.[15] Ете зошто и Штросмаер и Рачки и другите функционери на католичката пропаганда ги пишувале како „Бугари“. Не од незнаење. Зашто во тоа време во Македонија има луѓе кои јасно го изразуваат својот македонски идентитет. Притоа, и самиот Константин Миладинов изјавува дека е Македонец, но во хрватскиот печат е наречен „Бугарин“.

Значаен е придонесот на проф. Калоѓера за расветлување на смртта на браќата Миладиновци. И тука тој се покажува како објективен истражувач кој ги анализира фактите и ја бара вистината. Храбро ги открива легендите и митовите околу нивната смрт, критички ја анализира биографијата на Кузман Шапкарев за двајцата браќа и во неа открива редица неточности и фантазии. Проф. Калоѓера ги става под сомнение „приказните“ за тоа дека Миладиновци биле отруени во затворот или дури биле егзекутирани со отсекување на главите. Анализирајќи ја преписка-

та на австриската дипломатија и стремежите браќата да бидат ослободени, проф. Калоѓера прави извод дека е пореално да умреле од туберкулоза или од тифус.[16] Многу прецизен е авторот и во својата студија за „Улогата на челните луѓе од семејството Робевци во животот на Димитрија и Константин Миладиновци“. Во неа тој ја разоткрива идеализацијата на улогата на тоа семејство во животот на браќата, особено при обидите за нивно ослободување. Со сериозни аргументи проф. Калоѓера докажува дека Робевци биле пасивни спрема судбината на Миладиновци заради нивните трговски интереси. На истиот начин авторот ги распетлува и идеализираните взаемни односи меѓу Димитар Миладинов и Кузман Шапкарев, кој се оженил со ќерка му. Кон придонесот на проф. Калоѓера може да се споменат и неговите студии „Огласите за Зборникот од браќата Миладиновци во Риека, нејзината околина и во Истра“, „Фрањо Рачки, можен автор на посветата на бискупот Штросмаер напишана во зборникот на браќата Миладиновци“, „Константин Миладинов – втемелувач на романтизмот во македонската книжевност“. Тргнувајќи по трагите на еден факт, проф. Калоѓера е во ситуација да разработи цела тема, откривајќи дополнителни аргументи. Таков пример е смената на печатницата на Лудевит Гај со таа на Јакич при печатењето на зборникот на Миладиновци. Или пак причините и мотивите на Антун Мажураниќ – директор на гимназијата во Риека, за да стане претплатник на зборникот.

Во својата книга „Хрватско-македонски литературни врски“ проф. Калоѓера продолжува да демонстрира почит и прецизност кон фактите, кои содржат поширокі литературни и историски сознанија. На прво место, заслужува внимание неговата студија „Кирило-методиевската традиција кај Хрватите и Македонците“. Земајќи предвид дека и меѓу Македонците, и меѓу Хрватите била распространета глаголската писменост, авторот допушта можност таа писмена традиција во Хрватска да дошла од југ, од Македонија преку Хум кон северозапад. На тој начин може да се објасни и распространетиот култ спрема Климент Охридски меѓу Хрватите, Србите и Словенците. Како потврда на фактот дека најстарите македонски глаголски текстови стасале до Хрватска, проф. Калоѓера дава пример со Клоцовиот глаголски зборник. „По протерувањето на Методиевите ученици, ракописот е пренесен во Македонија, препишан во Охридската старословенска школа, а преписот е пренесен во некоја од хрватските глаголски покраини каде што повторно е препишан на по-

четокот од 11 век“.[17] Логична е претпоставката на проф. Калоѓера за конфликт меѓу Климент и бугарскиот кнез Симеон по повод новата азбука кирилицата. Дошло дотаму што на територијата на тогашната бугарска држава се распространувале две азбуки – кирилица и глаголица. Ширењето на глаголицата во Македонија од страна на Климент и Наум е сведоштво за борбата на македонските Словени за јазична еманципација.[18] Во својата книга проф. Калоѓера вклучил неколку текстови поврзани со односите на бискупот Штросмаер кон браќата Миладиновци, Григор Прличев и Кузман Шапкарев, за контактите на Фрањо Рачки со Миладиновци, за првите хрватски преведувачи на песните од Зборникот на Миладиновци. Тука тој изнесува нови факти поврзани со појавата и ширењето на Зборникот и за интересот на хрватските книжевници за македонаката усна народна литература. Детална, со карактеристичен придонес е и студијата за контактите на македонските просветители и руски дипломати браќата Петкович со хрватските книжевни дејци од 19 век во Риека, Загреб и Дубровник. Вредни заради собраниот историски материјал се и студиите за хрватско-македонските литературни врски од 1945 до 80-те години на 20 век, за македонистиката во хрватските универзитети и за современите хрватско-македонски врски. На тој начин проф. Калоѓера прави аналитичен преглед врз целокупниот период од тие контакти од 9 век до денес.

Големо внимание заслужува и монографијата на проф. Калоѓера „Македонскиот 19 век“, објавен во Риека во 2011 г.[19] Трудот на проф. Калогера има три дела. Првиот е посветен на стопанските, општествените и политичките одлики на Македонија во почетокот на 19 век, вториот е поврзан со борбата за македонски идентитет, а третиот вклучува портрети на 22 македонски преродбеници, почнувајќи со Партенија Зографски до Крсте Мисирков. Четвртиот дел претставува синтеза на македонската борба за јазична, културна и политичка еманципација. Монографијата на проф. Калоѓера, од една страна има запознавачки карактер за хрватската јавност да се запознае со драматичната борба на македонскиот народ. Од друга страна, таа содржи придонеси за самата македонска историографија. Така, на пример, авторот посочува дека во 19 век имало четири концепции за формирање стандарден јазик: 1) концепција за заеднички македонско-бугарски јазик, 2) концепција за македонско-српски јазик, 3) концепција за заеднички словенски јазик и 4) концепција за самостоен македонски јазик. Според проф. Калоѓера, до маке-

донскиот книжевен јазик најмногу се доближил Константин Миладинов, кој се потпирал на охридско-струшкиот говор. Интересно е сфаќањето на авторот за Цариградската амбасадорска конференција во 1876/77 г. на која било предложено создавање на дуалистичка држава Бугарија со две автономни области: Бугарија и Македонија. Тоа, според проф. Калоѓера, било првото меѓународно разграничување на Бугарија и Македонија. Во последните декади на 19 век авторот разграничува два периода. Меѓу 1878 и 1893 г. се постигнала хомогенизација на македонската национална интегративна свест, а од 1893 до 1903 г. се афирмирала политичко-државната компонента во свеста на македонските револуционери и државници.

Слично на проф. Калоѓера, и проф. Васил Тоциновски често тргнува од поединечните факти, од малите детали и преку нивно осмислување стасува до опширни заклучоци. Во 2011 г. тој ја издава книгата „Мост од ѕуница“, во која се поместени рецензии, погледи и есеи за по 25 хрватски и македонски автори. Прави впечаток дека во своите книги и Тоциновски, и Калоѓера не само што вклучуваат теми од македонската и од хрватската историја и книжевност, туку и ги бараат врските и континуитетот меѓу нив. Од споменатата книга на проф. Тоциновски може да се сфатат идеите и проблемите кои ги бранувале македонските и хрватските творци и начините за нивно решавање. Затоа и за „Мост од ѕуница“ авторот го доби престижното признание „Книжевно перо“ на Хрватското книжевно другарство во Риека за најдобра есеистичка книга. Во новата книга на проф. Тоциновски „Столетни опстојби“, издадена од Македонската заедница во Хрватска, се вклучени многу интересни студии.[21] Остава впечаток дека и проф. Тоциновски, и проф. Калоѓера често разработуваат слични теми, но од различен аспект и на тој начин заемно се надополнуваат. Пример за тоа се студиите „Словенечките пријателства и акции на Константин Д. Петкович“, „Рускиот конзул Андреја Д. Петкович во Риека“, „Интелектуалниот европски профил на Андреја Д. Петкович“. Во нив проф. Тоциновски подробно ја анализира не само дипломатската дејност на двајцата браќа, туку и нивниот интерес кон македонската книжевност и култура.[22] И повеќе. Како лингвисти, браќата Петкович ги сфаќале спецификите и разликите меѓу македонските говори и бугарскиот јазик. Андреј Петкович бил еден од носителите на идејата за создавање на македонски литературен јазик. За браќата Петкович истражувања има и проф. Калоѓера, како и за

дејноста на македонскиот револуционер Георги Капчев во Хрватска. За Капчев неколку студии има и проф. Тоциновски. Тој го истражува „Хрватскиот период од животот и дејноста на Георги Капчев“, „Македонистичките ангажмани на Георги Ив. Капчев на страниците од загребските весници *Обзор* и *Хрватска домовина*“, „За некои нови сознајби од животот и дејноста на Георги Капчев“. Капчев бил приврзеник на автономна Македонија и против завојувачките аспирации кон неа на балканските соседи. Тие свои идеи тој ги пропагирал во хрватскиот печат како и во својата книга „Македонија или гласот на робот“, која доживеала три изданија. Интересно е сфаќањето на Капчев за бугарскиот јазик „кој не е ништо друго освен еден дијалект на македонскиот словенски јазик, на кој н**е** учеа св.(етите) сесловенски учители Кирил и Методиј – македонски синови“. Интерес претставува и сфаќањето на проф. Тоциновски за Загреб и Хрватска како македонистички центри во 19 и 20 век.

Голем дел од животот на проф. Тоциновски и на проф. Калоѓера зазема нивната општествена дејност. Како раководител на македонистика во Риека проф. Калоѓера има големо влијание врз голем број студенти да подготват дипломски работи од македонската литература. Во Риека тој развива активна дејност со македонското друштво „Илинден“, а заедно со Заедницата на Македонците во Хрватска станува соработник на нејзиното списание „Македонски глас“. Извесно време е и член на Претседателството на Хрватско-македонското друштво во Загреб. Во моментов е почесен конзул во Хрватска. Како проректор на универзитетот во Риека проф. Калоѓера има големи заслуги за отворањето Лекторат по македонски јазик, кој ја започнува својата работа од 2008/2009 г. На чело на Лекторатот е проф. Тоциновски, затоа не е случајно што за кратко време тој се претвора во најголем центар за македонистика во светот. Додека во текот на зимскиот семестар на 2008/2009 г. предметот „Македонски јазик“ имал 8 слушатели, во учебната 2010/2011 г. таа бројка се искачи на 170. Заедно со „Македонски јазик“, студентите изучуваат и „Македонска литература на 19 и 20 век“, „Македонска култура и цивилизација“, „Монографски пристап кон теми од современата македонска литература“. Само за период од три години бројот на студентите е 873, а во моментов надминува илјада. За активноста на проф. Тоциновски говори и фактот што е потпретседател на Хрватското книжевно друштво и уредник на списанието „Книжевно перо“. Индикативен факт е што уште во

2010 г. проф. Тоциновски ја доби годишната награда на Хрватското книжевно друштво за најдобра прозна книга под наслов „Сушачко попладне“. Тоа се раскази пишувани во Риека, кои ги поврзуваат македонскиот и хрватскиот народ и нивните литературни традиции. Проф. Тоциновски е и член на Управниот одбор на Македонското културно друштво „Илинден“ во Риека и активно учествува во неговите акции и манифестации. Плодната дејност на проф. Тоциновски е продолжение на традицијата македонските книжевници да наоѓаат топол прием во Хрватска и таа да стане нивна втора (а понекогаш и прва) татковина.

---

[1].Васил Тоциновски, Водителка ми е позитивната енергија, в. Македонски глас, бр.72/7-8 2011 с.5
[2].Македонскиот литературен кружок. Документи, Скопје 1995
[3].Александар Цанков, Македонското прашање и Балканскиот сојуз, Скопје 2008, с.40
[4].Таму с.45
[5].Таму с.62
[6].Таму с.68
[7].Горан Калоѓера, Хрватско-македонски литературни врски, Скопје 2008, с.264
[8].Горан Калоѓера, Браќата Миладиновци. Легенда и стварност, Скопје 2005
[9]. Таму с.14
[10].Таму с.25
[11].Браќа Миладиновци, Одбране стране, Титоград 1983 с.194
[12].Горан Калоѓера, Браќата Миладиновци... с.85
[13].Таму с.7-8
[14].Таму с.9
[15].Стефан Влахов-Мицов, Филозофскиот клуч за македонскиот идентитет, Скопје 2008, с.108-114
[16].Горан Калоѓера, Браќата Миладиновци... с.47
[17].Горан Калоѓера, Хрватско-македонски... с.27
[18].Стефан Влахов-Мицов, Македонската еманципација на Балканот, Скопје 2013, гл.5, с.129-149
[19].Goran Kalogera, Makedonsko XIX stolece, Rijeka 2011
[20].Васил Дрвошанов, Проучувањата на Горан Калогера на македонскиот 19 век, сп. Современост бр.1/2013, с.25-53
[21].Горан Калоѓера, Студии за македонско-хрватските книжевни врски, сп. Македоника бр. 7-8/2013, с.148-150
[22].Васил Тоциновски, Столетни опстојби, Загреб 2012 с.12, 28, 30,
[23].Таму с. 69

ХРИСТО ПЕТРЕСКИ

НОВИ ТЕАТАРСКИ ФОРМИ, КЛИШЕА И УНИФОРМИ

Или: за формата, за театарот, за публиката, за критиката, за (нај)новото...

(Неиспратено писмо до Ана Стојаноска)

Драга Ана,

1. Содржина (и)ли форма

Убаво ни ја фрли ракавицата. Ти благодарам за тоа. Како предизвик, но и како провокација. Ни зададе домашна задача на тема нови театарски форми, па првата и најбрза мисла во врска со насловот беше: зошто (само) форми, а не и содржини. Би можело да се додаде и „и“, но и „или“, но можеби е најдобро, сепак, заедничкото решение „(и)ли“. Во секој случај, не сакајќи да бидеме здодевни и претенциозни, па да дебатираме што е постаро јајцето или кокошката и што е побитно содржината или формата, сепак, факт е дека сè повеќе се зборува за формата, отколку за содржината. И јавно, и глобално.

Иако тешко може да се открие и заклучи каде завршува содржината, а каде започнува формата и обратно, теоретичарите веќе говорат за преминувањето и претопувањето на содржината во форма, не само во формалната и привидната сфера, туку и на суштински и значенски план, а многу помалку, за жал, се потенцира обратниот и реверзибилен процес.

Па, што е тоа основното и примордијалното во врска со оваа најнова актуелна тема, ако не воочувањето и осознавањето на заморот и здодевноста од веќе виденото и доживеаното, од демодираните и тривијални содржини, од празните и веќе закостенетите форми... Значи, во прашање е потребата од замена на традиционалното и конвенционалното, исто како што е евидентната потреба од нов и поубав (посвеж) воздух.

Трагачите по постојано нови возбуди – најчесто се и први протагонисти, или ним пак најпрвин им доаѓаат во пресрет.

Новите генерации на театарската публика, но и новата театарска критика, која е потреба и императив, сè почесто и позасилено го придвижуваат театарското тркало, како и осовините и на сите други сценски и не само сценски уметности.

Живееме во време кога уметноста стана агресивна и бескруполозна индустрија. Па, за уметничка и, во случајов, театарска транзиција – говорат и говориме (како навиени автомати или издресирани папагали) и сите ние.

Понекогаш имам чувство дека по илјадити пат ја слушам и сум сведок на онаа добропозната ситуација и анегдота, кога некој кој воопшто не го слуша што зборува претходно соговорникот – решително (и утешително) му вели: „не знам што рече, но знам дека сигурно си во право и јас се согласувам со тебе“! Ете така, отприлика, со невидена леснотија и стаменост во однесувањето, но и со непритивната и пресметана одлучност во изразот, учествуваме во колективната бламажа и персифлажа!

Кога нема кого веќе да лажеме и излажеме, што ни останува друго, освен да се лажеме и прелажеме себеси. Се разбира, со одбрани постапки и зборови, од сцената или под неа. Сеедно (кога е во прашање лажењето), но несеедно кога е во прашање театарот. Тој постои и единствено функционира само во името и во прегратките на вистината. Сѐ друго е само баласт, квантитет, форма, (рас)пад, криза и стагнација...

Но, таму каде што има облаци, за среќа, има и дожд и сонце! Така, и покрај тавтологијата и вртењето во круг, кога промените ги заговараат и жилаво се борат за нив (па и се колнат во нив), дури и оние кои воопшто не ги разбираат, не ги практикуваат и не ги применуваат, т.е. некој постојано како да им (до)шепнува дека тие задолжително ќе се случат, па слепо и беспоговорно веруваат во тоа, иако не знаат како да го направат тоа. Значи, промените се евидентни и неминовни, доаѓаат како брз и плавен светски, европски или бран од окружувањето, па прифаќањето и практикувањето се одвива и побрзо и полесно и (се чини) побезболно. Со или без трауми, гребнатини и лузни, македонските театарски творци се дел од светското театарско и сценско уметничко семејство, кое денизден се престројува и трансформира, подеднакво стравувајќи од исчезнувањето, од безизлезот, од бесперспективноста и некреативноста, но и од зачестеното и упорно тропање на погрешна врата.

Истражувањата на новите театарски форми, (у)кажуваат дека, на пример, „Битеф“ го живее својот среќен и долговечен живот – благодарејќи токму на новите театарски изрази и форми, значи не само форми, туку и содржини, а во блиското наше окружување е и (не случајно така наречен) „Фестивалот на нови

театарски форми“, па и бројните манифестации и институции кои инсистираат на малите театарски форми...

Новите форми, ете, да го употребиме и ние тој фамозен исказ, соодветствуваат на динамичноста и инстантноста на новото и во новото време, практични се и рационални, па ги препознаваме и како монодрама, пантомима, драмски меѓужанр, театарска иновација и експеримент, сценски колаж и микс...

2. Унковски и Ќирилов

Искусниот Слободан Унковски ќе рече: „Логиката на новата форма е поинаква од логиката на составните делови и тој микс отвора нов поглед во сфаќањето на театарската игра, а можно е и на театарската форма. На пробата, на моето работно место, сè можам да направам и од ништо не се срамам, ниту плашам. На цивилизацијата, која полека потонува во неизесност и со тоа нè прави очајни, и онака не можам да ѝ помогнам...“

Додека пак, еден од двајцата главни „виновници“ за Битеф (заедно со Мира Траиловиќ), Јован Ќирилов кој на извесен начин е синоним за Битеф, зашто е селектор од основањето на Фестивалот, во врска со новите театарски форми подвлекува: „Уметноста е секогаш индивидуална кога е голема. Нема вистинска уметност која не е и напредок кон некоја нова форма, со тоа што ништо, се разбира, не може да биде апсолутно ново. Во секој случај, нешто ново се раѓа. Немам сè уште способност за вистинска синтеза, но чувствувам дека тоа се случува. Уметниците, посебно поетите, први го воочуваат чувството кое живее во луѓето, ја насетуваат новата чувствителност, тие тоа први го изразуваат, први пеат за тоа, а читателите го препознаваат. Не знам што ќе се случи со уметноста, тука дури не ми помага ни онаа лулашка помеѓу романтичното и реалистичното, помеѓу ирационалното и рационалното. Не сум сигурен дека овој сегашен ирационален код ќе биде заменет со реалистичен. Може да се случи, но не мора. Луѓето постојано го бараат новото, но ми се чини дека не се занимаваат доволно со она што останува зад нас, што опстанува во стварноста и уметноста. Така и во уметноста сè што е создадено – тоа и понатаму постои. И колку „Битеф“ и да се труди, како и некои други фестивали, да го покаже она што е поинакво и ново, што е многу добро за една конзервативна средина како што е нашата – а која е таква затоа што и школата ни е конзервативна, зашто не се предаваат новите техники – мораме да бидеме свесни дека и најконзервативните фор-

ми сред овој нов свет постојат и понатаму, мјузикл, оперета, кабаре, бел балет, сето тоа и понатаму има своја публика. Сето она што е еднаш создадено – човештвото не го испушта од рацете“.

3. Фејсбук дебати

А, дека работата не е премногу наивна и дневна, говори и беглиот поглед и преглед на односнава тема на Фејсбук. Таму, со и без аргументи, има безброј знајни и незнајни јунаци и апологети. Темата е избрана: новите театарски форми, а мислењата (како и секогаш) поделени, фатални и иднински.

Новите театарски форми не само што ги бришат границите помеѓу театарот и новите театарски форми, туку не прават разлика меѓу професионалните, аматерските и другите ансамбли. Тој „натпревар во умешноста“, кој ќе побегне повеќе од класичниот театарски израз, и белки ќе донесе нешто ново, беше недоносенче, се чини, уште во самиот зачеток – велат едни.

Тешко е тоа беспоштедно и немилосрдно силување на театарот – истакнуваат други. Нема тука никаков театар. Претставата е единство на книжевноста, актерскиот занает, музиката, сликите и сето тоа кога ќе го обедини мајсторот кој се вика режисер – се раѓа она што е во основата на театарскиот производ, а тоа е емоцијата. Штом нешто ќе изостане – нема производ, нема целосно доживување ни на сцената, ниту кај публиката – дебатираат трети.

На фестивалите на алтернативниот театар, има брилијантни театарски групи и прекрасни мислители, луѓе кои алтернативниот театар токму така го разбираат и читаат – како можност да се искажат на неконвенционален начин. Истовремено, има и театарски творци на кои неразбирањето на алтернативниот израз им е алиби за ниските уметнички дострели. Го знаете она: сите нешто божем гледаат, значајно климаат со главите, длабоко се замислени, а на сцената тече некое необоено и неопеано фолирање, кое не го разбираат ни самите учесници. Тие надриуметници живеат од денес до утре, од фестивал до фестивал. Нивната главна одбрана и одбранбен механизам е: „ако не разбираш – тоа е исклучиво твој проблем, ние воопшто не можеме да ти помогнеме“! Публиката го отфрла она што не го разбира и што не допира до неа, а улогата и задачата на актерите кои не мора по секоја цена да повладуваат е дека, сепак, мораат да се ангажираат и да го дадат максимумот за да воспостават комуникација со публиката и да бидат разбрани и прифатени.

Денес, кога за финансирањето на театарските форми одлучуваат и се вклучени бројни субјекти, па меѓу нив и сѐ повеќе невладини организации (кои имаат не театарски сенс, туку непогрешливо чувство со кого да го поделат неправедно добиениот плен), како да владее и царува времето и на театарските фолиранти и интриганти. Се разбира, во тоа привидно разбуркано, а речиси во целост лажно и естетски мртво море, ќе се најде и по некој (случаен и самороден) вреден бисер.

Сега, со алтернативниот театар, односно со експериментот и играта може да се занимаваат буквално сите, што е класична вулгаризација на божемната демократизација на културата и уметноста. Ретки се, притоа, вистинските иновативни истражувања на граничните подрачја на естетиката на театарот, а сосема погрешно се мисли дека со алтернативата може да се занимава секој.

Новите театарски форми се создаваат врз основата на веќе востановените и речиси канонизираните норми, па дури и тогаш кога се замислени и остварени како негација и антипод на присутното и постоечкото.

Во потрагата по новиот израз и исказ не е доволно да се постави и публиката на сцената, или пак, актерите да се измешаат и преселат меѓу публиката и сето тоа да се нарече и да се мисли дека е нова форма во театарот.

Може да се игра и без текст, може да се игра и сам на сцената, но не смее да се заборави дека сето тоа се прави пред, и пред сѐ, за публиката. Има актери и режисери кои изјавуваат дека воопшто не ги интересира публиката, туку дека претставата ја прават само поради свое лично задоволство. Па, со право, се поставува прашањето: зошто (си) играат пред публика?! Ако веќе одлучиле да се (само)задоволуваат, зошто тоа не го направат дома, или во некој друг нивен личен и интимен простор, туку садомазохистички да се изживуваат во присуство на други (невини, измамени, набедени и изманипулирани) жртви.

Театарот е истовремено и индивидуален и колективен чин. Во интеракцијата помеѓу протагонистите и публиката се случува флуидот со емоции, возбуди и страсти. Во тој и таков правец: на интердисциплинарност, унапредување на театарската семантика, антрополошката улога на театарот и слично, на почетокот или на крајот и како најобично човеково љубопитство и несогласување и незадоволство со познатото и постигнатото, мора да се разбистри застоената вода, да им се даде првенство

на новумите. Тоа не значи дека треба да се загушува, потиснува и негира новото, самостојното и некласичното, но и по секоја цена да се инсистира на принуден и вечен брак меѓу новопојавеното и востановеното (канонизираното). Со право, се прашуваат театролозите: зарем може да се помират пригодното и свечарски поводното – со потенцијално опасното и субверзивното?

Сè уште во театарот се случува конфузија и какофонија на (нај)различни експерименти и елементи, па се мешаат содржината со формата, методологијата со резултатот, креативниот концепт со формалниот чин, внатрешната потреба со извршниот налог, субјектот со објектот, свесното со потсвесното, реалното со имагинарното, духовното со материјалното... Во прашање е сè поизразената и понагласената определба за комуникација на јавноста со новиот уметнички сензибилитет, па во тие рамки и со новиот театар. Тој е иднината, а таа им припаѓа (само) на храбрите!

Тие нови театарски форми, претставуваат експеримент, пред сè, барање на новиот стил и начин, кој не случајно се (о)квалификува како нов и ќе остане таков сè додека не се појави некој понов, помоќен и уште потраен... А, кога дел од експериментите ќе станат прецизно и јасно дефинирани и прифатени како движења и правци во театарската уметност, тогаш веќе нема да се говори за тенденции и обиди, себебарања и прове(т)рувања, најави и докажувања...

4. И Салиери, и Молиер, и Кара Дончо

На плодното македонско тло, кое и кога е испоснето и подзаборавено, сепак, виреат експериментите, иновациите и т.н. нови форми. Дел од нив се и претставите Салиери (ќе наведеме само три од повеќето други) на дипломираните студенти од Универзитетот ЕСРА, извонредната постановка на „Животот на Молиер“ на сцената на МНТ и Кара Дончо на Штипскиот театар.

Дали е препорачливо да се биде просечен. Зошто се залагаме и гласаме за просечноста. Дали не ги сакаме најмногу просечните, па дури и потпросечните покрај нас. Затоа, нека царува просечноста. Долу Моцарт. Да живее Салиери!

Тоа би можела да биде само една од ирониските пораки, кои произлегуваат од театарската претстава „Салиери“, во извонредна изведба на студентите на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА Скопје–Париз–Њујорк. Постановката е со минималистички реквизити на сцената, но со максимални симболи,

изрази и решенија на кои можат да им позавидат и професионалците во македонскиот театар. Всушност, станува збор за оформени ликови и веќе созреани млади актери: Игор Георгиев (Салиери), Александар Ѓорѓиески (Моцарт), Валентин Костадиновски (Вентичело 1, Крал Јосиф) и Жарко Димоски (Вентичело 2, Таткото, Исус), водени од режисерската палка на Андреј Цветановски, а под менторство на проф. Дејан Пројковски.

За оваа дипломска претстава, работена според култната пиеса „Амадеус“ од Питер Шефер, а благодарејќи на темата и бесплатниот театарски маратон по повод 66-от роденден на МНТ, постоеше голема и жива заинтересираност кај публиката.

Централната тема на претставата е генијалноста како неспорна константа, имуна на абеж од времето, но погледната низ призмата на просечноста. Во полето на музиката, еден од малкуте кои го задолжиле човештвото со своите композиции и оставиле печат на своето време, секако, е Волфганг Амадеус Моцарт. Тој не го добива заслуженото признание од своите современици, освен од еден – Антонио Салиери, кој е единствениот човек кој ја препознава неговата генијалност. И, токму поради таа генијалност – станува негов најголем непријател.

Прекрасно! Ако самиот не можеш да бидеш генијален, тогаш барем можеш да се бориш против генијалноста и зошто веднаш не би се спротивставил на генијалните идеи кои доаѓаат од мозоците, устите и рацете на генијалците, кои редовно се над нас, иако многу често се толку многу блиску до нас и живеат покрај нас. Штом ги забележите и откриете – веднаш треба и да ги елиминирате, да скроите долгорочен план за да им застанете на патот, или веднаш да ги ставите и оставите на споредна патека.

Откако ќе ги лоцирате поспособните од вас, впуштете се во нивно упросечнување, направете ги просек, или дури и помалку и подолу од тоа. Во спротивно, тие ќе ви бидат шефови и наредбодавци, а не покорни слуги, па затоа не губете ни миг од долготрајната специјална војна со сите тие кои се разликуваат од другите и кои не му припаѓаат на колективот.

Која овчичка ќе го напушти стадото, или кој петел најрано ќе запее – се знае што го очекува. Замислете: дури и да сте нескротлива вода – некој друг ќе треба да ве канализира! Затоа, подалеку од просекот и просечноста, не бидете вредни туку солидни, не бидете добри туку извонредни, не бидете наивни туку самосвесни, не бидете колебливи туку исклучиви... Не бидете салиеровци, туку моцарти, макар и од споредниот сокак, ако ве-

ќе не можете на главниот булевар, од паланката ако веќе не сте во велеградот, од подножјето ако веќе сте далеку од врвот...

Но, никогаш не заборавете дека до врвот има многу патишта, а дека врвот е само еден и дека од таму се гледа и најдобро и најдалеку!

И претставата „Животот на Молиер“ од Михаил Булгаков, во режија на Александар Поповски, кој по десетина години се врати со режија на сцената на МНТ, а по долго време таму настапува и актерот Никола Ристановски, претставува вистинска постановка за лицемерието.

„Ние не сме луѓе, ние сме глумци“ – одекнаа овие зборови, но и бројни други реплики од устата на бравурозниот Никола Ристановски.

Звучните ефекти, овојпат, не се изведуваа зад, туку на самата сцена.

Кралската круна шеташе од глава на глава, додека не стигна и до самата глава на Молиер. Михаил Булгаков создал извонреден драмски текст за животот на Молиер. Ансамблот на МНТ солидно и коректно си ја изврши работата. А, пред сѐ и најмногу од сѐ, се чини, работата ја завршил режисерот Поповски, заедно со првенецот Ристановски. Претстава која ќе биде гледана, претстава која е актуелна, претстава која е поучна.

Ова е несекојдневна и исклучителна драма за камелеонството и полтронството, за кодошењето и интригантството, но и за животот кој ни е оставен нас, а ние (треба) да им ја оставиме на актерите сцената и играта...

Во сличен, постмодернистички манир беше и гостувањето на Штипскиот театар во Драмскиот театар во Скопје со претставата „Кара Дончо“, според текст на Трајче Кацаров, а во режија на Младен Крстевски.

И во оваа постановка: актерската игра се пренесува во гледалиштето, се воспоставува директна комуникација и интеракција со публиката, се релативизира дури и магијата и мистификацијата на самиот театарски чин, се иронизира и карикира современието, односно се создава и презентира изведба за локалното (Горно и Долно маало), но и универзалното (Горна и Долна земја). Малата и амбициозна екипа, со претставата „Кара Дончо“ прави обид да излезе од рамките и стегите на класичниот и стереотипен театар, настојувајќи да се приклучи кон најновите и најиновативните театарски тенденции и таа намера, напор и резултат охрабрува и треба да се поддржи.

Се разбира, притоа, во македонскиот современ театар, евидентни се породилните маки, тргнувања, сопнувања и застанувања, но радува податокот и фактот дека е сè понагласен бројот на новите театарски форми, на неинституционално, но и професионално ниво. Истражувањата, експериментите и креативните зафати битно ја менуваат сликата и атмосферата на македонската театарска сцена, паралелно со едукацијата и (по)растот на школуваните театарски кадри, следењето и допирот со светските сценски движења и процеси, анимацијата и барањата на сè попребирливата публика, осовременувањето на театарската критика и слично.

За среќа, новиот македонски театар и новите театарски форми - се веќе надвор од било какви клишеа, стереотипи и униформи...

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ЖАРКО МИЛЕНИЌ[*]

ПАТОТ НА ИЗВОРОТ

А кога по подолгиот пат конечно стигнаа до изворот, по патот крвав, потен и солзен, кога конечно ја задоволија жедта, им се причини дека тој мал, плиток и зафрлен извор и не вредеше за долгиот пат по кој ги лиеја своите драгоцени течности, патот низ пустината чиј песок сето тоа жедно го впиваше, патот чие значење секој од нив подеднакво го преувеличуваше и сметаше дека изгубил повеќе вода отколку што навистина изгубил, вода која обилно ќе ја надокнади дури овде, на изворот кој го немаше на картата, за кој никој не пишувал нити ќе се сеќава напоен на него и зажалија што заради оваа ситница изгубија толку милји, денови и труд, несвесни дека размислуваат типично човечки, дека нивниот поминат пат бил толку мал во однос на оној кој му претстои на изворот, пат немерлив, недогледен и несфатлив за желудникот полн со вода која веќе не е ни свежа, ни ладна ни питка, но која тече по некои патишта за кои, некогаш жедни, патниците исто така не биле свесни.

УЛИЦАТА НА МРАЧНИ РАБОТИЛНИЦИ

А таму далеку почиваше улицата на мрачните работилници. Заборавена. Во сон запретана. Улицата наша. Толку мрач-

---

[*] **Жарко Миленић / Žarko Milenić** (Брчко, 1961) објавил триесет книги поезија, проза, книжевна критика и есеи. Негови книги објавени се и на македонски, украински и ерменски јазик. Драмите му се изведувани на сцените во Босна и Херцеговина, а работел драми и драматизации кои се емитувани во Хрватска и Словенија. Наградуван е во регионот и во странство. Преведува книжевни и други дела од англиски, руски, македонски, бугарски, словенечки и украински јазик. Учествувал на книжевни и преведувачки манифестации во низа земји. Како писател престојувал во резиденцијата во Шангај, Велење и Сплит. Низа години бил секретар на Огранокот на Друштвото на хрватски писатели во Риека, тамошен уредник за книгите со преводи и извршен уредник на списанието „Книжевна Риека“. Од 2006 год. повторно живее во Брчко. Претседател е на Книжевниот круг Брчко област БиХ, тамошен уредник на издавачката дејност, главен уредник на списанието за литература и култура „Ријеч“, како и на електронското научно-фантастично списание „Орион“.

на. Што ли се случувало зад тие прозорци? И колку пати? Колку често сум мислел на таа улица. И сега мислам. Беше толку мрачна, а сепак во мене буди радост. Донесува светлина во мојата мрачна соба. Во моето темно бидување.

Седам и мислам. Не работам. Пак. Никогаш не мислев. Секогаш само се сеќавав. На таа улица. На тоа што го правев. Тогаш додека работев.

Веќе е девет и триесет а сè уште е ден. Мај е мај. Житото повторно стасало високо. Сè уште не паднал мрак. Темницата не ја покрива земјата. Мракот ќе падне кога ќе ги склопам очите. Кога ќе се сетам на таа улица. Светлината на мојот живот. Светлината земска. Сласт на нашето тажно детство.

Тој што љубел сега не љуби веќе. Тој што се сеќава дали повторно ќе се сеќава? Знам, додека седам во оваа соба, немоќен, допрва ќе бидам силен. Кога ќе се сетам на улицата, кога ќе се сетам на мрачните работилници. Уморен, бескрајно уморен, се сеќавам само на последното сеќавање на претходното сеќавање.

Се сетив на мојата (зарем само моја?) улица. О улицо, каде ли си сега ти? Во некој друг град. Градот на некои други улици. Градот на некои други работилници. Помалку или повеќе мрачни? Тоа го знаете само вие, о само вие. Или не знаете?

Никој не знае за мојот бол. А дали некогаш знаел? Можеби некој кого веќе го нема? О каде си сега ти кој си знаел? О, како си одамна мртов!

Нурнувам во мојата улица. Нурнувам во мрачни сеќавања, Се сеќавам ли што сум работел? Се сеќавам ли што работеле додека ги набљудував? Какви мрачни работи извршувале?

Кој се сеќава на морето? Мојата улица не водеше кон модрата длабочина. Таа не беше река со извор и устие.

Веќе не одиш по истата патека. Слепа е нашата патека. Слепа е нашата улица. Така светла. Единствената светла патека на мојот живот. А така мрачна. Вратите од сите соби полека се отвораат. Вратата во лето. Капијата на нашето детство.

О, сети се кога росеше над нашата улица. Над нашата улица сега не врне. Или врне? Дожд кој ги плакне нашите сеќавања.

Риека, 08. 06. 1999 г.

Превод од хрватски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

АЛЕКСАНДАР НИКОЛИЌ[*]

ГОДИНИ НА УЧЕЊЕ

(фрагмент од роман)

Штетиќевата слика покажува триумфална прослава на главниот плоштад, на пазарот. Сцена пред која насобраниот народ слуша некој клавирист. Мали дрвени бараки, колонијални продавници. Во позадината питорескно гратче со сламени покриви, по некое стебло; сосема лево зградата на градското Собрание на која се вее знаме. Меѓу вертикалниот состав на Собранието од неколку катови над аптеката, отворен продор на зеленило и небо кон Сава, во преден план мал дрворед од неколку липи и костени. Пред Собранието, на периферијата на тој ансамбл, мало паркче, само во назнаки, само површно скициран, само во контурите, идниот парк во центарот на градот. Во средината рундела, а околу неа неколку клупи, отприлика, во денешен распоред, десно, на работ на кругот околу рунделата, столб со светилка.

Брзам да известам. Бидејќи немам повеќе време. Празна претстава, линија на мостот во далечината. На тие слики првпат се сетив во зимата, вторпат летото, кога влегував во градот. Во кино то „Ослободување“ се прикажуваше филмот „Граѓанинот Кејн“. Беше сушна година, водата се повлекла до шестиот пилот. Ресторанот за деца „Снежана“ целиот насликан со јунаците од бајките. Се имаше впечаток за некој град на источниот медитеран. На раскрсницата телеграфски столб, џиновска конструкција како Ајфеловата кула, а на него поставено рекламно пано со филмот на Чарли Чаплин „Големиот диктатор“. Берберницата „Светлост“, соба во хотелот „Маевица“ свртена кон запад. По

[*] **Александар Николић / Aleksandar Nikolić** (Врбања, Хрватска, 1937) основно училиште завршил во родното место. Школувањето го продолжил во Осиек, Тузла и Брчко, а во Белград дипломирал светска книжевност на Филолошкиот факултет. Од 1965 до 1992 год. работел како професор во гимназијата во Брчко. Се занимава со поезија, проза, книжевна критика и публицистика. Објавувал во разни билтени и списанија. Со Винко Гајчевич и Драгослав Ристич ја испечатил заедничката збирка „Нѐ заморува среќата“ (Брчко, 1970). Бил уредник на едицијата „Патеки“ и на списанието „Ријеч“, кои излегувале во Брчко од 1974 до 1990 год. Ја објавил збирката песни „Запис“ (Брчко, 2005; Риека, 2006) и романот „Години за учење“ (Брчко, 2011).

фајронот татко со другарите одеше на капење. Водата беше топла, како од бања. Беше државен празник во двете републики.

Блонди е на коњските коли, пренатрупани со работи, лежеше и ја лижеше прегазената шепа. Веќе се беше смирил, како дете по инјекција. Жешка попладневна препрека на селскиот пат. Конвојот од три запреги се тркала по прашината под немилосрдното сонце, испотените коњи бавно и неизедначено ја влечат колата натоварена со покуќнина. Сè што останало од поранешниот живот, што е стекнато за идниот живот, за некој нов живот.

Леб од едноставно брашно во Пелиново, таа митска татковина која сакав да ја избришам од меморијата, но помнењето, вистинското сеќавање е одмаздољубиво, и денес копнеам за тој леб, понекогаш тажен, гмечав, јачменов, со осилки.

Блонди за време на еден одмор легна во ладовината под колата. Измалтретиран од јарост, загрижен, импресониран од долгото, неизвесно патување на кое му се гледа крајот, можеби малку и дремна. А кога кочијашот ненадејно плесна со камшикот и колата тргна, се развлече растегнато и болно квичење. Сите се тргнавме и го здогледавме очајниот, ранет Блонди како потскокнува и куца, подигајќи ја прегазената шепа. Некое од децата итро се лизна од колата, го подигна на раце ранетиот Блонди и го смести во колата. Окружен со деца, а тоа отсекогаш му било најдраго опкружување, уште од оној ден кога мајка, да нè израдува, го донесе како сосема мало кученце, во кошница, од Штелцеровиот стан. Блонди брзо закрепна и ја заборави претрпената болка. Само уште неколку пати воздивна како утешено дете, додека во очите му блескотеше солза радосница.

Превод од српски на македонски јазик:
Петре Димовски

БОРИС МАРИЌ[*]

ОНЕИРОЛОГИЈА

Во ноќта замотани, исцрпени грешки
Бескорисни лежат во нивото на главите
Суетни, и премногу тешки
Да не се повторат
Раѓајќи се од болот
Ниту пак мир на жолтите свеќи
Од блиската маса
Не се осветлува ништо до видливото
Човекот спие и сонува срамежливо
Некое друго, поудобно минато.

ГОЛЕМАТА ДЕПРЕСИЈА

Ако опстанокот
се претвори во цел
И секој плод, енергија
Месечината, ноќно расветлување
Што подеднакво сјае
За секого
Со едната нога си во пеколот
Астрономите се секогаш на пат
За да го пронајдат твојот бог
Како се шета, по скршеното стакло.

ВОВЕД ВО СОНОТ

Мирисаш на љубов
Зборовите ти се насмеани

---

[*] **Борис Мариќ / Boris Marić** е роден 1981 год. во Брчко каде и денес жи-вее. Пишува поезија и проза. Првата збирка песни под наслов „Еден“ ја објави во 2012 год. во издание на Книжевниот клуб Брчко област БиХ. Негови песни се преведени на чешки, дански и словенечки јазик, а објавувани се во бројни печатени и електронски списанија.

И жедни
Празна перница
Целосно исчезнува
Кога тие се покрај мене будни
Ти си најубавиот вовед во сонот
Еве, месечината сјае
Иако е ден
Сеќавањето очи покрива
За тебе нема да зборувам многу
Зашто за тебе сонувам.

Превод од хрватски на македонски јазик:
Никола Илијовски

ШЕФКО КАЛОПЕР[*]

ВИСТИНА

Ако е една
што ќе ѝ се два краја.

Што е тоа во парталите
што за неа висат,

Што и со насмевка
за неа се фаќаат.

Како јаже кога се натегаат,
на својата страна сакаат.
Таа самата, ниту тука, ниту
таму нема да ја има.

---

[*] **Шефко Калопер / Šefko Kaloper** (Фочанско јаболко, 1954) дипломирал општа и компаративна книжевност и библиотекарство на Филозофскиот факултет во Сараево. До војната работел во струката, како новинар, во секторот за внатрешни работи во Брчко, но и како претприемач. За време на војната престојувал во Италија каде се занимавал со сликарство, но бил и физички работник. Сега живее во Брчко и работи како библиотекар во тамошната гимназија. Пишува поезија, проза и публицистика. Објавил три книги есеи „На мртвите херои од Босна“ (Анголо Терме, Италија, 1992), „Нешто слично, НЕ“ (Брчко, 2007), „Сон: до каде е нашето семе во Босна“ (Брчко, 2012), како и збирката поезија „Очи со боја на небото“ (Брчко, 2010).

Нека е сама, сите
да се чешаат,

нека остане сите на неа
да се повикуваат.

Нека остане, сите
да ѝ се нагледаат,

па кога ќе исчезне, сите да ја бараат.

ПОСАВСКА

О здраво, Маријо бела,
во посавските рани утра.
Здраво, здраво си секогаш
ме пречекуваш.

Не ни се судени одамна
сите наши мирувања,
воздишки, клетви и стенкања
во еклипсите на умот.

Се расприкажале ластовиците,
за сончевите враќања
здраво Маријо бела
во мирните, ѕвездени ноќи.

Како и секогаш, ќе те чекам
на аголот,
во деновите да ми дојдеш,
со немирни движења.

ЗА КУЧИЊАТА

За кучка прискокнуваа,
со татковците се надмудруваа,
па се појавуваа кај плотот, под стреата,
за зракот, во полето.

Тогаш растеа, коскени,
гладни.
Повеќе не им носеа,
самите бараа.

Од раката на стопанот, во канче,
лижеа.
Малку им било, вртеа со опашката,
па пак бараа.

На аглите ги облетуваа,
со пукотници ги прекршуваа,
избеганите се свиткуваа,
непослушните шинтери ги одведуваа.

Бернандинци, птичари, кучки
пекинезери,
шарпланинци, вучјаци, боксери
под староста талкаа.

Превод од босански на македонски јазик:
Никола Илијовски

МИРЈАНА ЃАПО[*]

КАФЕЗ ЗА РЕТКАТА ПТИЦА

Заборави да лета,
ја зароби убавината,
доброволно се затвори,
во кафезот со отворена врата.

---

[*] **Мирјана Ѓапо / Mirjana Đapo** (Смедерево, Србија, 1950) дипломирала на Филолошкиот факултет во Белград, отсек југословенска книжевност. Ги објавила збирките поезија „Во бунило“ (Осиек, 2006; Белград, 2008), „Талкање по егото“ (Брчко, 2009), збирките раскази „Клупа за тивката раја“ (Осиек, 2008, Белград, 2012), „Пат во центарот на бајките“ (Белград, 2012), „Убави и грди зборови“ (Белград, 2013) и романот „Elysion“ (Белград, 2010). Застапена е во голем број на зборници. Професор е по српски јазик и книжевност во гимназијата во Брчко. Член е на Друштвото на писатели на Србија. Освен со пишување, се занимава и со рецитирање и музика.

Понекогаш ја посетува Нарцис,
нагледан од сопствената убавина,
замислила дека не знае да пее –
сите песни веќе ги испеала.

Не забележува дека перјата ѝ сивеат,
интензивно губат сјај.
Ни потомство не остави,
Убавината ѝ вегетира – осудена на заборав.

РАСКАЖУВАЊЕ НА СОНОТ

Сонот – недовршено јаве,
разгалено со слабоста, засилено со желбата,
запретано со светлоста, разбудено со повикот,
прозбори со прашање, одговори со спознание
колку тајно, со его сплетено,
господари со умот.

Сонот е замка, бегање од гревот
во простор ослободен од каење.
Заробени во сонот, во лавиринт од излези,
битисуваме меѓу смртта и истрајот.

ЛИЦЕ НА КЛОВН

Животот раѓа галерија на ликови:
Насмеани, исплашени, лути, љубопитни,
со стегнати веѓи, со вилици...

Сите лица стануваат само број,
Единствен, впишан во картата
на заробени идентитети.

Се бара опуштено лице,
а камерата го скенира,
најопасна е онаа животната.

Го препарира уште живото, ги краде соковите
на виталноста, природноста, посебноста.

Ниедно лице не е вистинско,
тоа школо се учи од раѓањето.
Го штима пред огледалото лицето на кловн,
без израз, сјај, бори.

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

ЕРНАД ОСМИЌ[*]

БОГ ВО ПОТКРОВЈЕТО

Во нашето поткровје,
меѓу работите, чинам
од минатите животи,
живее огорчен Бог.

Кога ќе дојдат гости во нашата куќа
ние не го спомнуваме.
Кога сме сами,
ние за него сосем тивко зборуваме
од страв да не нѐ чуе.

Не знаеме кога точно се вселил,
нити знаеме зошто токму кај нас.

Можеби заради раатлакот.

---

[*] **Ернад Осмиќ / Ernad Osmić** (Брчко, 1989) од 1992 до 1999 год. живеел во Хамбург. После враќањето во Босна и Херцеговина, во Брчко завршува гимназија, а во 2012 год. и студии по босански јазик и книжевност на Филозофскиот факултет во Тузла. Се занимава со пишување на поезија, проза, книжевна критика, есеи и филмски сценарија. Поезија и кратки раскази објавил на разни книжевни портали, во списанија и заеднички збирки во БиХ, Црна Гора, Хрватска и Србија. Песните на германски јазик му се вброени во неколку антологии. Добитник е на неколку награди во регионот. Се занимава и со филм, фотографија и музика. Живее во родниот град. Моментално посетува магистерски студии по лингвистика на Универзитетот во Тузла.

СѢ НА СВОЕ

Сношти се борев со тишината
сред куќа полна со луѓе
Книгите на полиците, како и секогаш,
бескорисно молчеа

Има нешто убаво во тоа
кога човек себеси ништо не си докажува
кога никому не говори
колку вреди;
кога нештата се знаат или не се знаат
сами по себе

Таа умре во сонот
лежеше во бело сред собата
во куќа полна со луѓе
а јас се борев со тишината

БЕСКОРИСЕН

Не ме мрдај од местово
Тука сум како руина од заборавен народ
Вреден сам по себе
Бескорисен
Како уметничко дело

Во контекст се раѓам
во контекст умирам
ни помалку ни повеќе.

Превод од босански на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

ХАКИЈА КАРИЌ[*]

ПОСЛЕДЕН ТАНЦ

Ќе клекнеме
Еднаш
Сами
Пред празните очи
На нашите светци

И ќе заиграме
Последен танц
Со сеќавањата
Уморни од потрагата
По вечниот спокој

Од трепетни дланки
Ќе прокапат
Воздишки
И апатични насмевки
На невозвратените чувства
Од недоживеаните љубови

Напразно
Ќе молиме
За уште една
Шанса

---

[*] **Хакија Кариќ / Hakija Karić** (Паланка кај Брчко, 1966) пишува поезија, проза, драми и новинарски текстови. Ги објавил збирките поезија: „За тебе, моја Босно“ (1993), „Стишани авлии“ (1994), „Лузни“ (1998), „Отпечаток од згужваните сништа“ (2004), „Кошула без сон“ (2008) и „Украдена месечина“ (2013); збирката раскази „Камена куќа“ (2011), збирката интервјуа: „Разговори со…“ (2014), како и монографијата „Паланка низ времето“ (2014). Учествувал на фестивали на поезија во земјата и во странство. Поезијата му е преведена на англиски, дански, албански, македонски и ерменски јазик. Се занимава и со фотографија. Преведува книжевни дела од германски и од македонски јазик. Член е на Друштвото на писатели на БиХ и на Друштвото на новинари на БиХ. Живее и работи во Франкфурт.

ВОЈНИЧКА

Ги отворив очите
Пред будење
И во тој
Несвесен полусон
Те видов тебе

Трчаше
Во бел фустан
Потскокнуваше
Лесно како срна

И ветрот шеретски
Си поигруваше со фустанот
Занесно
Нежно

.....

Ајде, стани!!!
Рече одвратен глас
А веднаш потоа
Затрепери просторот:
Стани војскоооо!!!

Се разбудив
И мртвите целосно
Се будат
После таков рев

Трчавме
Како во лудило
Кон мијалниците
Во рацете крпа
Четкичка за заби
Kaladont и бебешки sapun

.....

Исчезна ревот
И војничките дни
Но белиот фустан
Остана вечно
Разлелеан

ЕДРА

Ако повторно морам
Да ги подигнам едрата
Ќе посакам
Безветрина
За мојата
Скаламерија
Да остане засидрена
Во пристаништето
На моето детство

Превод од босански на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

ЃЕОРЃЕ ДОБРЕ

ЈАГНЕШКАТА НЕУПАТЕНОСТ

На некој начин
Јагнињата успеаја да научат да пасат.

На некој начин
Јагнињата си ги најдоа очите
Но не знаеја за што им служат.

Се обидоа со нив да грицкаат зраци.
Се обидоа со нив да ја прескокнат оградата.
Сакаа да му ги галат со нив дланките на овчарот.
Се обидоа вода да пијат со нив.

На некој начин
На јагнињата им беа израснале рокчиња
Но не знаеја за што им служат.

На некој начин
Јагнињата ја видоа и тревата
Но не знаеја за што им користи
Па си поиграа со неа.

И
Не знаејќи уште и за што им користат снеговите
Почнаа
Со гласовите натопени во росата
Да ја канат пролетта.

ЧИСТЕЊЕТО НА УЛИЦАТА

Спомените си ги заборавив на улица.
Како за чудо, сите соседи си ги заборавија
Вечерва
Спомените на улица.
Ветерот ги вееше, студот ги правеше крцкави
А нивната врева се ронеше.
Нѐ вознемируваше сонот на ситната буржоазија.

Дури почнавме сите да страдаме.
Вечерва и кучињата ги внесов дома
Оставајќи ги сами, крцкањата на студот.
Среќа што
Наутро
Еден старец тропкајќи и дувкајќи си в дланки
И фрли во една количка викнувајќи
Стара облека! Стааара облека!
Стааара облека!
Оддалечувајќи се кон стомакот
На мојата потсвест.

ДАН ЕЛИАС

НАЈЛИЧНИОТ ЛАЖГО

Овие месечеви зраци можам да ги влечам како
имагинарни ластици
И ноќта не би знаела дека шета над нас со небото во вените!

Која би била смислата да ги чистиме од чуда ѕидовите
на овој свет,
Да го вадиме малтерот од сенки, да ја бришеме варта
и светлата боја?

Инаку, не е ни барем некаква работа! Врз овој заеднички гроб,
Каде дури и мртвиот води сметка за вкусот на секој од нас,
Така, на шега. Имај доверба во мене: вистината не е стих
Од сув сонет на стреата од лист хартија, како сувото грозје,
Кој ќе ти го рецитирам со гестови. Вистината не е за тебе.

Ти држи ме за раце, да не ја гребам со ноктите бојата на тебе
И од време на време земај ме во скут како најличен лажго.

МУГРИ

Таа подготвуваше записници со секое утро во кое не бев
И ги молеше да потпишат со читливо име. Така се насобраа
милиони
Страници од бршлен зашиени со конец, во илјадници
пожолтени досиеја

Од ладните есени, до последниот миг. „Долу потпишаната мугра,
Со постојано живеалиште меѓу две капки роса, изјавувам на моја
Одговорност како пара, дека извесно време горе споменатиот
го нема”.

АДРИЈАН БОТЕЗ

ЗАНАЕТ

Тргај сон – дури
Да се откачи занает кој
Го научив – мелејќи ги
Меѓусебно – камењата на
Споменот.

Тоа е занает кој никој не го бара – но
Кој јас го открив – меѓу
Пцовките на судбината.
Свесен и
Страшно
Буден.

КОЛКУ ПАТИ

Колку пати ќе прошетам јас меѓу
Дрвјата или на брегот
На реката – почнува да
Грми – да светка – да
Трешти и да
Врне дожд: тоа ме тера да сфатам дека
Јас сум богот на шумите и
Водите – кого ентузијастите
Почитуваните сили доаѓаат – на еден здив – да го бакнат.

Се згрозувам само на
Помислата: колкава ли врева ќе стане – кога
како и секој стопан одговорен и
Совесен ќе умрам:
Ќе се разбудат од сон дури и
чуварите на изворите – господарите
На карпите – или
Ѕвонарот на цвеќињата ...

КОСТЕЛ БУНОАЈКА

СКИТАМ ВО НЕЗНАЕЊЕ. ВРЕМЕ Е ЗА ДРУГА ЉУБОВ

Цел живот собирав илузии да основам војска, но,
Секогаш кога велев дека е доста,
Ќе дојдеше некој и разурнувачки чукаше на порта. Така,
Мојот сон секогаш се оддолжуваше.
Како во руски рулет. Дури да се крене
од амбисот друго јас и да се сврти клучот во бравата.
И пак од почеток. Со арно со лошо. Со гроб. Со клетви.
Одвраќаше меќава. Замрачуваше ветер
Цел ден работеше, и ноќе. Та остануваше само сенката
Да потсетува на него.
Низ тесните и криви улички, само вампири. И исправки.
И моите сништа. Болни. Пусти.
Од време на време,
Да не си го заборавиш обичајот, се појавуваше на прозорецот
И кришум ми пушташе сина замаеност.
Ветувањата наидуваа на ровито поле. Скитачкото
Просо ми го мелеше богатството. Насмевнато
Ми го чекаше падот.
Ах. Секогаш ме наоѓаше на ветровити размеѓа!
За да не ме истресеш,
Врз раната ми префрлуваше ангелско крило, кое
Само ти знаеше да го развееш/
И тогаш жестоко рушев пештери. Очаен пливав по водите
Матни. Длабоки.
Рамо до рамо, јас постојано истоштен. Без срам.

... Години со ред, безбројни денови, собирав, невешт, илузии,
Да си основам војска.
Но, секогаш кога ќе велев дека е доста,
Од светлината се изделуваа мајка ми и татко ми и ви велеа
дека е време за друга љубов.

ТАЖАЧКА В МУГРИ. ЗАБРАНЕТО ЉУБЕЊЕ. ДОЗВОЛЕНО УМИРАЊЕ

Некогаш, одамна, низ лути снегови, доаѓав кај тебе
Без да ме каниш. Не ми праќаше е-маилови, ниту писма ...

Доста беше само твојата мисла. И солзата со која,
Кога заминав, ме плачеше.
Да стасам, не ми требаше еден век. Немирот... – колку да се облечам.
Забрзано и нестрпливо чекорев и не ме запираа озборувачи.
Некој кој ѕидаше панорами. Волци стрвни. Нечисти коски.
Каде и да згазнев се наежував.
Каде и да погледнев, се јавуваше расцветано сеќавање,
Реско велејќи: да, за пропаста!

Плачеше далечината и друг неспокој уште поголем
Врескаше во нас со миговната фантазија.
Тогаш на раме го носев целиот воздух, со здивот по Господ.
Бевме лични. И млади. Безумни.
Чудна беше ти.
Незгоден, јас.
И не пречеше дека врз светот заседнуваше, тивко, крикот
Задушен од друга молитва. Љубовта вееше во крвта.
Често се случуваше чудо.
Никогаш немаше вишок. И тесен се чинеше светот.

Некогаш, одамна, загубена лична моја, да идам ме храбреше
во сенката во која никој дома не стасал.

ВИОРИКА ҐЕОРҐЕ

СУДБИНА

Се закотвуваа надежи со очи врзани
Па дури и прогонет лебед.

Попусто морето се креваше високо
Да бара пророштво.
Ноќта беше во ек и не забележа
Кога навалија есените
Кои би изгладиле, можеби, пат во Рајот.

Сега, ако се упатам низ аортата на ветрот
Како ескадрила од пеперутки,
Би си ја замислила осаменоста како се смее
Низ бурата како низ ведрина.

БИ САКАЛА ДА СУМ СОУЧЕСНИЧКА

Ја купував неверноста на денешниот ден.
Не знам кога, од каде наиде утре.
Бев согласна за бура прашања,
Скитање низ слана
Појдена на лов многу пред време.

Ја носев вината
А како да сакав да бидам соучесничка.

ФЛОРЕНТИНА ЛОРЕДАНА ДАЛИАН

ЕСЕНСКИ КАПРИЦ

Те гледав како есенски каприц
Добиен подарок на денот на бесплатното возење;
Преку рамо ти се прелеваше пладневно сонце,
Покрај нас, лисјата беа носени од ветрот
Како парталите од ураганот Катрина,
По ќелавото поле, отаде градот.
Прегрнати, изгледавме поблиски,
Но во умот, во срцата не отчукуваа далечините,
Како стар часовник
Премногу рѓосан, премногу вратен во времето...

КОНТРАДИКЦИЈА

Една жена ми беше рекла:
Да се браниш во твојот живот
Од љубовта на мажите
Како од трње.

Се насмеав
Не ѝ поверував.

Друга една жена ми рече
Кога се обидував да си ги штитам стопалата
Од еден трн.
Не варди се
Тој нема да те рани
Доколку доволно го љубиш.

Ѝ поверував
И лошо сторив.

КОНСТАНТИН ЃЕРЃИНОЈУ

ДВАЈЦА

Дефинитивно разделен,
пресечен на две хемисфери,
едната населена со бесрамност,
другата со неволја,
едната испогазена од светлината
на жолчките,
другата испогазена од мракот
со мед...
Не можам да опстојам во мене
и бегам
во лудило по полињата
па погледнувајќи назад
гледам
дека двете хемисфери
си објавуваат војна.
Боже, зошто ме туркаш
во пропаст?
Зошто ме создаде еден
а не двајца?

КРИЛАТА НА КОПНЕЖОТ

на Марк Шагал

Кога цртам птица
Токму во тој миг
Му ја грабнувам на живиот лет.

Кога ја сликам во еден простор
Во кој лесно си ги губи
Формата и боите на овоземна земја,
Токму во таа точка
И токму во тој миг
Друга птица летнува.

Таа лета со сиот блесок
Во формата на љубовта и во бојата
Која зашеметува...
Таа доаѓа од далечините,
Охо, од далечините...

ХОРИЈА БАДЕСКУ

Стари ѕидови,
од Бога и од луѓе
заборавени,
камења без возраст
од својот товар подарени
на земјата,
тули заспани во меморијата
на празнината
на кои тревата се искачува поблизу
до небото,
стари ѕидини
од кои дождот ги плакне
трагите на денот:
на денешниов,
на денешниов
и никогашен.

Во ова туѓо место
те придружува
само мртвата сенка на денот.
Зборуваш:
крвта на зборот,
молкот,
ти се слева на усните.
Во ова туѓо место
не си ти убиецот
на утрешниот ден
чекајќи кај перницата
на сѐ уште нероденио миг.

Избор и превод од романски на македонски јазик:
Димо Н. Димчев (Дина Кувата)

ГЕНКА ДИНЕВА БОГДАНОВА[*]

КОНТРАСТИ

Есен е! Дрвото повторно е оголено!
Свенато, обезволено, исчекува зима бела.
Со ледени прсти ветрот го дува,
со покривка маглата сива го завива.
Успокоено крајот си го очекува,
од врвот гарван жално го оплакува...

Но штом пролет го бакне страсно,
и милно го погали сонце јасно,
рој надежи – пеперутки шарени,
од студот заробени, живот ќе обдени.
Пак цвета дрвото – уште позаносно
и за плод се спрема – живо и радосно.

Бидејќи и Ти, Човеку, сред бури и неволја,
за момент си изгубил животна волја,
тажно се простуваш со денот следен,
со чувство на осуден и непотребен.
Како за тебе сонцето да не грее.
Како птицата за збогум да ти пее...

Но, насмевка топла, галовна, човечка,
брзо те потсетува дека тоа е грешка.
Дека после секоја болка и преиспитувања,
одново се раѓа душата полна со посакувања,
со надежи нови и мечти прекрасни
за да проживее нови среќни дни.

---

[*] **Генка Динева Богданова** (Тенево, Јамбол, 1950) живее, работи и создава во Јамбол, Бугарија. Пишува поезија, басни, раскази, есеи, хаику и преведува поезија од руски јазик. Нејзини творби се преведени на есперанто, француски, португалски, англиски, шпански, руски, украински, македонски и турски јазик. Добитник е на национални и меѓународни награди. Автор е на 19 книги со поезија и проза, 5 електронски книги со хаику и преводи, како и на десетици текстови на песни, сценарија и зборници со пиеси за деца. Коавтор е на повеќе од 60 литературни зборници во Бугарија и во странство. По професија е специјалист по читателска дејност и уметничка самодејност. Член е на Сојузот на независни бугарски писатели и на Бугарскиот хаику сојуз, претседател на Друштвото на независни писатели од Јамбол и раководител на лит. клубови „Пегаз“-Јамбол.

БЛАЗЕ МУ!?

Блазе на тој што грижи нема
и спокојно го спие својот сон!
Кој не го буди ни љубовта голема,
ни на мечтите сребрениот ѕвон.

Блазе ли? Не, не верувам дека во сонот негов
во спокојот сонет убавина цвета,
дека чувствува, дека живее, дека во светот негов
духот му скита, пее и лета.

Господе, јас не сакам толкав спокој,
дни и ноќи – поспани, безметежни!
Мечтаам чувствата како порој
да ме потопат – страсни, или нежни.

Со крилја и дух на неспокојна птица –
да летам над секоја здодевност сива,
да бидам и робинка и кралица,
да чувствувам, дека ме има, дека сум жива.

ЌЕ СЕ ВРАТАМ

Јас знам, ќе се вратам на таа планета!
Како житарка во градите ѝ вгнездена,
како нежен зрак небесна светлина,
како од Млечниот пат прашинка ѕвездена.

Љубовта на таа земја ќе ме врати!
Мојата љубов кон родниот, преубав рај.
Ќе копнеам небото над него да го ѕирнам,
горите и полјаните расцветани во мај...

Ќе ме вратат назад повикот на морето,
врвовите, исправените горди чела,
зашто ги носам во крвта, во срцето,
љубовта кон нив ќе ја претворам во крилја.

Превод од бугарски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

ЖЕЛЈАЗ АТАНАСОВ КОНДЕВ[*]

ДРАГИЦА

На мајка ми Стојанка

Меѓу Драгоданово и Есирлиј ја има еден километар, ја не, но пред неколку години немаше асфалтиран пат и за да отидеш од едното до другото село, мораше да појдеш со количка, коњ или пак со магаре. Мочурливо е местото и тоа е... Во зима, кога студот ќе ја вкаменеше земјата, беше лесно. Глетката на ливадите, немаат цена – бујни, преполни со детелина и диви цвеќиња. По двапати ги косеа, а при дожделивата година дури три.

Тенјо и Петар седнаа под дивата круша до реката да си се одморат по долгото замавнување на косите. Од торбичките си го извадија лепчето, сланината, по некоја главица кромид, потоа шишенцата со лута ракиичка. Убаво си поткаснаа. Тивкото ветренце го разнесуваше опојниот мирис на свежо косена трева и на билките. Оттука се собираа разлистените мирудии кои растеа во изобилство. Се сушеа, а потоа ги триеја да им мириса трпезата на луѓето до следната година. Некои дури продаваа и на пазарот во градот.

– Ха на здравје, Петре! Прво да ја наклепам косата. Биди си спокоен, потоа твојата без никаква глума...

– На здравје, батко Тенјо, Бог да те благослови! Се разбира, ти ме научи како да ја клепам косата. Инаку таа ќе си остане со крвчиња. Ако дозволиш, булката малку ќе ја скастриме...

– Млад си ти, Петре, млад... На твоите години јас на мраз да го потпрев, мразот ќе го стопев, во тесто да го бапнев, коритото го кревав... Иако поминав седумдесет години, не се давам на сегашниве млади, а пак ти...

Замавна со раката Тенјо, посетне ѓаволесто поднамигна.

---

[*] **Желјаз Атанасов Кондев** (Драгоданово, Сливен, 1945) е сопственик на издавачката куќа „Жажда“ и главен уредник на истоименото списание за литература. Автор е на неколку зборници со раскази, животописи, монографии и сценарија за документарни филмови. Негови творби се преведени на шпански, француски, турски, македонски и арапски јазик. Објавува во периодиката и учествува на научни конференции. Добитник е на национални награди. Претседател е на НЧ „К. Константинов’2013” од Сливен и член на управниот одбор на Сојузот на независни бугарски писатели.

– Таа работа е нешто како косидбата. По косачот ако ја гледаш тревата како мрцлавее, тој не е ниту за едното, ниту за другото. По него треба да е равно покосена како стрниште на жито. Одоздола да си се насмевнуваат новите тревички, дека си им дал сонце, живот! Така и жената... Нема ли да ти се смешка, не ѝ виде ли влага во очите, како да не си вртел добро со косата на ливадата.

Тенјо ги исправи градите, ги засука мустаќите, ја подзабриша устата со ракавот на кошулата, му заблескаа очите, а на ли-цето му цутеше насмевка. Си спомна за белата, за онаа нежната Циганка којашто му рече: „Слези да се одморам малку, дека пак...“

– Ајде наздрави, бај Тенјо зашто и мојата ракиичка чека.

– Бидете си раат, нема да остане. Зар такви мажи сме, та едно шише ракија ќе нѐ кутне!

– Такаа си е тоа, но нас работата нѐ чека ...

– Штом се расприкажавме за жеништата, ете се сетив на една убавица, како дете тетин ми раскажуваше, а пак на него дедо му... Еве токму тука, каде што стоиме, пред многу, многу години имало ан. Патот за Едрене поминувал оттука, покрај Езмене, уште се гледа каменот... Стралджа, Средец, Странджа планина. Ете, како што сега има бензински пумпи, гостилници, хотели по новите патишта и тогаш имало потреба од таквите нешта. Тогаш анот бил за сѐ. Им давал засолниште и храна на луѓето и на добитокот. Можеше да јадеш, да пиеш, можеше и да поспиеш, штом си многу изморен и штом те чека долг пат. И што е најважно – да се восхитуваш и на убавата анџијка. Тука поминувале многу карвани, дури и карвани со камили. Зошто викаат „Камилата на Иван од Есирлиј“? На времето неговиот пра-прадедо една вечер решил од анот да си украде едно малечко камилче. Така и направил, но не за долго, после тоа камилчето умрело, а сѐ уште било цицалче.

Ама во нивниот род прекарот си останал до ден-денешен. А што вино се леело тука... ама вино! Ја, погледни кон Балканот... Песоклива почва, на припек. Сето тоа од згора патот дури до Ајтос било со лозја. И тоа какви! Црвен мускат, афусали, димјат, виненкар... да не ти ги народјувам. Повеќето од нив веќе се изгубени, ги нема. Ами карл’ка, не го знаеш ти него, зрната му се шарени како јајце од мисирка. Ако решиме да го зачуваме гроздот, дури до ново ќе виси во подрумот.

– Остави ги ти лозјата... Другпат ќе поприкажуваме за нив. Кажи што стана со убавата анџијка? На кого личи?

Петар почна да се присетува на жените од селото и од околните населби. Не можеше да запре ниту на една, за да рече: „Како оваа ли, Бај Теннјо?“

– Анџијката ли? А беше ти била нешто како Патрунската Станка, Убавата Станка. Од сѐ кајшто сум чул за анџијката јас така и си ја замислувам. Витка, со тенка половина, насмеана, усни како со пендар изрежани, очи зелени, зениците ѝ искрат како sвезди, косите – меки како кадела спуштени до крстот, веѓите – вити везови. И што е најважно многу е паметна и храбра. Војводи и ајдути од Јаката некогаш кај неа наоѓале засолниште и храна. Гледај сега, по едно време, есирлискиот бег нешто наслутил. Ѝ испратил еден шпион, втор, трет... сите се враќале нагостени и ништо сомнително не забележале. Тогаш, бегот решил да испрати еден од своите синови. Го чекал цела недела... синот не се вратил. Конечно, испратил луѓе за да го приберат. Подзагреан, го нашле заспан на една маса. Го разбудиле, соопшувајќи му ја пораката од бегот дека треба да се врати. А тој – ни ум ни збор. Само размавтал со рацете одбивајќи да тргне со нив. Онемел, штукнал од нејзината убавина.

– Не мисли се бре, Бај Тенјо, зар толку беше?! Зар толку убави кадани има?

– Каданите си се кадани, ама како убавината на анџијката никаде ја нема. И си мислам... Во долгиот живот што не сум доживеал: пожари, земјотреси, поплави... Сѐ некако човек се справува со природата, ама со женската убавина никој не се изборил, никој маж не може да ѝ одолее на нејзината... По случката со неговиот син, бегот многу се налутил и решил сам да види каква е таа работа. Рано-рано го јавнал коњот, и решил утринското кафе да го испие во анот. Со него пошла и неговата свита. Штом влегол во селото, селаните станале, му сториле селам и му ја ослободиле најубавата маса. Испратиле абер, анџијката да дојде, а таа, очигледно, намерно се подзабавила. Бегот си се раскомотил, а гавазите му го запалиле тратот за лулето. Слатко си тргал од тутунот чекајќи си ја анџијката. Трпението веќе го губел, кога зад шанкот се покажала таа и со ситни чекори доаѓала кон неговата маса. „Добредојдовте во нашата гостилница, ефенди бег, Вашиот дочек ми причинува чест височество. Што ќе посакате, ефенди бег?“ И со ѓаволеста насмевка благо се поклони-

ла, под свилената кошула гмечејќи ги нејзините гради. За миг на бегот му се причини дека небесен блесок го осветли анот, а анџијката, насмеана како лак по дожд кога испраќа на земјата, спектар од нежност и женска убавина. Како гром да го удрил! Дури кога му го послужи кафето, тој ја поткрена раката, потстана од масата, ја стави пушката и сабјата на масата, а нејзе и стори селам со зборовите: „Машала, вонземна убавина! Голем грев ќе направам, ако ја збришам... Алах нека ми прости...“ На човекот додека е жив, меракот по женската убавина не му поминува. Трае дури до гроб.

– Потоа нели ја зел во харемот?

– Сигурено дека требаше да ја земе, ама тој беше бааги стар и болен... А до неговата смрт често доаѓал кај неа да си го испие кафето, да се порадува на нејзината убавина и да ја ослободи од секакви обврски кон беговината. А била почитувана меѓу Бугарите и Турците.

– А, како се викала таа анџијката, Бај Тенјо?

– Види, за името не можам да се сетам. Најважно е дека убавината е убавина, таа има само едно име – убавина! Чекај, чекај... Танас, Кондиовото момче, отворило локал близу автобуската станица, кое го беше крстил на неа. Како се викаше?...

– А-а-а, така кажи... Колку вечери таму сме минале со жената... Драгица, значи. Е, зошто името ѝ е многу убаво! Носи милина на душата. Драгица... Чекај, колку што знам, на времето во нивниот двор во мај имало казан...

– Имаше, но за тоа малку посетне. Да земам да ти расправам пак за Бај Желесчо Кондев... Ама ако ја продолжиме приказната, ќе останат ливадите непокосени. Ајде на здравје, Петре. И твојата ракиичка ја бива! Да се фатиме повторно за работа, додека сонцето бааги не се дозавлекло зад Есирлиј...

Се слушна тивкото сржење на косите, по нив тревата и билките рамномерно се полагаа на долги мирисни бранови. Искосените патеки жедно го голтаа сонцето, се раѓаше нов живот.

Превод од бугарски на македонски јазик:
Петко Шипинкаровски

ВАЊА АНГЕЛОВА[*]

ТАНГО

На Марина и Ицко

Грациозност и сензуалност и страст...
В прегратка самовилата молчи
Мажот над неа има целосна власт
капата му е ставена ниско до очите
По нејзината кожа неговиот здив
Замолкна и сосем се возбуди
Гитари... мириси... морски здив…
Две струни в тангото – јас и ти.
Крвта клокоти во горешто страсно тело.
Месечина сјајна во мојот сон блеска
Во твоите раце ги извивам своите гради
Мојот пулс во ритамот бие
Ги испреплетовме и прстите и душата.
Во ритамот на танцот се вртиме.
Од моите усни в миг паѓаш в искушение?
Тогаш жедни нека ги припиеме
Срцата за вечност и природен повик!
Тангото е магија и живот.
Нема ниту една љубов слична на нашата!
Не сакам да раскажам анегдота
за чекорите нестрпливи на смртта
којашто во играта е аматер.
Пластично си ја прикрива суштината
И бара соодветен партнер.
Почувствувај ме, танцувај денес за мене,
уметнику на форми најраскошни!
Плен сум на твоите движења.
Да бидеш заљубен не е ништо страшно!

---

[*] **Ваня Ангелова** (Црвен брег, 1967) е докторант на Великотрновскиот универзитет на катедрата за современ бугарски јазик. Автор е на седум книги поезија од кои последната „Кочијата на времето“ е издадена на бугарски, македонски, англиски и српски јазик. Автор е и на седум историски книги. На бугарски јазик превела неколку дела на руски, македонски и српски автори. Нејзини творби се читаат во Германија, Шведска, Македонија, Србија, Русија, Албанија, Полска, Норвешка, Ерменија, Јапонија, Италија, Канада, Австрија, Индија итн. Преведува од руски, македонски, српски и полски јазик.

По мојата кожа твојот здив трепери.
Волшебството пак ме обзема
Две струни во тангото – јас и ти –
Желба достојна за поема.

ПРИЧИНА

Заплива бела месечина
По темниот небесен свод
Не ме виде и ме одмина
Во својот незапирлив поход

Тогаш во рајската градина
го откинав забранетиот плод
и го вкусивме со тебе двајцата,
и целиот човечки род.
Го почувствував мирисот на јасминот,
На топол дожд и кислород.
Која е вистинската причина
За тебе, неповторлив животе!?
Што ме тера да се будам
Во ноќите со силен плач?

Одвај можам да го присилам
платениот неук чкртач
кој сè продал за шише вотка
да напише песна за воспев
се присенува, пристигнува кротко
скриен зад черепната карпа,
каде што во секој миг судбината
како да си ја дава душата на Бога.
Зарем од царските палати
повикот за љубов твој го слушнав?
Месечината бела ме одмина
Во својот огнен поход
Да бидам тука ти си причина
единствен мој омилен животе!

СРЦЕ ЗА ЛЕТАЊЕ

Немам нормална перница, ни кревет и јорган
И телото болно ме тресе

Немам шал од лисица, ни палто астраган.
Имам само срце за летање.
Ги имам сите простори, неба, ѕвезди.
Се опивам од свежиот воздух и земјата.
Дај ми време, живот, и душа без узди,
за да не ја расфрлам судбината сепак
по темните агли, каде што нема сонце,
за да ја грабнат вампири и вештерки!
Гледам капки од крв – црвени флеки -
Мојата крв на стара хартија.
Секој ден располагам со желби и копнежи,
со буен темперамент и химери далечни,
со топли струи од дожд по пороен врнеж,
Со куп невоздржани стремежи, вечни.
Секоја ноќ имам нескротливи коњи
Со златен рог, и пегази, и музи.
Со нив трчам на сон... Љубовта ме обзеде,
Во бела блуза и со румени образи!

Нека светат над провалиите нескротливите месечини,
Дури ништото кротко дреме!
Таа – душата – жена е, како сите жени!
Имам само срце за летање!

Превод од бугарски на македонски јазик:
Милица Димитријовска-Радевска

ПЕТКО ГЕОРГИЕВ ИЛИЕВ[*]

ЗАБОРАВИВ

Заборавив да ти се јавам, да ти кажам прости,
заборавив и тивкиот ветар да го замолам,
да дојде кај тебе да ти шепне в зори,
дека уште сум ист,.времето го бркам.

---

[*] **Петко Георгиев Илиев** (Тополовград, 1965) завршил физика и математика на Пловдивскиот универзитет „Паисиј Хиландарски“. Автор е на драмските текстови „Историјата на Марија“, „Не е за верување“ и „Нели ти реков“. Учесник е и добитник на неколку награди од Меѓународниот конкурс за преводи на поезија во Москва. Работи како инспектор во детската педагошка школа во Тополовград.

Заборавив да пратам и топол дожд.
во прашината со прст да напише „те сакам“.
заборавив, но болката дојде одненадеж
Лудо забрзан след мислите трчам.

Заборавив на нашата стара месечина,
а можев по неа писмо да ти испратам.
Прекрасна да слезе кај тебе ноќта
и двете за мене да разговарате во темнината.

Дури не порачав ни по топлиот зрак,
низ ролетните наутро кога ѕирка,
да влезе кај тебе како вистински маж,
кој гори од страст по невина девојка.

Заборавив, но еве доаѓам кај тебе,
му оставив на времето тоа да ме тера.
Денес нема да ги сложувам мислите по ред,
„Те сакам“, усните сами ќе шепотат.

ТАНГО

На танц покани ме, но не разбрав,
тоа ли е тангото на животот,
софистициран изглед, мрак и страст,
оддаваш сè со ѓаволско задоволство.

И здраво држи се за мене,
од ритамот не смеам ни да мрднам,
само наликува на танц, а во заробеништво,
ме држиш, сакам да си заминам.

Сè уште на почетокот сме одвај
а започнувам да разбирам од тангото,
го почувствував и нови правила
наметнуваш во животот.

Одново мрак и потоа светлина,
во центарот на вниманието си, што навредува,

танцуваме по подиумот, празнина
навлегува во мене, мислите беснеат.

Дали да престанам со тангото сега,
или со тебе до крај да го сонувам,
ме водиш ти, а страшната судбина
конците ги повлекува, а јас пак танцувам.

На танц покани ме, сега разбрав,
не требаше по тебе да се залажувам,
играј самата, нели си Самотија,
што ако ме сакаш, јас си заминувам.

Превод од бугарски на македонски јазик:
Милица Димитријовска-Радевска

ПАНАЈОТ ЈОРДАНОВ МИТЕВ[*]

ЗЕМЈА

Ти бисер бесценет во безграничаната
Вселена.
Земјо хранителке, мајчице света,
убава и нежна, свежо зелена
ни даваш воздух, леб, цветови.

Но денес во горите прекрасни наместо
распеани птици,
како гаврани грачат моторни пили
снагата ти ја стегнале перки и жици
огромни и страшни сиви бетони.

Сонди ги дупчат мочуриштата, нивите, морињата...
За пустото црно, и жолто злато.
В агонија ти трпне снагата клета
па како ќе живееме без тебе богато.

---

[*] **Панајот Јорданов Митев** (Сливен, 1958) поезија пишува уште од ученичките денови. Автор е на стихозбирката „Тлее блескав жар“, а во подготовка е и втората „Дури и во сонот те сакам“. Живее и твори во родниот град. Член е на Сојузот на независни бугарски писатели – Софија.

А со денови од небото оловно лееш солзи
трепериш, од ужасот се тресе Балканот,
и пак тебе те обвинувам дека си грешна
ќоше не остана од тебе неуништено.

Те уништуваме за куфери полни со пари,
а божем богатствата човечки ги градиме,
но со таа неуморна алчна ненаситка
ја сечеме веќе гранката на која стоиме.

ОТКРОВЕНИЕ

Научив веќе без солзи да плачам.
Можеби ги кријам длабоко во душата.
Чувствата што умираат ги допирам сам во самракот,
од бурни љубови – жални остатоци.

Во херојски пози ги преземам мирисите
од виртуелни пријатели, од Ориса.
Да го преземам достоинството по тротоарите
утеха и вера ми беше Месијата.

Научив силно да ги стискам тупаниците,
но не за борба лута, туку да го уништам гневот.
Ја наведнувам главата пред безобразните ајдуци,
а како нив да грешам едвај се воздржувам.

И се прашувам: Треба ли вечно да бидам?
Под нозете на гаврани црни-бескрилни,
со солзите машки сам да се судам
и мојата душа веќе остана без сили.

Превод од бугарски на македонски јазик:
Милица Димитријовска-Радевска

ФОЛКА ЗИЛАФ[*]

БРЕСТОВИ

Доколку си отсутна, нема да можам да зборувам со тебе.
Доколку си отсутна, сепак ќе можам со тебе да зборувам
како што зборуваме ти и јас, секој чувствувајќи ветар врз
образите. Третото меѓу нас двајцата

повремено ги продлабочува поединостите, секој збор кажува
друг збор, шепотејќи како што попатно ветрот
прошепнува една реченица, превиткува гранка од некое дрво,
она таму, каков ветровит налет. Толку безопасно звучи тоа,
бучење, бушавење

притоа со сета сила, оркански длабоко, прескокнувајќи во една
поинаква стварност од онаа, во која што ветрот сам
пее, сечилата ги остри: дојдоа Цигани во селото
на несвршените нешта, острачи на ножеви, забите
на ветрот да ги избројат, (изострат), брестовите пред собранието
наведнуваа глави, беа сосема слудени по

сопственото бресто-бучење. Такви би требало да бидеме, своите
глави да ги доближиме безгрижно, на ветрот да се предадеме

---

[*] **Фолка Зилаф (Volker Sielaff)**, лиричар, публицист, литературен критичар и приредувач на литература, е роден 1966 г. во Гросрерсдорф (Обалаузиц), Германија. Живее во Дрезден. Неговите песни се преведени на англиски, чешки, француски, кинески, арапски и др. јазици. Во 2003 г. издавачката куќа zu Klampen ја објави неговата поетска збирка „Разгледница за Нофретете (Postkarte für Nofretete)“, за која во 2007 г. ја доби наградата Lessing-Förderpreis. Во 2011 г. ја објави поетската збирка „Автопортрет со џуџе (Selbstporträt mit Zwerg)“ од издавачката куќа Luxbooks Wiesbaden. Следната 2012 г. го објави уметничкиот перформанс „Paradise Morning“, заедно со Клаудија Ре (Claudia Reh) и Патрик Бек (Patrick Beck) во Дрезден. По налог од Taipeh Book Fair Фондацијата, по повод Франкфуртскиот саем на книгата 2009, ја приреди Антологијата „Хумор на облаците – Модерна Лирика од Тајван“. Во колумната „AufTritt Die Poesie“ на литературното списание „Јазикот во техничкиот век“ кое излегува кај Literarischen Colloquium Berlin, Зилаф редовно претставува лиричари од источна и југоисточна Европа. Учествувал на интернационални фестивали на поезија (во Нови Сад, Берлин и Сопот, Полска). Сооснивач е на Литературниот Форум Дрезден, а моментално е и негов претседател.

и да отповикаме, ништо
да не отповикаме

ФОРМУЛА

Некојпат тоа ти е до трогателен кич.
Но тоа се слаби мигови.

И пак мраз, острина,
спротивност од уметноста на ракотворбите.

Заедно заврзани за таа една формула
што значи тоа?

Ние сме мотичиња за мраз, нашето секојдневно чукање
во брег. Насуканици.

Сферен облик, избавение
да се биде дете не се сторува
само од себе си.

НОЌ НА МЕСЕЧИНА

Од месечината оживеани сенки
на товари ноќни риби налик
а особено на полна месечина

Кога ќе ја кренеш ролетната
тие бегаат
(тоа оди брзо, бидејќи постојат

длабоки води.)
Ноќните риби можат да се свиткаат
до следното утро:

Кога ролетната
ќе падне
тие побегнале.

Превод од германски јазик: Верица Тричковиќ

ЕВА КОВАЧ [*]

МОЕТО МАЛО СРЦЕ

Те вгнездив во македонска песна, мое мало срце.
Ја имав таа љубов, како никогаш досега,
како што имавме љубовна среќа, штом таа дојде,
дури и ако е тешко...
При запирот ми беше прва мисла;
невидна и можна, какви што се земјите на мелосот.
Сè друго се скршило на меѓите меѓу браќа;
и науката и верата, и бојата на небото,
но ти, мое мало срце,
ти си како дланка, која милува...
Од нејзините црти се завртив кон југ,
и сега се вијам,
како ноќите од минатото
пред мене,
бесконечно
растопувајќи се
во тебе.

НЕЖНОСТ

Погрешно ме гледаш, ме слушаш,
ме имаш, и јас деновиве
само со нас се справувам...
А тука си.

Како простор, каде може
најдобро да се свијам,
и домот да е дом,
без оглед на сè...

---

[*] **Ева Ковач / Eva Kovač** (Целје, 1977) е словенечка писателка и поетеса. Нејзиниот прв роман „Три точки“ (2005) ја доби наградата на Фестивалот на млада литература во Уршка, а вториот „Сонцето заоѓа во Целје“ наиде на огромен одзив кај читателите. Во нејзиниот нов литературно-музички проект „Love Affair“ соработува со музичарот Игор Безгет.

Грешно те гледам, те слушам,
те имам, а тука сум.
Во верата безгранична,
каде срма меѓу нас спие.

ПРОСТУВАЊЕ

Некој се пресели и замина.
Ноќе, кога звуците се јасни, гледам, дека сум празна
како дом запустен од будали...
Нешто исчезнало, нешто тешко;
зрел плод со години што гние во градите,
и градите те болат секоја ноќ,
години по ред...
Клокот, шепот и воздушен трепет
ме успиваат во пригушен звук од авиони и тешки камиони,
светот што го прободувале, па гитари го смирувале...
Конечно, само мир останува.
Како собран насад
и нежни, голи гранки
пред пролет.

Превод од словенечки на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

РОБЕРТ СИМОНИШЕК[*]

КУЌА

Со задоволство би застанал тука
можеби за некој месец
можеби за некоја зима

Животите се помалку предвидливи

[*] **Роберт Симонишек / Robert Simonišek** (1977) е словенечки писател, поет и критичар. Доктор е на науки и автор на шест книги објавени во Словенија и во странство. Овие песни се од неговата последна книга поезија „Селидби“.

од написите во весникот, коишто стојат
на исто место како и вчера,
карикатура, опиена од моќ,
посветла од најтенката чаша,
која додека полетува кон подот се распаѓа,
и не ми пречи во промислата за одлуката.

Не заматувај ме, ќерамиката не блеска,
ако ментешињата се огласуваат затегнато
и прозорците го пропуштаат остриот зрак
и полноќта ја нагризува спалната.

Со задовоство би ги собрал мислите под овие покриви,
би ги наслушнал варијациите на ехото,
ќе се вратам низ долгиот ходник
и ќе се пресликам во есенска сценографија.

Сите избледени животи беа
нерешителни да склопат примирје,
во мигот на опасни краишта,
понекогаш во придружба на сојузници.

Нека белите ѕидови се издигнуваат високо
и ги забаваат движењата,
уморни од движењето по тротоарите,
за да седам долго покрај огнот
кој зад мојот грб црта приказни.

Со задоволство би застанал тука
и отргнатиот патен лист би го предал на мигот.
Потоа ќе ја заклучам влезната врата
и би заминал од иста причина
пред ноќта да го достигне максимумот.

ЕЗЕРО

Понекогаш наутро, понекогаш навечер,
независно од мене
никогаш не беше.

Таа примамливост на водата,
да нѐ привлече кај себе
со некоја телепатска милина,
нема потреба да се објаснува.

Ништо не се случува,
трските од езерото пловат кон зелените планини
и растрганиот облак се приближува кон лебедите,
кога метар и половина сом се изви
од дното и ја вознемири раката на рибарот.

Едрото се сви од ветрот
и веслото застана во воздухот,
доволно за да го одмине
и да ја тргне гранката од патот,
можеби препозна познато лице
или седна на работ каде реката се одделува од својот тек.

Понекогаш во утрините, понекогаш навечер
независно од мене
тоа нема да биде.

И да останам во сето тоа,
не постои никаква разлика
меѓу момчето кое го зема каменот
и го фрла колку што е можно подалеку,
и мене којшто низ друга мембрана
го фрлам тоа што ќе биде напишано.

Пред дното нѐ штити површината.
Круговите кои се шират
зад нашиот грб –
единствена трага на таа тивка игра
која трае од утро до вечер.

Превод од словенечки на македонски јазик:
Милица Димитријовска-Радевска

ТОМО ПОДСТЕНШЕК[*]

МОЖЕШ ДА МИ КАЖЕШ

Маж пие пиво, жената покрај него од чашка за маргарита пивнува некаков светло-црвен пијалок со мало чадорче. Нејзиното име е Ана, а неговото Мартин. Парот за некое време, ако не се случи нешто непредвидливо, на дваесет и први август ќе ја празнува втората годишнина.

Нивниот разговор е соодветен на тоа. Без големи теми и со огромна тишина измеѓу; што кому се случило на работа, што има вечер на телевизија и што е неопходно да се испазари. Брашно, мармелад и житарки. И масло, ќе им снема масло, се сети Ана, која голтна уште една кратка голтка, при која врвот на чадорчето скоро ѝ се забоде во носот. Потоа повторно молк. Гледаа во ретките минувачи кои заспано кружеа околу споменикот сред малиот плоштад. Мартин се прозевна и се истегна. Досадно му е, попрво би разговарал за нешто поинтересно и затоа без многу размислување ја праша која е нејзината најголема тајна. Ана за миг се здрви. Потоа полека ја спушти чашата на масата, ја голтна плунката, што ѝ се собра во устата, и го погледна со сомнеж.

– Што сакаш да кажеш? – го праша.

– Па, тајна, но... Нешто, за што не си се доверила никому. Или нешто за кое најмногу се плашиш дека некој некогаш ќе го обелодени.

– Оф, навистина не знам...

– Се разбира дека знаеш! – Мартин нестрпливо ѝ се вметна во зборот. – Се разбира дека знаеш, стопроцентно сум сигурен дека токму сега помисли на тоа. Сосем ненамерно, се разбира. Но помисли! На некој настан или нешто друго, што го криеш од сите.

– Не ми е до филозофирање, – Ана се заозбили и ги стегна усните.

---

[*] **Томо Подстеншек / Tomo Podstenšek** (1981) е словенечки писател кој живее и создава во Марибор. Пишува романи, кратка проза, литература за деца и драмски текстови. Автор е на три романи („Лифт“, „Пресуда во име на народот“ и „Сред пајаковата мрежа“), како и на збирката раскази „Возење со црн велосипед“.

– Не е за филозофирање, само разговараме. Инаку, ти си таа што секогаш нагласува колку е значајна искреноста... Не можам да разберам зошто би морала било што да криеш од мене.

– Секој пред секого нешто крие.

– Мислев дека ние двајцата не сакаме да бидеме како останатите.

– Никој не сака да биде како останатите. Но сепак си наликуваме, како јајце на јајце.

– Кој сега филозофира? Ајде, не избегнувај. Ако ти е непријатно, можам јас прв да почнам...

– Не, не почнувај, – Ана нервозно го прекина.

– Зошто да не почнам?

– Но, јас не сакам да зборувам за тоа, океј?

– Не те терам со сила, само не ми е јасно, зошто не.

Ана го зеде црвено-сино-жолтото чадорче од чашата и го заврти меѓу прстите, така што боите се заматија и се измешаа.

– Можеби ми е страв, дека потоа не ќе сакаш веќе да бидеш со мене, така? – рече малку потивко.

Мартин гласно се засмеа и замавна со главата. – Па нели наводно ме познаваш! Мене можеш да ми кажеш, без грижи, не сум јас од вчера.

И навистина беше така, доживеал сѐ можно, и повеќе од тоа. Особено што се однесува на жените. Една од неговите поранешни девојки по неколку месеци му призна дека додека била студентка заработувала со играње во порно филмови. Во прв момент тоа малку го шокирало, но и толку го вознемирило, што сепак останал со неа. Навистина, понекогаш сам себе се прашувал ова и она... Но генерално премногу не се грижел за она што оди со тоа, нити за било што во врска со тоа. Потоа имало и други, сите повеќе или помалку чудни, со поголеми или помали специфичности...

– Ќе видиш дека ќе ти олесни, ако ми кажеш, – со показалецот нежно ја помилува по зглобот од раката. – И секоја таква работа, која нѐ запознава еден со друг, нас многу подобро ќе нѐ поврзе, па дури и ако е толку глупава, ненормална или неморална... Особено ако е ненормална или неморална!

Ана продолжи тврдоглаво да гледа во испишаното чадорче кое многу бавно го вртеше меѓу прстите. Налет на ветрот го крена работ од покривката на масата. Мартин ја испружи раката, ги исправи наборите и без потреба уште неколку пати ги измазни со дланката.

И потоа Ана почна да зборува.

Кога околу половина час подоцна ја заврши својата приказна. Мартин неподвижно зјапаше во бронзената статуа сред плоштадот. Ја гризеше долната усна. Собираше сила повторно да се заврти кон неа и да ја погледне в лице. Кога конечно успеа, столицата до него веќе долго беше празна.

Превод од словенечки на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

ЈЕЛЕНА БУЈЕВИЧ[*]

ДУША

Запишано е душата моја
в гроб да оди кога и душата твоја.

Немој да брзаш, душо моја, чекај!
Најдоброто настанува дури на крај

денови и ноќи што со плачот дерат
и тоа што сме се виделе вчера.

Од тоа се тресам, сѐ ми се врти,
од разделбата се плашам како од смрт,

дека во часот последен, кога ќе мине сѐ,
нема да испуштам душа, туку две.

ПОЈАВАТА НА КАЈСИЈАТА, КОЈА РАСЦУТИЛА

Изгледот на Јапонецот старост ти дава.
Кривогледо гледаш додека Сонцето свети,
и гледаш: тивкиот звук што настанува
кога од гранката на кајсијата замав се сети.

---

[*] **Јелена Бујевич** живее во градот Черкаси во Украина. Работи како новинар. Ги завршила Музичкиот колеџ во Черкаси како професор по клавир и Московскиот литературен институт „А. М. Горки“, насока поезија. Автор е на збирките поезија: „Душа-скитница“ (1994), „Мојот наивен речник“ (2004), „Во средината“ (2004) и „Елица“ (2011).

Нејзините стихови се објавувани во многу книжевни списанија, алманаси и антологии во Русија, Украина и Белорусија, а преводи на нејзини творби се објавени во САД (на англиски) и во Србија (на српски јазик). Член е на Сојузот на писателите на Русија и на Асоцијацијата на украинските писатели. Преведува поезија од српски, полски и украински.

Престигнала черешна и јаболкница,
Земјата за миг ја посетила,
да би те, во неземската трескотница
гушнала, покрила, утешила.

Како да ја отвори вратата на Рајот
и стои тука каде доброто застанало
тебе заблуден те гледа од крајот –
тоа планинско дрво расцветало.

Насекаде околу се до битките на патот,
лаежот на пците и човечкиот бег.
И како звуци од челесте им е летот –
од кајсијата радост, сладост и снег…

БРОД

Брод напуштен на отворено море,
скршен јарбол гледа во висина.
Едрата уште се виорат горе
живот сличен на руина.

Од сите страни ветрот атакува,
ги гони птиците, гранките ги крши...
Оној кој најмногу посакува
тој со многу малку ќе заврши.

Не тажи, подобро е така,
ќе даде Бог на крајот нешто.
Тој нас секогаш повеќе нѐ сака
само луѓето не дознаваат сешто…

Превод од руски на српски јазик:
Душица Мрђеновић
Превод од српски на македонски јазик:
Петре Димовски

СОДРЖИНА

П Р О З А

5 Владимир Костов
Анаќе

8 Никола Кочовски
Очите гледаат, устата испазарува

17 Петре Димовски
Збунети пчели

20 Зоран Пејковски
Серафим и професорот

П О Е З И Ј А

25 Радован П. Цветковски
Исповед, Дојден да стареам, Под мојата стреа, Од обете страни на прагот, Сушата, јас и соседот, Шупливо пријателство, Дијалог со стравот со оној отаде стерната

29 Љерка Тот Наумова
Узреа зборот, Беззвучно онемување, Бега мигновен молскот, Едно име без одговор, Несовршенството на каменот, Копнеж, Расветлен ум, Пробиен цветниот молк

33 Тодор Чаловски
Барање соговорник, Sидање мост врз платното, Музеј, Изложба, Исто не е

37 Панде Манојлов
Богатство, Оставете ме сам

39 Кире Неделковски
Сознание, Нежности во креативната енергија..., Молчиме со Иван Чаповски, Испосница, Слоештица... Петровден...

43 Братислав Ташковски
Каде?, Патот, Чуденка, Порака 2, На небото сакам да читам, Подготовки

47 Борче Панов
Како на небото – така и на земјата, Фосилизирана недоумица, Миќеланџело, Куќна пајажина, Прозорец

51 Виолета Танчева-Златева
Доста беше, Семнежна, Она што останува, Доволно за почеток, Лукава, Знакот

55 Мирјана Стојановска
Џез во двокреветна соба, Џез во другата соба, Дводневен ден, Бело, Птици, Буковски

59 Весна Мундишевска-Велјановска
Дрво на осамата, Jansa

62 Елизабета Јончиќ
За друг, Водата, Раскос

64 Игор Крајчев
Моите кругови, Човек со предрасуди, Летачите со едно крило, Чекачот, Крик во В-дур

68 Билјана Димко
Надежна, Сено

69 Никола Илијовски
Кога не мора ништо да се прави, Наеднаш, Не те прашав, Немаме друга алтернатива, Ништо повеќе, Додека се обидувам да не мислам ништо, Јас и векот, Битие

73 Виктор Јакимовски
Пред сонот, Така се раѓа песната, Лет со падобран, (Не)пишани правила

С Т У Д И Ј А

79 Васил Тоциновски
Дубровничкиот период на Константин Д. Петкович

Д Р А М А

93 Трајче Кацаров
Подредено гостопримство

К Р И Т И К А

105 Петко Шипинкаровски
Врзување на планински вибрации

108 Милица Димитријовска-Радевска
Поетската аура на ветрот и времето во поезијата на Панде Манојлов

СОГЛЕДБИ

115 Јордан Плевнеш
За уметноста на зборот од македонско-јазична гледна точка

120 Александар Прокопиев
Антиупатства за лична употреба

122 Стефан Влахов Мицов
Македонско-хрватски книжевни врски преку делата на современиците проф. Васил Тоциновски и проф. Горан Калоѓера

132 Христо Петрески
Нови театарски форми, клишеа и униформи

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

143 Жарко Миленик̀
Патот на изворот, Улицата на мрачни работилници

145 Александар Николик̀
Години на учење

147 Борис Марик̀
Онеирологија, Големата депресија, Вовед во сонот

148 Шефко Калопер
Вистина, Посавска, За кучињата

150 Мирјана Ѓапо
Кафез за ретката птица, Раскажување на сонот, Лице на кловн

152 Ернад Осмик̀
Бог во поткровјето, Сѐ на свое, Бескорисен

154 Хакија Карик̀
Последен танц, Војничка, Едра

157 Ѓеорѓе Добре
Јагнешката неупатеност, Чистењето на улицата

158 Дан Елиас
Најличниот лажго, Мугри

159 Адријан Ботез
Занает, Колку пати

160 Костел Буноајка
Скитам во незнаење. Време е за друга љубов, Тажачка в мугри. Забрането љубење. Дозволено умирање

161 Виорика Ѓеорѓе
Судбина, Би сакала да сум соучесничка

162 Флорентина Лоредана Далиан
Есенски каприц, Контрадикција

163 Константин Ѓерѓиноју
Двајца, Крилата на копнежот

164 Хорија Бадеску
Стари ѕидови, Во ова туѓо место

165 Генка Динева Богданова
Контрасти, Блазе му!?, Ќе се вратам

167 Желијаз Атанасов Кондев
Драгица

171 Вања Ангелова
Танго, Причина, Срце за летање

173 Петко Георгиев Илиев
Заборавив, Танго

175 Панајот Јорданов Митев
Земја, Откровение

177 Фолка Зилаф
Брестови, Формула, Ноќ на месечина

179 Ева Ковач
Моето мало срце, Нежност, Простување

180 Роберт Симонишек
Куќа, Езеро

183 Томо Подстеншек
Можеш да ми кажеш

186 Јелена Бујевич
Душа, Појавата на кајсијата, која расцутила, Брод

РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура

Издавач: Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
Жиро-сметка: 500000000616559
Даночен број: 4002008505311
Депонентна банка: Стопанска банка а.д. Битола

За издавачот
м-р Зоран Пејковски

Јазична редакција:
Прилозите се редактирани од авторите

Компјутерска обработка:
Весна Мундишевска-Велјановска

Дизајн на корица:
Миле Атанасоски

Печати:
„Графопром“ – Битола

Тираж:
300 примероци

Битола, мај 2015 г.

Прилози се испраќаат на e-mail адресата на списанието spisrast@yahoo.com во фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 и единечен проред.

Првиот број на „РАСТ“ излезе од печат во 2001 год.

ISSN 1409–9330 **УДК 82+7+008**